Проф. д-р БЛАГОЈА МАРКОСКИ

# ГЕОГРАФИЈА

за VII одделение во основното осумгодишно образование

Министерство за образование и наука
на Република Македонија
Скопје, 2009

## УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ

Рубрика наменета за наставникот и интеракција со ученикот како воведен дел на часот

Рубрика наменета за особено заинтересирани ученици

Содржини на лекцијата наменети за совладување на материјалот од страна на учениците

Помошна рубрика за работа на наставникот како завршен дел на часот




Нагледен визуелно картографски односно фотографски материјали

Табеларни податоци наменети за дополнување на содржините кои учениците не ги обврзува да ги учат наизуст. Податоците се за проширување на личните сознанија и култура.

Речникот на поими е наменет за појаснување на стручните термини

Рубрика за индивидуална работа на учениците која зависи од проценката на наставникот

*Предговор*

*Почитуван ученику, почитуван наставнику, тргнувајќи по принципот од поблизу кон подалеку, во седмо одделение ќе имате можност да се запознаете со географијата на Европа и на Азија.*

*Содржините се конципирани во шест теми во кои се разработуваат природно-географските, социогеографските и економско-географските одлики на Европа и на Азија. Во концептот на содржини во регионално-географска содржина се разработени регионите со државите во и надвор од Европа и Азија. Учебникот* ***Географија за седмо одделение*** *во основа се состои од две целини.*

*Една е содржината на лекцијата која учениците треба да ја совладаат и што да ја осознаат.*

*Втората целина ја чинат помошни методско-дидактички содржини главно наменети за работа на наставникот, поточно, станува збор за рубриките: Разговор, Прашања, Задачи, Дознај повеќе, Запомни, Речник на поими, разни картографски и фотографски прилози.*

*Рубриката* ***разговор*** *е наменета за воведен дел на часот и неа наставникот ја користи во интеракција со учениците.*

***Прашањата*** *се во функција на наставникот, заради повторување и утврдување на знаењата кај учениците.*

*Рубриката* ***Дознај повеќе*** *е во функција на позаинтересираните ученици и како материјал со кој наставникот ги надградува содржините.*

***Речникот на поими*** *е во функција и на наставникот и на ученикот, заради појаснување и прецизирање на употребените термини.*

*Запомни е рубрика преку која ученикот накратко ги утврдува најважните содржини.*

*Картографските, фотографските и табеларните прикази се за да се обезбеди визуелна претстава за регионалните и просторните одлики на териториите. Напомнуваме дека табеларно презентираните податоци се наменети за проширување на знаењата и на сопствената култура, но учениците не мора да ги учат наизуст.*

*Авторот искрено се надева дека според програмата соодветно се понудени неопходните содржини од географијата на Европа и на Азија.*

*Од Авторот*

# ТЕМИ И СОДРЖИНИ

## 1. ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЕВРОПА

- ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, ГРАНИЦИ И ГОЛЕМИНА
- БРЕГОВА РАЗГРАНЕТОСТ НА ЕВРОПСКИОТ КОНТИНЕНТ
- РЕЛЈЕФНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЕВРОПА
- КЛИМА И ВЕГЕТАЦИЈА
- ХИДРОГРАФИЈА

## 2. СОЦИОГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА ЕВРОПА

- НАСЕЛЕНИЕТО НА ЕВРОПА
- РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА ЕВРОПА
- ЕВРОПСКА УНИЈА

## 3. ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНИТЕ ВО ЕВРОПА

- ЈУЖНА ЕВРОПА
- ЗАПАДНА ЕВРОПА
- СЕВЕРНА ЕВРОПА
- СРЕДНА ЕВРОПА
- ИСТОЧНА ЕВРОПА





# ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, ГРАНИЦИ И ГОЛЕМИНА

### РАЗГОВОР

– Колку континенти има на Земјата?
– Кои се тие?
– На кој континент живееме?

### ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ

Името Европа потекнува од асирскиот збор **ереб** (заоѓање на Сонцето, запад), со кој Феничаните и Асировавилонците ги означувале териториите на запад. Подоцна тоа име се проширило за целиот западен дел од копното на Европа.

## ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА

Европа е западниот полуостров на најголемата копнена маса на Земјата, која се нарекува Евроазија. Иако природно е поврзана со Азија, **поради историските, културните, политичките и стопанските одлики се издвојува како посебен континент.** Во однос на екваторот се наоѓа на северната хемисфера, а во однос на почетниот меридијан со поголемиот дел од територијата се простира на источната полутопка. Се простира меѓу Средоземното Море на југ и Арктичкиот Океан на север и меѓу Атлантскиот Океан на запад и планината Урал на исток. Поточно, крајни точки на европското копно се:

| Место | Држава | Координати | Точка |
|---|---|---|---|
| ’рт Мароки | Шпанија | $36^{0}$ 02’ с.г.ш. | најјужна |
| ’рт Норткин | Норвешка | $76^{0}$ 06’ с.г.ш. | најсеверна |
| ’рт Рока | Португалија | $09^{0}$ 30’ з.г.д. | најзападна |
| на пл. Урал | Русија | $65^{0}$ ис.г.д. | најисточна |



*Положба и граници на Европа*

Наведената географска положба на Европа ѝ овозможува **излез на Атлантскиот Океан** и на **Средоземното Море.** Благодарение на Гибралтарскиот Проток и на Суецкиот Канал се одвива најмасовен поморски сообраќај во светот. Оддалеченоста од Африка е 14 км кај Гибралтар и 140 км кај Сицилија, а врската со Азија преку Суецкиот Канал, Босфор и Дарданели и непосредната граница према Азија (со должина од околу 4 000 км, од кои 3 300 км се по планината Урал и реката Урал и уште околу 700 км до удолината Манич) за Европа обезбедуваат **централна географска положба во светски рамки.** Во прилог на тоа е и комуникацијата на Европа со Северна Америка преку Атлантскиот Океан, на оддалеченост од околу 5 900 км.

***Граници***

Границите на Европа се протегаат по источното подножје на **планината Урал – реката Урал – Каспиското Езеро –удолината Манич – Црното Море – Босфор – Мраморното Море – Дарданели – Егејското Море – Средоземното Море – Атлантскиот Океан – Арктичкиот Океан.** Во Европа, покрај крајбрежните се вбројуваат и поголеми острови, како што се: Нова Земја, Земјата на Франц Јозеф, Свалбард, Мечкиниот Остров, Јан Маен, Исланд, Фарските Острови, Велика Британија и Ирска, како и островите во Средоземното Море (Сицилија, Сардинија, Корзика, Крит и многу други), со исклучок на Кипар и некои крајбрежни турски острови.

***Големина***

Површината на Европа со островите изнесува 10 508 384 км$^2$ , или околу 2% од површината на Земјата, односно околу 7,5% од копното на Земјата.

## ПРАШАЊА

– Каде е сместена Европа во однос на екваторот и почетниот меридијан?
– На карта покажи ги крајните точки на Европа!
– На кои мориња и океани излегува Европа?
– Зошто Европа има централна местоположба?
– Покажи ги границите на Европа на карта!
– Колку изнесува површината на Европа?

## ЗАДАЧА

Набљудувај ја картата на Европа и пронајди ги:
– морињата на кои излегува,
– планинските масиви,
– поголемите реки,
– поголемите острови,
– најкарактеристичните протоци

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА** – однос на географски објект (точка, населба, држава и сл.) спрема други географски објекти на Земјината површина. Најточно се одредува со помош на координати (најчесто со географска широчина и географска должина).
**ЕВРОПА** – континент кој од три страни излегува на море, а на исток е поврзан со Азија. Се протега од поларните области на север до Средоземното Море на југ и од Атлантскиот Океан на запад до планината Урал и реката Урал на исток.
**КОНТИНЕНТ** – најголема копнена маса на Земјата. Континентите меѓу себе се раздвоени со океани и мориња. Такви се: Евроазија, Африка, Северна Америка, Јужна Америка, Австралија и Антарктик. Од повеќе историски и културни аспекти Европа и Азија се сметаат како посебни континенти.
**ПРИРОДНА ГРАНИЧНА ЛИНИЈА** – разграничување на географските просторни целини по одредени природни линии, како, на пример, кога некоја граница се простира по река, по планински срт, по водоразделна линија и сл.



# БРЕГОВА РАЗГРАНЕТОСТ НА ЕВРОПСКИОТ КОНТИНЕНТ

### РАЗГОВОР

– Што се подразбира под брегова разгранетост?
– Која е разликата меѓу остров и полуостров?

### ПРАШАЊА

– Кои се таканаречените средоземни мориња во Европа?
– Што се фјордови и каде ги има?
– Што се протоци?
– Наброј некои поважни протоци околу европскиот континент!
– Кои се поголеми полуострови во Европа?
– Наброј ги поголемите острови што се наоѓат на Европа!
– Што се внатрешни мориња?
– Наброј некои од внатрешните мориња!

Европа со големиот број **полуострови, заливи, протоци, фјордови** и други абразивни форми се одликува со **најразгранета брегова линија** меѓу континенталните маси на Земјата. Големата брегова разгранетост е резултат на двете големи средоземни мориња, и тоа: Балтичкото Море и Средоземното Море, каде што се наоѓаат поголем број издвоени мориња, заливи, острови и полуострови.

Во северните делови на Европа **бреговата разгранетост** ја создаваат бреговите на Белото Море, кое со повеќе заливи длабоко навлегува во копното меѓу полуостровите Кола и Канин. Во Баренцовото Море се наоѓаат островите Нова Земја, Земјата на Франц Јозеф и Свалбард; **разгранетиот норвешки брег** има илјадници мали острови и многубројни тесни и издолжени заливи, наречени **фјордови**. Ваквата брегова линија продолжува кон западните делови на Европа, каде што од Северното Море преку **протоците** Скагерак и Категат меѓу Скандинавскиот Полуостров и полуостровот Јиланд длабоко во копното навлегува Балтичкото Море со Ботнискиот, Финскиот и Ришкиот Залив.

БОСФОР И ДАРДАНЕЛИ




ГИБРАЛТАРСКИ ПРОТОК



Бреговата разгранетост на западниот брег на Европа ја прават бреговите на полуостровот Јиланд, Нормандија, Бретања и Пиринејскиот Полуостров, како и островите Велика Британија, Ирска и Исланд. Во овој дел особено се карактеристични Северното Море, каналот Ла Манш и Баскискиот Залив.

Јужниот брег на Европа со трите големи полуострови (Пиринејскиот, Апенинскиот и Балканскиот Полуостров) и со многубројните поголеми и помали острови, како што се Сицилија, Сардинија, Корзика, Крит, Балеарските Острови итн.- е најразгранет. Почнувајќ и од Гибралтарскиот Проток, Средоземното Море се разгранува на повеќе **внатрешни морињa**, како што се: Лигурско, Тиренско, Јонско, Јадранско, Критско, Егејско, Мраморно, Црно и Азовско Море. Во наведените мориња се наоѓаат голем број заливи, од кои покарактеристични се Лионскиот, Џеновскиот, Трстјанскиот, Солунскиот, Коринтскиот итн.

Меѓу морињата се наоѓаат повеќе **протоци,** како што се: Гибралтарскиот Проток, Сицилијанскиот Премин, Месинскиот Теснец, Отрантската Врата, Дарданели, Босфор, Керчанската Врата, Ересунд, Големиот и Малиот Белт.

Бреговите на Европа се со должина од околу 41 000 км, што значи на секои 1 000 км$^2$ има по 4,1 км брегова линија. Со најголема разгранетост се одликуваат норвешкиот, хрватскиот и грчкиот брег.

На вака разгранетиот брег се **изградени голем број пристаништа** со мошне развиен бродски сообраќај, кој преку Гибралтар и Западна Европа се одвива кон Северна и кон Јужна Америка, а преку Гибралтар и Суецкиот Канал се одвива кон Азија и кон Австралија. Многу е значаен, условно кажано, локалниот воден сообраќај на европските пристаништа.



*Фјордови во Норвешка*

## ЗАДАЧИ

– Пронајди ги државите со најразгранета брегова линија!
– На карта пронајди ги морињата, заливите, островите и полуостровите кои ја прават бреговата разгранетост на Северна, на Западна и на Јужна Европа!
– На карта пронајди ги најважните протоци околу европскиот континент!

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ОСТРОВ** – помал или поголем дел од копното опколен со вода од сите страни. На пр: Сицилија.
**ПОЛУОСТРОВ** – дел од копното опколен со вода, а еден дел поврзан со копното. На пр:Пиринејски Полуостров.
**ФЈОРД** – тесен и длабок, често искривен залив кој по неколку десетини, па и стотина километри навлегува во копното. Фјордовите имаат стрмни и високи - скоро вертикални страни. Најкарактеристични се во Норвешка, на Скандинавскиот Полуостров.



*Св. Стефан – томболо*



# РЕЉЕФНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЕВРОПА

### РАЗГОВОР

– Што е релјеф?
– Каков може да биде релјефот?
– Кои планини ги знаеш во Европа?

### ПРАШАЊА

– Каков релјеф преовладува во Европа?
– Наброј ги најголемите низини во Европа!
– Наброј некои поголеми планински масиви во Европа!
– Кој е највисок врв во Европа?
– Што се тоа превали и отвори?
– Наброј некои вулкански планини во Европа!

### ЗАПОМНИ

– Европа е континент со околу 84% низини и 16% планински територии.
– Најпознати низини во Европа се Источноевропската, Панонската, Влашката и Ломбардија.
– Најпознати планински масиви во Европа се: Пиринеи, Алпи, Апенини, Динариди, Карпати, Скандинавски Планини.
– Вулкански планини во Европа се Етна на Сицилија, Ветна Јекул на Исланд и Псилоритис на Крит.
– Главни комуникациски правци и превали во Европа се превалот Бренер на Алпите, отворот по реката Дунав.

Територијата на Европа се одликува со разновиден релјеф. Во основа, преовладуваат **низински** и **планински** релјефи.

**Низините во Европа** зафаќаат околу 84% (60% се простори од 0 до 200 м, 24% се од 200 до 500 метри надморска височина), а само 16% е ридско-планински релјеф со над 500 м надморска височина. Најкарактеристична е **Источноевропската Низина** која од планината Урал и Каспиското Езеро на исток непрекинато се простира преку северните делови на Средна Европа, а потоа покрај западниот брег продолжува до планините Пиринеи. Ги зафаќа и источните делови на Скандинавскиот Полуостров и поголемиот дел од териториите на Велика Британија и Ирска.

Како посебни се издвојуваат **Панонската Низина,** по средниот тек на Дунав, меѓу Алпите, Карпатите и Динаридите, потоа **Влашката Низина** во долниот тек на реката Дунав меѓу Трансилванските Алпи и планината Балкан и **Ломбардиската Низина** во Северна Италија.

Наведените низини се главни средишта на населеност, густ сообраќај, комуникации и развиено стопанство во Европа. Во оваа смисла особено е карактеристична Прибалтичката Низина меѓу реките Лаба и Њемен.

**Планините во Европа** зафаќаат околу 16% од територијата. Тие не претставуваат компактна целина. Се издвојуваат неколку планински системи, кои главно се наоѓаат јужно од западниот дел на Источноевропската Низина. Орографски најкарактеристични се **Алпите** со највисокиот врв - Мон Блан (4 810 м), од каде што кон југ се протегаат **Апенините** со врвот Гран Сасо 2 914 м, **Динаридите** со врвот Маја – и – Езерце (2 694 м) и **Шарско-пиндските Планини** со врвот



*Низински територии*



*Глацијален релјеф*

Кораб (2764 м); а на исток се **Карпатите** со врвот Герлаховка (2 663 м), **Стара Планина** или **Балкан** со Ботев Врв (2 376 м), планините **Родопи** со врвот Мусала (2 925 м). Како посебни се издвојуваат **Скандинавските Планини**, **францускиот централен масив**, **Пиринеите** и повеќе планински масиви на Пиринејскиот Полуостров. Планински масиви се присутни и на поголемите острови, но најкарактеристични се **вулканските планини** Етна на Сицилија (3 269 м), Ветна Јекул на Исланд и Псилоритис на Крит.

Комуникацијата меѓу големата европска низина на се-вер и Средоземјето се одвива низ неколку покарактеристични природни **отвори** и **превали**. Такви се: превалот Бренер на Алпите (1 372 м) кој ги поврзува Германија и Италија, отворот по реката Дунав помеѓу Баварија и Виенскиот Басен, приморските рабови на Пиринеите, Ѓердапската Клисура меѓу Панонија и Влашката Низина и други.

На територијата на Европа се развиени повеќе типови релјеф, како: особено изразен флувијален, абразивен, глацијален и карстен релјеф, со поголем број котлини, височрамнини и платоа, како и песочни дини.



*Планински територии*

## ЗАДАЧИ

– На картата на Европа пронајди ги најпознатите низини!

– На картата на Европа пронајди ги поголемите планински масиви и нивните највисоки врвови!

– Сам/а или со помош на наставникот, на картата на Европа идентификувај ги териториите со претежно флувијален, глацијален и абразивен релјеф. Обиди се да нацрташ карта!

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ДИНА** – издолжен песочен бедем во пустините кој настанува со таложење на песокот под дејство на ветрови.

**КОТЛИНА** – вдлабнатина во релјефот на Земјината површина со најчесто зарамнето внатрешно дно, заобиколено со планински страни. На пример: Пелагониска Котлина.

**НИЗИНА** – простран зарамнет или благо разбрануван дел на копното, обично благо наведнат во еден правец, чија надморска височина најчесто изнесува до околу 200 м.

**ПЛАНИНСКИ МАСИВ** – јасно истакнато и пространо возвишение во релјефот на копното кое се издига од околните пониски и позарамнети терени.

**ПЛАТО** – пространа висока зарамнина, односно висорамнина ограничена со стрмни отсеци.



## РАЗГОВОР

– Што подразбираш под клима?
– Кои климатски појави и елементи ги познаваш?
– Дали се насекаде исти климатските услови на Земјата?



*Предел со медитеранска клима*

# КЛИМА И ВЕГЕТАЦИЈА

## КЛИМАТСКИ УСЛОВИ

Според географската положба, територијата на **Европа се наоѓа во умерениот климатски појас.** Во зависност од географската широчина, влијанието на океаните и на морињата, правците на движење на морските струи, правците на протегање на планинските системи, надморската височина на релјефот и правците на дување на ветровите - **климата во Европа е разновидна**.

Териториите на Европа, главно северно од повратникот, со островите Исланд, Нова Земја и други - се одликуваат со **суптоларна клима**.

Териториите покрај бреговите на Средоземното Море се одликуваат со **медитеранска клима** со температури до 40 $^0$C во лето и просечни врнежи од околу 750 мм годишно. Просторот меѓу овие два појаса се карактеризира со типична **умерена клима,** која во западните делови под влијание на Атлантскиот Океан (поради морската топла Голфска струја) е поблага, додека одејќи кон исток во внатрешноста на континентот (под влијание на континенталните влијанија




*Врнежи во Европа*

на пространото азиско копно) е релативно постудена. Во источната зона од Шведска и Финска и северните делови од територијата на Русија до Црното Море и Каспиското Езеро има големи температурни разлики. На север се присутни изразито ладни, снежни и ветровити зими, а на југ - жешки и суви лета.

Меѓу западната и источната климатска зона во Европа под влијание на планинските масиви се јавуваат разни модификации на климата: од **медитеранска, умерено континентална** до **типична планинска клима** карактеристична за Алпите, за Пиринеите, за Карпатите, за Динаридите, за Скандинавските Планини и други.

Во крајните југоисточни делови на Европа, во услови на мали врнежи и релативно повисоки температури, се чувствува **полупустински климатски тип**. Таа е особено карактеристична во Прикасписката Низина.

Општа карактеристика за климатските услови во Европа е тоа што врнежите се намалуваат движејќи се во правец од западните делови кон исток, (кои се под влијание на Голфската струја). Токму затоа во крајните југоисточни делови на Европа се среќава полупустинската клима



*Предел со планинска клима*

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**КЛИМАТСКИ ТИП** – вид клима на Земјата со специфични одлики. На пример: во умерениот појас се разликуваат средоземен (медитерански), океански, континентален, уме-рено континентален и планински климатски тип.

## ПРАШАЊА

– Во кој климатски појас припаѓа територијата на Европа?
– Наброј ги факторите кои најмногу влијаат врз климата на Европа!
– Кои климатски типови се издвојуваат во Европа?
– За кои територии во Европа е карактеристична суполарната клима?
– Кој климатски тип е карактеристичен за Средоземјето?
– Која е причината за присуството на поблага умерена клима во западните делови од Европа?

## ЗАДАЧИ

– Набљудувајќи ја картата на врнежи во Европа, објасни зошто некои од териториите се одликуваат со поголеми количества врнежи.
– Објасни зошто се јавуваат полупустински климатски услови во Прикасписката Низина!

## ЗАПОМНИ

– Европа се наоѓа во умерениот климатски појас.
– Во Европа се среќаваат медитеранска, умерена, суполарна, планинска и полупустинска клима.
– Медитеранската клима е карактеристична за териториите околу Средоземното Море.
– Суполарната клима е присутна во најсеверните делови на Европа.
– Поголемиот дел од Европа се одликува со умерено континентална клима.
– Во Прикасписката Низина има присуство на полупустинска клима.



# КЛИМА И ВЕГЕТАЦИЈА

## РАЗГОВОР

– Како се поврзани климата и вегетацијата?
– Дали тоа значи дека во Европа има различни климатско-вегетациски области?
– Кои климатски типови постојат во Европа?



*Медитеранска вегетација*

## ПРАШАЊА

– Со што се одликува суптропскиот климатско-вегетациски тип во Европа и каде е распространет?
– Кои растителни видови се најкарактеристични за суполарниот климатско-вегетациски тип?
– Како се дели умерениот климатско-вегетациски тип?
– За кои делови на Европа е карактеристичен атлантскиот климатски варијетет?
– Која територија од Европа се одликува со умерено континентален климатско-вегетациски варијетет?
– Кој климатско-вегетациски варијетет е карактеристичен за Украина, за Панонската и за Влашката Низина? Што е тундра?

### КЛИМАТСКО-ВЕГЕТАЦИСКИ ОБЛАСТИ

Климатско-вегетациските области во Европа се во непосредна зависност од климатските услови. Тие, главно имаат појасно простирање. Се среќаваат: **суптропски** климатско-вегетациски, **умерен** климатско-вегетациски и **супполарен** климатско-вегетациски тип.

***Суптропскиот климатско-вегетациски тип*** е распространет во приморскиот крајбрежен појас на Средоземното Море со островите. Застапена е т.н. средоземноморска (медитеранска) клима која **се одликува со суви и многу топли лета и благи и врнежливи зими,** претежно со врнежи од дожд. Има специфична вегетација со растителен свет од разновидни тревни и закржлавени зимзелени, дрвенести растенија отпорни на суши. Најкарактеристични се: приморскиот бор, дабот прнар, маслинките, лимоните, портокалите, смоквите и други. Од животинските видови покарактеристични се: зајакот, лисицата, срната, дивата свиња, волкот и други.

***Умерениот климатско-вегетациски тип*** го карактеризираат варијетети на атлантски умерено континентален и континентален тип. **Атлантскиот тип** ги опфаќа крајбрежните делови на Европа што излегуваат на Атлантскиот Океан од Пиринејскиот Полуостров до Норвешка, вклучувајќи ги и Велика Британија и Ирска. Под влијание на топлата Голфска морска струја и ветровите од запад, атлантскиот климатско-вегетациски тип **се одликува со свежи лета и благи и врнежливи зими**. Тоа условува присуство на тревни заедници со претежно развиени листопадни шуми.




*Вегетација во Европа*

***Умерено континенталниот вегетациски тип*** е карактеристичен за средишните делови на Европа, или, поточно, за територијата меѓу алпско-карпатскиот планински венец и Балтичкото Море. Овде се судираат благите атлантски и студените континентални климатски влијанија, така што е присутна **клима со умерено топли лета и умерено студени зими** со доволни количества врнежи во текот на годината. Растителните заедници, освен тревите, се претставени со листопадни и зимзелени шуми. Од животинските видови се застапени срната, дивата свиња, волкот, зајакот и други.

***Континенталниот климатско-вегетациски тип*** е карактеристичен за Источноевропската, за Влашката и за Панонската Низина. **Се одликува со топли и сушни лета и остри студени зими**. Овде се издвојуваат два варијетета, и тоа: **влажен континентален** и **континентален степски тип. Влажниот континентален климатско-вегетациски тип** е карактеристичен за посеверните делови од Источноевропската Низина. Ги опфаќа териториите јужно од тундрата со непрекинати појаси од бор, ела и смрека, а се протега од Скандинавскиот Полуостров до Урал и понатаму - во Азија до Тихиот Океан. Овој шумски појас е познат под името **тајга**. Покарактеристични животински видови се: еленот, ирвасот, дивата свиња, волкот, мечката, лисицата, разни птици и други.

***Континенталниот степски климатско-вегетациски тип*** е карактеристичен за јужните делови на Источноевропската Низина спрема Црното Море (Украина, Влашка Низина и Панонска Низина). **Се одликува со долги и сушни лета и суви и студени зими,** така што растителната покривка е претставена со ниска тревна вегетација, позната како степа, со присуство на листопадни шумски видови.

***Супполарниот климатско-вегетациски тип*** ги опфаќа најсеверните делови на Европа со некои од островите. **Се одликува со многу ниски температури, долги и студени зими и кратки и свежи лета**. Биогеографските заедници ги сочинуваат претставниците на **тундрата** со ретки растителни тревни заедници и поларни животни: волк, зајак, лисица.

На планинските системи во Европа се присутни листопадни и зимзелени шуми, високопланински тревни пасишта познати како **сувати** и **камењари,** со присуство на заглечерени простори на Алпите и на Скандинавските Планини.

## ЗАДАЧИ

– На карта определи ги територите кои според описот во текстот се одликуваат со некој од климатско-вегетациските типови.
– На карта определи ги територите под тундра, под тајга и под степа.

## ЗАПОМНИ

– Одејќи од југ кон север се менуваат суптропски, умерен и супполарен климатски тип.
– Суптропскиот климатско-вегетациски тип е карактеристичен за Јужна Европа.
– Умерениот климатско-вегетациски тип се одликува со атлантски, умереноконтинентален и континентален климатско-вегетациски варијетет.
– Во супполарниот варијетет е карактеристична тундрата.
– На планините во Европа е присутен висински распоред на вегетација од листопадни и зимзелени шуми, високопланински пасишта, сувати и камењари.



*Шумска вегетација*

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**СТЕПА** – предел на Земјата со ниска или ретка тревна вегетација која уште се нарекува степска вегетација. Најчесто е присутна во пределите на Земјата каде што годишното количество врнежи се движи од 300 до 400 мм.

**ТАЈГА** – име за пространи зимзелени шуми во Северна Европа и од Северна Азија, односно во Сибир. Тајгата е присутна во простори каде што средните температури во најтоплиот месец се помеѓу 13 и 20°C, а количеството на врнежи од300 до 600 мм.

**ТУНДРА** – растителна заедница развиена главно во најсеверните делови на Европа, на Азија и Северна Америка. Растителниот свет е претставен со мовови, лишаи, а наместа се среќаваат брезата и други поединечно развиени дрвја со ретки треви.



## РАЗГОВОР

– Што се подразбира под хидрографија?
– Кои се поголемите водни објекти во Европа?
– Наброј ги морињата што се наоѓат во Европа?
– Кои се најголемите реки во Европа?

## ПРАШАЊА

– Во кои сливови течат реките од Европа?
– Наброј ги реките чии сливови му припаѓаат на Атлантскиот Океан!
– Кои реки се влеваат во Балтичкото Море?
– Кои реки се влеваат во Црното Море?
– Кои реки се влеваат во Каспиското Езеро?
– За што се користат реките?
– Кои канали ги поврзуваат Северното и Црното Море?

# ХИДРОГРАФИЈА

### РЕКИТЕ И ЕЗЕРАТА И НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ

Европа изобилува со голем број реки и езера. **Реките течат кон** околните мориња и океани, поточно, им припаѓаат на **Атлантскиот,** на **Балтичкиот,** на **Арктичкиот, Средоземноморскиот** и на **Црноморскиот слив**. Дел од нив, како на пример Волга, Урал и други, му припаѓаат на затворениот слив на Каспиското Езеро. Вододелницата се протега од Гибралтар, преку Пиринеите, Југоисточна Франција, Швајцарија, Германија, Чехија, меѓу Полска и Украина, Белорусија и северните делови на европскиот дел на Русија. Во однос на оваа главна вододелница, скоро сите реки од Атлантскиот слив течат кон север и северозапад, така што се рамномерно распоредени по целата Европска Низина од Урал до Пиринеите. Најпознати реки што се влеваат во Атлантскиот Океан се: **Гвадалкивир, Гвадијана, Тахо, Дуро** и **Мињо** на Пиринејскиот Полуостров, потоа **Гарона, Лоара** и **Сена** во Франција, **Рајна** и **Лаба** во Германија. Во Балтичкото Море се влеваат **Одра, Висла, Њемен, Западна Двина** и **Нева**.

Во сливот на Арктичкиот Океан покарактеристични се реките **Северна Двина** и **Печора.**

Според карактеристиките на речниот систем во средоземноморското сливно подрачје, се издвојуваат непосреден Средоземноморски и Црноморски слив. Во Средоземното




*Сливови во Европа*

Море се влеваат реките **Ебро** и **Рона**, а во рабните мориња се влеваат повеќе реки: на пример, во Јадранското Море покарактеристични се реките **По** (Италија), **Цетина**, **Неретва**, **Бојана** и **Дрим** на Балканскиот Полуостров, а во Егејското – **Вардар**, **Бистрица**, **Струма** и **Марица**.

Во Црноморскиот слив припаѓаат големите реки, како што се **Дунав**, **Днестар** и **Днепар** и **Дон** преку Азовското Море. Тие зафаќаат голема сливна површина. Особено се истакнува Дунав со правец на речниот тек од запад кон исток и многу развиен слив. Извира на планината Шварцвалд во Германија, па преку Австрија ги поврзува Панонската и Влашката Низина. Има должина од 2 850 км, со површина на сливот од 870 000 км$^2$.

Внатрешниот **затворен слив на Каспиското Езеро**, покрај другите, од европската територија ги опфаќа сливовите на реките **Волга** и **Урал**. Волга со 3 530 км е најдолгата река во Европа, со површина на сливот од 1 380 000 км$^2$.

Поради климатските прилики, реките во Европа **највисок водостој имаат во зима и во пролет**. Поголем дел од наведените реки се пловни, уредени за пловидба и меѓусебно поврзани со **пловни канали**, така што Европа има повеќе од 100 000 км речно-каналски пловни патишта. Попознати каналски системи се каналите што ги поврзуваат **Волга со Дон** (поврзаност на Црното Море со Каспиското Езеро и Москва); Балтичко и Бело Море (преку езерата Ладога и Онега); каналот Мителланд кој ги поврзува **Рајна – Везер – Лаба** и **Одра**. Во Франција сите пловни реки се поврзани меѓу себе и со реката Рајна, така што економското значење на реките, покрај потребите за вода за пиење, во земјоделството, во индустријата и во енергетиката е мошне големо и во сферата на сообраќајот и транспортот, размената на стоки и услуги.

### *Езера*

Езерата во Европа се многубројни, но релативно мали по површина. Зафаќаат околу 135 000 км$^2$. Најкарактеристични се **карело-финските езера** на север, каде што се среќаваат околу 60 000 езера со околу 72 000 км$^2$ површина. Езерата **Онега** и **Ладога** и **јужношведските езера** се најголеми во Европа. Дел од природните езера се наоѓаат на Алпите, на Родопите и на Карпатите. Покарактеристични се: **Женевското, Боденското, Циришкото, Бледското, Бохињското, Охридското, Преспанското Езеро** итн. Постојат голем број вештачки езера што се користат за пловидба, за наводнување и за производство на електрична енергија.

### *Мочуришта*

Мочуриштата во Европа се најраспространети во приморските делови на Холандија и на Германија спрема Северното Море и во прибрежните делови на Арктичкиот Океан.

Во Европа има и **површини под ледници**, околу 120 000 км$^2$. Се наоѓаат претежно во областите на Арктикот, Скандинавскиот Полуостров, Исланд и на Алпите.

### ЗАДАЧИ

– На карта на Европа пронајди ги реките и каналите преку кои се поврзуваат:
– Северното и Црното Море;
– Атлантскиот Океан и Средоземното Море;
– Балтичкото Море со Каспиското Езеро и Црното Море.

### РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ВОДНИ РЕСУРСИ** – природни богатства кои човекот ги експлоатира и приспособува на своите потреби. Водните ресурси се користат во многу сфери на човековото живеење: за транспорт, за електрична енергија, за исхрана, за туризам ...

**ЕЗЕРО** – вдлабнатина на копното која е исполнета со вода, а не е во непосредна врска со море.

**РЕКА** – маса на вода, која од изворот кон утоката во море, езеро или друга поголема река се движи низ речно корито преку Земјината површина.

**РЕЧЕН СЛИВ** – површината од која една река преку своите притоки ја собира водата. Речните сливови меѓу себе се одвоени со вододелници.

**РЕЧНА МРЕЖА** – збир на речни текови во една област, во една држава, на остров или на континент без разлика дали се поврзани меѓу себе или не.

**ХИДРОГРАФИЈА** – географска дисциплина, која се занимава со евиденција и опишување на хидрографските објекти, како што се: океани, мориња, езера, реки, канали, мочуришта, извори, бунари и сл.

## ПРАШАЊА

– Каде е сместена Европа во однос на екваторот и почетниот меридијан?
– На карта покажи ги крајните точки на Европа!
– На кои морињa и океани излегува Европа?
– Зошто велиме дека Европа има централна местоположба?
– Покажи ги границите на Европа на карта!
– Колку изнесува површината на Европа?
– Кои се таканаречените средоземни мориња во Европа?
– Што се фјордови и каде ги има?
– Што се протоци?
– Наброј некои поважни протоци и премини поврзани со европскиот континент!
– Кои се поголеми полуострови во Европа?
– Наброј ги поголемите острови во Европа!
– Што се внатрешни мориња?
– Наброј некои од внатрешните мориња!
– Каков релјеф превладува во Европа?
– Наброј ги најголемите низини во Европа!
– Наброј некои поголеми планински масиви во Европа!
– Кој е највисокиот врв во Европа?
– Што се тоа превали и отвори?
– Наброј некои од вулканските планини во Европа!
– Во кој климатски појас припаѓа територијата на Европа?
– Наброј ги факторите што најмногу влијаат врз климата на Европа!
– Кои климатски типови се издвојуваат во Европа?
– За кои територии е карактеристична суппоparната клима во Европа?
– Кој климатски тип е карактеристичен за Средоземјето?
– Која е причината за појавата напоблага умерена клима во западните делови од Европа?
– Кои климатско-вегетациски типови се среќаваат во Европа?
– Со што се одликува суптропскиот климатско-вегетациски тип во Европа?
– Кои растителни видови се најкарактеристични за супполарниот климатско-вегетациски тип?
– Како се дели умерениот климатско-вегетациски тип?
– За кои делови на Европа е карактеристичен атлантскиот климатски вариетет?
– Која територија од Европа се одликува со умерено континентален климатско-вегетациски вариетет?
– Кој климатско-вегетациски вариетет е карактеристичен за Украина, за Панонската и за Влашката Низина?
– Што е тоа тундра?
– Во кои сливови течат реките од Европа?
– Наброј ги реките чии сливови припаѓаат на Атлантскиот Океан!
– Кои реки се влеваат во Балтичкото Море?
– Кои реки се влеваат во Црното Море?
– Кои реки се влеваат во Каспиското Езеро?
– За што се користат реките?
– Кои канали ги поврзуваат Северното и Црното Море?

# СОЦИОГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА ЕВРОПА

НАСЕЛЕНИЕТО ВО ЕВРОПА

– ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ЕВРОПА (БРОЈ НА ЖИТЕЛИ И ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ)

– ЈАЗИЧНА И ВЕРСКА РАЗНОВИДНОСТ ВО ЕВРОПА

– НАСЕЛБИТЕ ВО ЕВРОПА

РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА ЕВРОПА

ЕВРОПСКА УНИЈА





# НАСЕЛЕНИЕТО НА ЕВРОПА

**РАЗГОВОР**

– Што подразбираш под поимот население?
– Што е тоа густина на населеност?
– Каде има најголема густина на населеност во Европа?

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ЕВРОПА (БРОЈ НА ЖИТЕЛИ И ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ)

***Население***

Историски гледано, во Европа се случувале разни општествени, културни, воени, политички и стопански процеси. Кои, по разни основи, носеле падови и прогрес на континентот. Низ сите случувања се оформиле голем број народи, нации и држави, така што **Европа** денес е **еден од нај-населените континенти на Земјата**. Во нејзините 45 држави, вклучувајќи го и европскиот дел на Русија, живеат околу 675 милиони жители (Русија има околу 147 000 000 жители од кои



*Густина на населеност во Европа*

63% или околу 92 000 000 живеат во европскиот дел). Со наведениот податок, Европа учествува со околу 11% во вкупниот број на светското население.

***Густина***

Во контекстот на површината, **Европа е континент со најголема густина на населеност**. Просечната густина на населеност изнесува 65 ж/км$^2$. Меѓутоа, природните услови, општествените, стопанските и други фактори условиле мошне **нерамномерна густина на населеност**. Постојат простори со по неколку жители на км$^2$, меѓутоа, постојат и простори со по неколку стотици жители на км$^2$.

Во поголемиот дел од Западна и од Средна Европа густината на населеност изнесува повеќе од 200 ж/км$^2$. Типични примери се: Холандија, со 394 ж/км$^2$; Белгија, со 340 ж/км$^2$;Велика Британија, со 242 ж/км$^2$; Германија, со 231 ж/км$^2$ итн.

Голем број од државите, на пример, Франција, Унгарија, Чехија, Австрија, Полска, Данска, Романија итн., се одликуваат со густина на населеност од околу 100 ж/км$^2$. Спротивно на наведените, во одделни области во Северна, воЈужна и воИсточна Европа присутна е релативно помала густина на населеност, која главно е помалку од 100 ж/км2, а во поголем број случаи и помалку од 50 ж/км$^2$. На пример: 13 ж/км$^2$ во Норвешка, 12 ж/км$^2$ Шведска, 15 ж/км$^2$ Финска, 25 ж/км$^2$ Русија (европскиот дел).

Се забележува дека **најголем дел од населението во Европа е сконцентрирано во Средна и воЗападна Европа.**

### ПРАШАЊА

– Кој е најгусто населен континент во светот?
– Колку изнесува густината на населеност во Европа?
– Кои се најгусто, а кои најретко населени територии и држави во Европа?

### ЗАДАЧИ

– Обиди се да изработиш карта на која ќе ја преставиш густината на населеност во Европа, нанесувајќи ја густината на населеност по држави, и тоа: од 0 до 50 ж/км$^2$ , 50 до 100 ж/км$^2$ и над 100 ж/км$^2$.

### ЗАПОМНИ

– Европа е најгусто населен континент.
– Најголема густина на населеност има во Средна Европа.
– Најретко населени се Северна и Источна Европа.






*Урбани средини*

### РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ** – однос помеѓу бројот на населението и одредената површина на која живее. Се изразува во жители на квадратен километар.(ж/км$^2$)
**НАРОД** – етничка заедница што претходи на формирањето нација. Нацијата е постојана заедница на луѓе настаната низ долготраен историски развиток, врз основа на заеднички јазик, историја, територија, економија, култура и сл.
**НАСЕЛЕНИЕ** – збир на сите луѓе што населуваат одредена територија. Населението е сложена природно-историска категорија која се состои од голем број човечки единки.



## РАЗГОВОР

– Какви говорни јазици постојат?
– Што знаеш за религиите и кои религии си слушнал/а?
– Наброј некои религии што ги знаеш, а се застапени во Европа!

## ПРАШАЊА

– Кои групи јазици постојат во Европа?
– Кои јазици се вбројуваат во италската/романската група јазици?
– Кои јазици спаѓаат во сло-венската група јазици?
– Кои јазици во Европа се посебни?
– Кои религии се најраспространети во Европа?

## ЗАДАЧИ

– На карта со држави, обиди се со различни бои да ги нанесеш различните религии што се исповедаат во државите.



*„Св. Климент Охридски“ – Скопје*

# НАСЕЛЕНИЕТО НА ЕВРОПА

## ЈАЗИЧНА И ВЕРСКА РАЗНОВИДНОСТ ВО ЕВРОПА

Добрата географска положба и поволната проодност се главна причина за движењето и доселувањето на населението во Европа. Населението најчесто доаѓало од Азија (преку *Вратата на народите* и по морски пат). Притоа, низ разните вековни судири и борби настанувале различни културни, политички и стопански промени, така што тие се главни причини за денешната измешаност и бројност на европските народи. Тие, главно, се разликуваат според јазичната и според верска припадност.

***Јазична разновидност***

Во Европа денес постојат 45 држави, во кои се зборуваат повеќе од 120 јазици и дијалекти. Некои од јазиците се широко распространети и службено се говорат во неколку држави, а некои се карактеристични само за помали територии и држави. Повеќето од државите се еднонационални (каде што преовладува еден народ), но има и држави со национални малцинства (припадници на други народи), кои на различни рамништа остваруваат **право на јазик, на писмо, на култура и на традиција**.

Во Европа постојат и **повеќенационални држави** со повеќе државотворни народи. Типични примери се Велика Британија, Босна и Херцеговина и други.

Според лингвистичката класификација, поголемиот дел од **населението јазично спаѓа во индоевропското јазично**




*Јазици во Европа*

**семејство**, а помал дел во **унгаро-финското** и **во алтајското јазично семејство**.

**Индоевропското јазично семејство** во Европа (според сродноста на јазикот) главно се дели на следниве групи: словенската, германската, италската/романската и уште некои други, како на пример, елинската група.

**Унгаро-финското јазично семејство** е карактеристично за Унгарија и за Финска.

**Алтајското јазично семејство** ги опфаќа турскиот и татарските јазици и е карактеристично за Турција.

Посебни се **баскискиот јазик** (со него се служат Баскијците, кои живеат во Северна Шпанија и во југозападна Франција и се сметаат за прединдоевропски пранароди во Европа) и **малтешкиот јазик,** кој е мешавина од романските јазици и арапскиот јазик, а се зборува на островот Малта.

Наведените јазици се пишувале на **три различни азбуки** и тоа: **латиница** (во Западна, во Централна, во Северна и во Јужна Европа), **кирилица** (во Источна, во Југоисточна и во Јужна Европа) и **алфабета грчка азбука** (во Грција).

***Верска разновидност***

Населението во Европа во основа припаѓа на **христијанската религија**. Во неа се разликуваат **католици, протестанти** и **православни**. Католиците преовладуваат во Јужна и во Средна Европа, протестантите во Северна и делумно во Западна Европа а православните во Источна, во Југоисточна и во Јужна Европа. Од светските религии, во Европа е застапена и **исламската,** и тоа најмногу на Балканот, но и во Средна и Западна Европа. Скоро во сите држави во Европа живеат и претставници на други религии; постојат и категориите атеисти и нерелигиозни луѓе, оние кои не се верски определени.



*Религии во Европа*

## ЗАПОМНИ

– Во Европа се зборуваат повеќе од 100 јазици.
– Најзастапени се англискиот, германскиот, францускиот и рускиот.
– Јазиците во Европа спаѓат во индоевропското јазично семејство (сло-венска, германска и италска/ романска група).
– Посебни се баскискиот и малтешкиот јазик.
– Се изделуват и унгаро-финското (Финска и Унгарија) и алтајското јазично семејство (турски и татарски јазици).
– Во Европа главно се исповеда христијанската религија (католичка, протестантска и православна вероисповед), а нешто помалку е застапена исламската религија.


*Ватикан*

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ЈАЗИК** – систем од конвенционални говорни и пишани симболи што го користат луѓе од различни култури како средство за комуникација. Јазикот влијае и го отсликува начинот на размислување на дадена култура, а промените на културата влијаат врз развојот на јазикот.



# НАСЕЛЕНИЕТО НА ЕВРОПА

### РАЗГОВОР

– Што е тоа населба?
– Какви можат да бидат населбите?
– Како настанале градовите?

### ПРАШАЊА

– Како се делат населбите?
– Наброј ги процесите на развој на населбите!
– Што е тоа урбанизација?
– Кои фази на урбанизација постојат?
– Што подразбираш под агломерација?
– Што е тоа конурбација?

### ЗАДАЧИ

– На карта на Европа пронајди ги градовите со повеќе од еден милион жители.
– На карта на Европа пронајди ги градовите што прават конурбација.

### ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ

| ГРАД | НАСЕЛЕНИЕ ВО 2002 г. ВО МИЛИОНИ |
|---|---|
| МОСКВА | 14,5 |
| ЛОНДОН | 12,5 |
| ИСТАНБУЛ | 11,9 |
| РУР (КОНУРБАЦИЈА) | 11,8 |
| ПАРИЗ | 11,6 |
| МАДРИД | 6,1 |
| БАРСЕЛОНА | 4,9 |
| САНКТ ПЕТЕРБУРГ | 4,9 |
| МИЛАНО | 4,3 |

## НАСЕЛБИТЕ ВО ЕВРОПА

Развојот на населбите во Европа е во директна зависност од промените во бројот на населението и стопанскиот и техничко-технолошкиот напредок. Како во Македонија така и во Европа населението живее во **селски** и во **градски** населби. Меѓутоа, процесите на техничко-технолошкиот и општествениот развој предизвикаа позабрзан растеж и развој на градските населби. Тоа значи дека во развојот на населбите се важни процесите: **урбанизација, фазите на урбанизацијата, формирањето агломерации и конурбации, проблемите на големите градови и процесите на таканаречената литорализација**.

Урбанизацијата претставува растеж и развој на градовите и се изразува преку степенот на урбанизација, кој, пак, претставува учество на градското население во вкупното население. Во Европа, во градовите живеат околу 3/4 од населението. Процесот на урбанизација на Европа не се одвива рамномерно, туку со различна брзина. Во почетокот урбанизацијата се гледаше преку порастот на градовите; на пример, пред 200 години во Европа имало еден милионски град, пред 100 години имало 9, пред 40 години околу 30, а денес тој број е поголем од 50 милионски градови.

Денес урбанизацијата се гледа и преку продирањето на градскиот начин на живеење во селските населби, така што селата сè повеќе добиваат градски изглед, а населението во нив, освен со примарни, се занимава и со секундарни и терцијарни дејности. Појасни кои беа тие дејности?



*Москва*

**Урбанизацијата** се карактеризира со неколку фази:

– **прединдустриска фаза**, кога поголемиот број од населението се занимава со примарни дејности, а учеството на градското население е прилично мало;

– **индустриска фаза**, која се одликува со голема преселба на населението од селата кон градовите заради вработување во индустријата, а повеќето од вработените се во секундарните дејности. Тоа особено се прави околу рудниците и фабриките како јадра на привлекување на населението. Типичен пример е Рурската област во Германија.

– **поиндустриска фаза**, која се карактеризира со зголемување на бројот на вработените во терцијарните дејности (сообраќај, трговија), што следува обратен процес, односно населението се населува во помалите градови, каде што се живее попријатно.

Низ фазите на урбанизацијата и индустријализацијата околу градските средишта се формираат големи приградски населби, така што настануваат големи градски целини кои прават **градска регија** или **агломерација**. Такви се голем број градови, особено оние со повеќе од еден милион жители, како, на пример: Лондон, Манчестер, Глазгов, Париз, Марсеј, Лисабон, Мадрид, Барселона, Рим, Милано, Неапол, Брисел, Амстердам, Ротердам, Берлин, Минхен, Дортмунд, Келн, Копенхаген, Прага, Варшава, Москва. Во некои од државите со порастот на градовите и агломерациите доаѓа до нивно спојување и на тој начин се формирани повеќе **конурбации**. Типичен пример е конурбацијата во Рурската област во Германија каде што се скоро споени градовите Есен, Келн, Дортмунд, Диселдорф, Дуизбург и други, потоа конурбацијата околу Манчестер со Шефилд и Лидз, париската конурбација и други.

Пренаселеноста во големите градови предизвикува проблеми со загадувањето и со водоснабдувањето во нив. Посебна карактеристика кај населбите во Европа е процесот на **литорализација**, односно преселување на населението и на стопанските активности покрај морските брегови.



*Приморски град (Дубровник)*

## ЗАПОМНИ

– Според типот, населбите може да бидат селски и градски.
– Во развојот на населбите се важни процесите: урбанизација, фазите на урбанизација, формирањето агломерации и конурбации, проблемите на големите градови и литорализацијата.
– Во урбанизацијата се важни прединдустриската, индустриската и поиндустриската фаза на развој.
– Агломерации се големи градови кои во својот состав вклучуваат повеќе населби од својата околина.
– Конурбации се група градови кои, ширејќи се, се спојуваат (доближуваат) еден до друг.
– Литорализација е преселување на населението и на стопанските активности во приморските градови.

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ГРАД** – поразвиен облик на населба која, по правило, има повеќе функции и претставува средиште на одредена територија.
**СЕЛО** – помало населено место. Едни од најбројните и најразновидните категории населби, кои од градовите се разликуваат според положбата, големината, бројот на население, постанокот, социоекономските обележја, културните одлики и друго.



## РАЗГОВОР

– Што се тоа региони?
– Знае ли некој на кои региони се дели Европа?

## ЗАДАЧА

На карта со државите во Европа со посебни бои обој ги државите кои припаѓаат на:
– Јужна Европа,
– Западна Европа,
– Северна Европа,
– Средна Европа, и
– Источна Европа.

# РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА ЕВРОПА

Специфичната брегова разгранетост и природно-географските карактеристики на Европа се главни одредници за **регионалната поделба** на континентот. Вообичаено се издвојуваат регионите:

– Јужна Европа
– Западна Европа
– Северна Европа
– Средна Европа
– Источна Европа

***Јужна Европа***

Во Јужна Европа се вбројуваат териториите (во Европа ) што се јужно од Пиринеите, Алпите и реката Дунав, поточно, териториите на Пиринејскиот, на Апенинскиот и на Балканскиот Полуостров, кои, главно, излегуваат на Средоземното Море. На Пиринејскиот Полуостров се наоѓаат државите: Кралство Шпанија, Кнежество Андора, самоуправната зависна територија Гибралтар и Република Португалија. На Апенинскиот Полуостров се наоѓаат Република Италија,



градот-држава Ватикан, Република Сан Марино и островската Република Малта. На Балканскиот Полуостров се наоѓаат државите Република Македонија, Република Бугарија, Република Србија, Република Црна Гора, Република Косово, Република Романија, Република Грција, Република Албанија, Република Босна и Херцеговина, Република Хрватска и Република Словенија.

***Западна Европа***

Во Западна Европа се вбројуваат приморските и островските држави на Атлантскиот Океан. Приморски држави се Република Франција, Големото Војводство Луксембург, Кралството Белгија и Кралството Холандија и островските држави Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Република Ирска.

***Северна Европа***

Северна Европа главно ги опфаќа териториите на Скандинавскиот Полуостров. Овде се наоѓаат државите: Кралство Данска, Кралство Шведска, Кралство Норвешка, Република Финска и островската Република Исланд.

***Средна Европа***

Средна или Централна Европа ги опфаќа териториите на неколку континентални и две приморски држави. Тие се: Република Унгарија, Република Словакија, Република Чехија, Република Австрија, Кнежество Лихтенштајн, Швајцарската Конфедерација, Федеративна Република Германија и Република Полска.

***Источна Европа***

Источна Европа просторно зафаќа најголем дел од територијата на Европа. Во неа главно се вбројуваат териториите на државите: Република Украина, Република Молдавија, Република Белорусија, Република Латвија, Република Литванија, Република Естонија и Руската Федерација (европскиот дел).

За регионалната поделба на Европа е карактеристично тоа што државите Казахстан и Турција имаат делови од своите територии на европскиот континент. Современа Европа се одликува и со **здружување на државите на стопански**, **на културни и на политички основи**. Таква е **Европската унија, која** денес обединува 27 држави.

### ЗАПОМНИ

– Европа се дели на пет региони: Јужна, Западна, Северна, Средна и Источна Европа.
– Во Јужна Европа влегуваат државите од Пиринејскиот, од Апенинскиот и од Балканскиот Полуостров.
– Во Западна Европа се вбројуваат државите: Франција, Велика Британија, Холандија, Белгија, Луксембург и Ирска.

### ПРАШАЊА

– На кои региони се дели Европа?
– Наведи ги териториите што се вбројуваат во Јужна Европа!
– Кои држави влегуваат во Западна Европа?
– Кои држави се наоѓаат во Средна Европа?
– Кој е најголем регион во Европа и кои држави се вбројуваат во него?
– Кои држави, покрај Русија, имаат територии и во Азија и во Европа?

### РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ГЛАВЕН ГРАД** – градска населба во која се наоѓаат управно-административните функции на една држава, односно седиште на законодавната, судската и извршната власт. Освен нив, се наоѓаат сите други објекти и функции со кои се карактеризираат градовите.

**ДРЖАВА** – заедница што има одредена територија, население и организирана власт, независна од која било друга држава.

**КНЕЖЕСТВО** – држава на чие чело се наоѓа кнез што управува со неа.

**КРАЛСТВО** – држава на чие чело се наоѓа крал што управува со неа.

**РЕГИОН** – комплексна индивидуална географска целина која се разликува од другите соседни области.

**РЕПУБЛИКА** – државно уредување каде што шефот на државата доаѓа на власт со избор (на одредено време) од страна на народот, а не по основ на наследство.



# ЕВРОПСКА УНИЈА

### РАЗГОВОР

– Што се тоа економски заедници?
– Која економско-политичка заедница ти е позната во Европа?

### ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ

Со 2,7% од површината и со 7,1% од светското население Европската унија во 2005 година учествувала со околу 12% во производството на житарици, 17% во потрошувачката на енергија, 17% во производство на челик, 19% во преработката на нафта, 18% во светската трговија и 63% во производството на вино.

Историски гледано, Европа е најнемирниот континент, со чести меѓудржавни судири, стопански и политички разединети земји. Двете светски војни се водеа во Европа. По Втората светска војна врз основа на различните општествени системи (за кои системи станува збор?) се формираа две големи политичко-стопански заедници: **Европската економска заедница (ЕЕЗ)** и **Советот за заемна економска помош (СЕВ)**.

Со распаѓањето на социјалистичкиот систем во Европа, престана да постои Советот за заемна економска помош во кој никогаш не профункционира слободниот пазар. На европската политичка и економска сцена остана да функционира ЕЕЗ. **Зачетоците на Европската унија** потекнуваат од формирањето на Заедницата за јаглен и челик во 1952 година, чии членки беа Франција, Италија, Германија, Белгија, Холандија и Луксембург. Целта беше поврзување и позабрзан развој на базичната индустрија во овие земји.

Во 1957 година со договор (Римскиот договор) истите држави ја проширија стопанската соработка и ја основа Европската економска заедница (ЕЕЗ). **Главна цел е формирање на обединета Европа со заеднички пазар**, **укинување на меѓусебните царини**, **слободна трговија и слободно**



**движење на стоки, на луѓе и на капитал**.

Во 1967 година ЕЕЗ го сменија името во Европска заедница (ЕЗ). Потоа ЕЗ постепено прима нови членки.

Во рамките на ЕЗ, покрај стопанската соработка и здружување се развива и идејата за политичко обединување и дејствувањето. Така, во 1990 година е донесена одлука за **заедничко државјанство**, а **во 1992** година во Мастрихт е потпишан договор за формирање на **Европската унија**. Тенденција е формирање државна заедница со единствена надворешна политика, одбрана, заеднички пари и закони.

Со Европската унија **раководат заеднички тела,** како што се: **Европскиот парламент** со седиште во Стразбур, Советот на Европската унија и **Европската комисија** со седиште во Брисел, **Судот на правдата** со седиште во Луксембург и низа други тела.

Европската унија, заклучно со 2009 година, има 27 држави-членки, така што веќе зафаќа површина од 4,3 милиони км² и околу 70% од населението во Европа. Претставува главно јадро на европското стопанство. Франција, Велика Британија, Германија и Италија се меѓу најразвиените земји во светот. Франција и Велика Британија се постојани членки во Советот за безбедност на ООН.

Во светски рамки Европската унија, има **водечка улога** според БДП (бруто домашен производ), во вкупен извоз на стоки, извоз на индустриски производи, број на нуклеарни електроцентрали, број на телекомуникациски системи итн.



## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ДРЖАВИ - КАНДИДАТИ ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА** – држави што сакаат да станат членки на Европската унија со полноправен статус на одлучување и користење на сите бенефиции што се придобивка од членството во Европската унија.

**ДРЖАВИ - ЧЛЕНКИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА** – држави со полноправен статус, права на одлучување и целосно исполнување на обврските кон Европската унија.

**ЕВРОПСКА УНИЈА** – економска и политичка заедница на држави од Европа.

## ПРАШАЊА

– Кои две големи економско-политички групации во Европа се формирани по Втората светска војна?
– Од кога датираат почетоците на Европската унија?
– Кои се главните цели на Европската унија?
– Кога е потпишан договорот за формирање на Европска унија?
– Кои заеднички тела постојат во Европската унија?
– Кои држави се членки на Европската унија?

## ЗАДАЧИ

– На политичката карта на Европа, со иста боја обележи ги државите-членки на Европската унија.
– Проучи кои држави биле членки на Советот за заемна економска помош?

## ЗАПОМНИ

– Во Европа по Втората светска војна како посебни економско-политички групации постоеја Европската економска заедница и Советот за заемна економска помош.
– Зачетоците на Европската унија датираат од 1952 година. Главна цел на Европската економска заедница беше формирање на обединета Европа, заеднички пазар, укинување на меѓусебните царини, слободна трговија, слободно движење на луѓе, на стоки и на капитал.
– Во во 1992 година во Мастрихт е потпишан договор за формирање на Европската унија.
– Франција, Германија, Велика Британија и Италија се меѓу најразвиените земји во светот.

## ПРАШАЊА

– Кој е најгусто населен континент во светот?
– Колку изнесува густината на населеност во Европа?
– Кои се најгусто, а кои најретко населени територии и држави во Европа?
– Кои групи јазици сезборуваат во Европа?
– Кои јазици спаѓаат во италската (романската) група јазици?
– Кои јазици спаѓаат во словенската група?
– Кои јазици во Европа се посебни?
– Кои религии се најраспространети во Европа?
– Како се делат населбите?
– Наброј ги процесите во развојот на населбите?
– Што е тоа урбанизација?
– Кои фази на урбанизација постојат?
– Што подразбираш под агломерација?
– Што е тоа конурбација?

– На кои региони се дели Европа?
– Наведи ги териториите што се вбројуваат во Јужна Европа!
– Кои држави влегуваат во Западна Европа?
– Кои држави ја сочинуваат Средна Европа?
– Кој е најголем регион во Европа и кои држави се наоѓаат во него?
– Кои држави, покрај Русија, имаат територии и во Азија и во Европа?
– Кои две економско-политички групации во Европа се формирани по Втората светска војна?
– Од кога датираат почетоците на Европската унија?
– Кои се главните цели на Европската унија?
– Кога е потпишан договорот за формирање на Европската унија?
– Кои заеднички тела постојат во Европската унија?
– Кои земји се членки на Европската унија?

# ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНИТЕ ВО ЕВРОПА

## ЈУЖНА ЕВРОПА

– ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, ДРЖАВИ И ГЛАВНИ ГРАДОВИ
– ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УРЕДУВАЊЕТО НА ДРЖАВИТЕ
– КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПОДРАЧЈА ИЗЛОЖЕНИ НА ЗЕМЈОТРЕСИ И ВУЛКАНИ, ПОСЛЕДИЦИТЕ И ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТОТ НА ЛУЃЕТО
– КЛИМАТА И ВЕГЕТАЦИЈАТА ВО ЈУЖНА ЕВРОПА
– СРЕДОЗЕМНОТО МОРЕ - ОСНОВНИ ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И СТОПАНСКО ЗНАЧЕЊЕ
– СЛИЧНОСТИ И РАЗЛИКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ЈУЖНА ЕВРОПА
– СТОПАНСТВОТО И ТУРИЗМОТ ВО ЈУЖНА ЕВРОПА

## ЗАПАДНА ЕВРОПА

– ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, ДРЖАВИ И ГЛАВНИ ГРАДОВИ
– ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УРЕДУВАЊЕТО НА ДРЖАВИТЕ
– РЕЛЈЕФОТ И КЛИМАТА ВО ЗАПАДНА ЕВРОПА
– ВЛИЈАНИЕ НА МОРИЊАТА ВРЗ ЖИВОТОТ НА ЛУЃЕТО (НЕКОГАШ И ДЕНЕС)
– НАСЕЛЕНИЕТО ВО ЗАПАДНА ЕВРОПА
– СТОПАНСТВОТО НА ЗАПАДНА ЕВРОПА (НЕКОГАШ И ДЕНЕС)

## СЕВЕРНА ЕВРОПА

– ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, ДРЖАВИ И ГЛАВНИ ГРАДОВИ
– ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УРЕДУВАЊЕТО НА ДРЖАВИТЕ
– УЛОГАТА НА РЕЛЈЕФОТ И НА КЛИМАТА ВРЗ ЖИВОТОТ НА ЛУЃЕТО ВО СЕВЕРНА ЕВРОПА
– КАРАКТЕРИСТИКИ НА МОРСКИОТ БРЕГ И НЕГОВОТО ЗНАЧЕЊЕ
– НАСЕЛЕНИЕТО ВО СЕВЕРНА ЕВРОПА
– ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ И СТОПАНСТВОТО НА СЕВЕРНА ЕВРОПА

## СРЕДНА ЕВРОПА

– ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, ДРЖАВИ И ГЛАВНИ ГРАДОВИ
– ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УРЕДУВАЊЕТО НА ДРЖАВИТЕ
– ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА РЕЛЈЕФОТ И НА КЛИМАТА ВО СРЕДНА ЕВРОПА
– ПАНОНСКАТА НИЗИНА И НЕЈЗИНОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА РАЗВОЈОТ НА СТОПАНСТВОТО
– АЛПИТЕ И НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЗЕМЈИТЕ ОД СРЕДНА ЕВРОПА
– РЕКИТЕ И НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЖИВОТОТ НА ЛУЃЕТО
– НАСЕЛЕНИЕТО ВО СРЕДНА ЕВРОПА
– СТОПАНСТВОТО НА СРЕДНА ЕВРОПА (НЕКОГАШ И ДЕНЕС)

## ИСТОЧНА ЕВРОПА

– ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, ДРЖАВИ И ГЛАВНИ ГРАДОВИ
– ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УРЕДУВАЊЕТО НА ДРЖАВИТЕ
– РЕЛЈЕФОТ И КЛИМАТА ВО ИСТОЧНА ЕВРОПА
– РЕЧНАТА МРЕЖА - КАРАКТЕРИСТИКИ, ЗНАЧЕЊЕ И ПРОБЛЕМИ
– СЛИЧНОСТИ И РАЗЛИКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ИСТОЧНА ЕВРОПА
– УСЛОВИ ЗА РАЗВОЈ НА СТОПАНСТВОТО ВО ИСТОЧНА ЕВРОПА



# ЈУЖНА ЕВРОПА

## РАЗГОВОР

– Што се подразбира под географска положба?
– Во кој регион од Европа се наоѓаат Балканскиот Полуостров и Република Македонија?
– Според Средоземното Море, како уште се именува Јужна Европа?

## ЗАДАЧА

– На карта на Европа идентификувај ги територите што влегуваат во Јужна Европа и на секој од полуостровите пронајди ги државите и нивните главни градови.

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**БАЛКАНСКИ ПОЛУОСТРОВ** – просторот кој зафаќа дел од Јужна Европа меѓу Јадранското и Јонското Море на запад, Егејското Море на југ, Црното Море на исток и реките Дунав и Сава на север.

## ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, ДРЖАВИ И ГЛАВНИ ГРАДОВИ

***Географска положба***

Јужна Европа ја претставуваат **териториите на Пиринејскиот, на Апенинскиот** и **на Балканскиот Полуостров** со голем број поголеми и помали острови. Кои се најголеми острови? Тие се наоѓаат во Средоземното Море, така што како географска целина кратко се нарекува Средоземје или Медитеранска Европа.

Станува збор за територија со **централна положба во светски рамки**. Каде што се наоѓаат многу важни **протоци и канали**: Гибралтарскиот Проток - за комуникација со Западна Европа и со Америка, Суецкиот Канал - за комуникација со Азија и со Австралија, протоците Босфор и Дарданели - за комуникација со Црното Море, Источна Европа и со внатрешноста на Азија.

Присуството на овие пловни патишта и повеќе заливи, морски отвори и слично, кои ги поврзуваат таканаречените **рабни мориња** во Средоземјето, го овозможуваат **најразвиениот поморски сообраќај во светот**. Токму затоа во крајбрежната (литорална) зона на Јужна Европа се развиени голем број градови, **морски пристаништа**. Наброј некои попознати пристаништа во Јужна Европа! Оние што се во внатрешноста на Европа се поврзани со голем број железнички линии, патишта, нафтоводи, гасоводи и слично како и  и повеќе аеродроми од кои се реализираат со летови во многу насоки во светот. Токму затоа Јужна Европа или **Медитеранска Европа се одликува со најповолна географска положба во светот.**

Овде владее пријатна **медитеранска клима со топли лета и умерено топли и влажни зими.** Јужна Европа е регион каде што



*Јужна Европа*

се случувале бројни историски настани, важни за развитокот и за културата на човештвото. Кои цивилизации се нај-познати во Средоземјето?

***Држави и главни градови***

На трите полуострови и на островите во Јужна Европа се развиле **повеќе држави.** На Пиринејскиот Полуостров се наоѓаат Шпанија, Португалија и Андора, на Апенинскиот Полуостров се наоѓаат Италија, Сан Марино и Ватикан. Што знаеш за Ватикан? Малта преставува посебна островска држава. На Балканскиот Полуостров се наоѓаат поголем број држави, како што се: Македонија, Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Албанија, Косово, Бугарија, Грција, Словенија. На Балканскиот Полуостров се наоѓа и европскиот дел на Турција. Тоа значи дека Балканскиот Полуостров е мозаик од различни народи, религии, јазици и култури. Стопанската развиеност е меѓу најслабите во Европа.

**ПРАШАЊА**

– Кои полуострови спаѓаат во Јужна Европа?
– Каква географска положба има Јужна Европа?
– Што се тоа рабни мориња?
– Наброј ги државите на Пиринејскиот Полуостров?
– Наброј ги државите на Апенинскиот Полуостров?
– Наброј ги државите на Балканскиот Полуостров?
– Наброј некои поважни протоци во Средоземјето?

| Знаме | Држава | Главен град | Површина км² | Население (ООН, 2009) |
|---|---|---|---|---|
| | Португалија | Лисабон | 92 136 | 10 631 800 |
| | Шпанија | Мадрид | 505 990 | 45 828 172 |
| | Италија | Рим | 301 323 | 60 090 400 |
| | Малта | Ла Валета | 316 | 412 600 |
| | Албанија | Тирана | 28 748 | 3 170 000 |
| | Бугарија | Софија | 110 994 | 7 602 100 |
| | Босна и Херцеговина | Сараево | 51 129 | 3 767 000 |
| | Србија | Белград | 77 474 | 7 905 000 |
| | Црна Гора | Подгорица | 13 812 | 624 000 |
| | Романија | Букурешт | 237 500 | 21 496 700 |
| | Словенија | Љубљана | 20 256 | 2 053 355 |
| | Косово | Приштина | 10 887 | 2 230 000 |
| | Грција | Атина | 131 957 | 11 262 500 |
| | Андора | Андора Ла Вела | 468 | 86 000 |
| | Сан Марино | Сан Марино | 60,5 | 30 800 |
| | Ватикан | – | 0,44 | 800 |
| | Хрватска | Загреб | 56 610 | 4 432 000 |
| | Македонија | Скопје | 25 713 | 2 048 900 |

*Забелешка*: податоците во табелата се информативни, ученикот не мора да ги учи наизуст.



# ЈУЖНА ЕВРОПА

**РАЗГОВОР**

– Што подразбираш под државно уредување?
– Какви називи постојат за луѓето кои се на чело на државите?
– Кои се највисоките политички функции во Република Македонија?

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УРЕДУВАЊЕТО НА ДРЖАВИТЕ

Различните историски настани на територијата на Јужна Европа се причина за **присуство на посебни култури и традиции на населението** во државите. Станува збор за влијанието на **македонската** цивилизација, **грчката** култура, **римската** цивилизација (кои на светот му ги дале основите на науките, на уметностите, на правото, на градежништвото), **христијанството** (кое преку Јужна Европа се раширило во Европа и во светот), **големите географски откритија во 15 век** (крстопат на копнен и поморски сообраќај), **колонијалните движења** и освојувања, **двете светски војни** и друго. Како резултат на сега тоа, денес државите на Јужна Европа имаат **различен статус на државно уредување**.

На Пиринејскиот Полуостров се наоѓаат:

– **Кралство Шпанија**, кое претставува парламентарна монархија на чело со крал.

– **Република Португалија**, која е република со ограничени овластувања на претседателот.

– **Кнежество Андора**, кое е парламентарно кнежество со Генерален совет како законодавна власт.

– **Самоуправната зависна територија Гибралтар** е под власт на Велика Британија, управувана од гувернер назначува британската кралица.

На југот на Франција се наоѓа **Кнежеството Монако**, кое е уставна монархија управувана од кнез.



*Кралска круна*



*Собрание на држава (Република Македонија)*

На Апенинскиот Полуостров се:

– **Република Италија**, која според државното уредување е парламентарна република.

– **Ватикан**, кој претставува град-држава, теократска монархија управувана од римскиот папа.

– **Република Сан Марино** – република.

– **Република Малта** – република со парламент како законодавна власт (островска држава)

Уредување на државите на Балканскиот Полуостров

– **Република Македонија** – парламентарна република на чело со претседател и законодавен орган, Собрание на Република Македонија.

– **Република Бугарија** – парламентарна република на чело со претседател.

– **Република Србија** – парламентарна република на чело со претседател.

– **Република Црна Гора** – парламентарна република на чело со претседател.

– **Република Романија** – република на чело со претседател.

– **Република Грција** – парламентарна република.

– **Република Албанија** – парламентарна република на чело со претседател.

– **Република Хрватска** – република на чело со претседател.

– **Република Словенија** – парламентарна република на чело со претседател.

– **Република Косово** – парламентарна република.

– **Република Босна и Херцеговина** – федерација Босна и Херцеговина и Република Српска со президиум составен од три члена (Србин, Хрват и муслиман Босанец) со парламент.

## ПРАШАЊА

– Кои се најважните култури и цивилизации низ историјата на Европа?
– Какви државни уредувања постојат во Јужна Европа?

## ЗАДАЧИ

– За да научиш подобро, на политичка карта на Јужна Европа внеси боја или: буквата Р за државите кои се по уредување републики, К за кралства и Кнеж. за кнежества.

## ЗАПОМНИ

Кралство се нарекуваат државите со кои управува крал.
Кнежество се нарекуваат државата со кои управува кнез.
Република се нарекуваат државите на чие чело најчесто се наоѓа претседател, избира народот.



*Седиштето на влада (Република Македонија)*



# ЈУЖНА ЕВРОПА

### РАЗГОВОР

– Дали си слушнал/а за земјотрес?
– Кажи нешто за некој земјотрес за кого си слушал/а или си го почувствувал/а?

### ПРАШАЊА

– Што се тоа млади венечни планини?
– Како се нарекуваат големите рамници помеѓу планините?
– Наброј ги и покажи ги на карта планинските масиви во Европа!
– Кои се најпознатите низини во Јужна Европа?
– Какви типови релјеф се застапени во Јужна Европа?
– Какви манифестации се случуваат како резултат на геолошката нестабилност на земјиштето?
– Што е земјотрес?
– Со што се мерат земјотресите?
– Наведи некои активни вулкани во Јужна Европа!

### ЗАДАЧА

– На карта пронајди ги планинските масиви, низините и вулканите во Јужна Европа.



*Последици од земјотрес*

## КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПОДРАЧЈА ИЗЛОЖЕНИ НА ЗЕМЈОТРЕСИ И ВУЛКАНИ, ПОСЛЕДИЦИТЕ И ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТОТ НА ЛУЃЕТО

Јужна Европа се одликува со поголем број **млади венечни планини**, кои се карактеризираат со значително големи надморски височини, стрмни страни, планински сртови и тешка проодност. Планините претежно се протегаат во правец запад-исток и северозапад-југоисток. Меѓу нив се наоѓаат неколку поголеми **низини**.

На Пиринејскиот Полуостров се наоѓаат младите набрани планини **Пиринеи** (меѓу Франција и Шпанија) и **Сиера Невада** во јужниот дел на Полуостровот, додека во западниот дел се простира **платото Мезета**, а меѓу нив се наоѓаат неколку низини.

Во северниот дел на Апенинскиот Полуостров се наоѓаат **Алпите**, а по средината на целиот полуостров се протегаат **Апенините**. Меѓу овие два масива во Северна Италија е сместена Ломбардиската Низина по текот на реката По.

На Балканскиот Полуостров како млади венечни планини, покрај бреговите на Јадранското и на Јонското Море се протегаат **Динаридите** и **Шарско-пиндските Планини**, а во источните делови се издвојуваат планинскиот масив **Балкан** (според него е именуван Полуостровот) и јужните делови на Карпатите кои се познати како **Трансилвански Алпи**. Меѓу овие два масива, понасевер по долината на реката Дунав се простираат **Панонската** и **Влашката Низина**, а понајуг се наоѓаат Родопите, кои преставуват стари грамадни планини. Тие главно се простираат меѓу Моравско-вардарската долина и долината на реката Струма. На наведените планини се среќаваат различни типови релјеф: **флувијален, глацијален** (особено присутен на Алпите), **карстен** (на Динаридите), **абразивен** и **вулкански**.

Територијата на Јужна Европа и Средоземјето се одликува со честа **геолошка нестабилност на земјиштето** така што присутни се чести појави на **земјотреси** и **вулкански активности.**

### *Земјотреси*

**Земјотрес претставува изненадно поголемо тресење на Земјината површина.** Настанува поради поместување на Земјините блокови. Последиците може да бидат катастрофални, проследени со уривање на разни објекти кои ги изградил човекот. Посилните земјотреси предизвикуваат и човечки жртви и материјални штети. Заради заштита, луѓето

прават поцврсти градби, кои ќе бидат поотпорни на земјотреси. Дали со слушнал/а или се сеќаваш ли на некој земјотрес? Јачината на земјотресите се мери со инструментот **сеизмограф**. Средиштето на земјотресот секогаш е некаде во внатрешноста на Земјата и е познато под името **хипоцентар**. Точката на Земјината површина каде што земјотресните бранови се најсилни се нарекува **епицентар**.

***Вулкани***

**Вулканите настануваат кога растопената вулканска материја под дејство на голем притисок од внатрешноста на Земјата се исфрла на Земјината површина.** Жариштата на вулканите најчесто се наоѓаат на 50-100 км во внатрешноста на Земјата. Растопената материја се формира поради разни притисоци меѓу континенталните плочи, кои поради триење создаваат високи температури и топење на карпестите маси што во горната обвивка на Земјата имаат блиски точки на топење. Растопената материја во внатрешноста на Земјата се нарекува **магма**, а кога таа ќе стигне на површината на Земјата се нарекува **лава**. Со натрупување на лавата се формира вулканска купа. Низ неа поминува вулкански канал (познат под името **вулканско гротло)** кое завршува со **вулкански кратер.** Освен течна лава , од вулканските кратери **се исфрлаат и вулкански бомби, вулкански пепел** и **разни гасови**. Активни вулкани во Јужна Европа се Везув во Средна Ита-лија, **Етна** на Сицилија, **Стромболи** и **Вулкано** на островите кај Јужна Италија и **Санторин** - на истоимениот грчки остров во Егејското Море.

***Влијание врз животот на луѓето***

Исфрлените и наталожени вулкански материи се одликуваат како мошне плодни површини, така што таквите територии луѓето многу често ги користат и се густо населуваат. Ова особено е карактеристично за **згаснатите вулкани**. Изненадните земјотресно-вулкански појави предизвикуваат многу човечки жртви. Во случајот на Јужна Европа, иако сеизмички и вулкански активни, литоралните подрачја густо се населени од стопански причини.

ЗАПОМНИ

– Во Јужна Европа најпознати планински масиви се Пиринеите, Алпите, Динаридите, Родопите, Балкан и Трансилванските Алпи.
– Поважни низини во Јужна Европа се: Ломбардиската и Влашката.
– Земјотрес е изненадно тресење на Земјината површина.
– Елементи на земјотрес се хипоцентар и епицентер.
– Вулкани се манифестации кога, под дејство на притисок и температура, од внатрешноста на Земјата се исфрлаат разни гасови, течни и цврсти материјали.
– Кај вулканите се разликуваат: вулкански канал и вулкански кратер.



*Вулкан*

РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ВУЛКАН** – конусно возвишение на Земјата кое при врвот завршува со вдлабнатина, наречена кратер. Од кратерот кон внатрешноста на Земјината кора води канал (гротло) низ кој поминуваат вулканските гасови, водна пареа и магма.
**ВУЛКАНСКА ЕРУПЦИЈА** – исфрлање гасови, водна пареа, пепел и лава низ кратерот.
**ЗЕМЈОТРЕС** – изненадно тресење на Земјината кора, предизвикано од внатрешни сили на Земјата.
**ЗЕМЈОТРЕСНО ПОДРАЧЈЕ** – територија на која често се случуваат земјотреси.
**ПОСТВУЛКАНСКИ АКТИВНОСТИ** – појави на избивање гасови или водна пареа на просотори на згаснатите вулкани. Во Република Македонија таква е појавата Дувало кај селото Косел, Охридско, од каде што избиваат сулфурни гасови.



# ЈУЖНА ЕВРОПА

## РАЗГОВОР

– Што е тоа клима?
– Врз што влијае климата?
– Со каква клима се одликува Средоземјето?

## ПРАШАЊА

– Какви климатски типови се присутни во Средоземјето?
– Кои се одликите на медитеранската клима?
– Наброј некои територии што се одликуваат со планинска клима?
– Каква вегетација е присутна во Јужна Европа?
– Кои се најкарактеристични претставници на растителните заедници во Јужна Европа?
– Наведи некои листопадни растителни видови?
– Кои од културните растенија се најзастапени во Јужна Европа?

## КЛИМАТА И ВЕГЕТАЦИЈАТА ВО ЈУЖНА ЕВРОПА

***Клима***

Јужна Европа поради Средоземното Море има **средоземноморска** или **медитеранска клима**. Таа се одликува со **суви и топли лета и благи и врнежливи зими**. Сувите и топли лета се резултат на влијанието на сувиот и топол воздух, кој преку летото се шири од Африка над Средоземното Море во Јужна Европа. Температурите на воздухот достигнуваат до околу 40°C, со најмногу сончеви часови во Европа. За која стопанска гранка се погодни ваквите услови? Благите и врнежливи зими се резултат на влијанијата на западните ветрови кои доаѓаат од Атлантскиот Океан и носат врнежи претежно од дожд. Просечното годишна количество врнежи изнесува околу 700 мм.

Со навлегувањето во внатрешноста на континенталните територии, особено **во внатрешноста на Пиринејскиот и на Балканскиот Полуостров, средоземноморската клима трпи континентални влијанија** и се карактеризира како **изменето медитеранска клима** со жешки лета и постудени зими, така што температурите се спуштаат и под 0°C.

Во континенталните делови, во зависност од оддалеченоста на морињата и релјефните одлики на просторот е присутна и **умерено континентална клима,** а во зависност од надморската височина на планинските масиви се чувствува типична **планинска клима** со релативно পониски температури и поголеми количества врнежи од дожд, со присуство на снежни врнежи.



### *Вегетација*

Средоземноморските одлики на климата во Јужна Европа, релјефните карактеристики и долините на поголем број реки ги условиле карактеристиките на вегетацијата. Токму затоа во Јужна Европа се зборува за **средоземноморска** или **медитеранска вегетација**. Таа е приспособена на долгите и сушни лета со поразвиен коренов систем, листови кои излачуваат восочни материи за спречување на испарувањето, задебелени листови и трнливи израстоци; поради благите зими листовите се зелени.

Најкарактеристични претставници се **зимзелениот дабпрнар, борот** и **кипарисот**, потоа **ловорот, рузмаринот** и разни **зимзелени грмушести растенија** кои со едно име се нарекуваат **макија**. Во Јужна Европа, особено во непосредните приморски делови, најзначајна медитеранска култура е **маслинката**. Таа е типично растение што е развиено само во медитеранскиот регион. Се одликува со вековна и милениумска старост.

Во внатрешноста на континенталните простори се среќа-ваат и типични **листопадни** и **мешани шумски дрвенести растенија** како што се **дабот, буката, габерот, борот, еларта, смреката** итн. Во низините и по долините на речните текови се развиени многубројни **тревни растителни видови** и **разни култури** (житни, градинарски, индустриски растенија, винова лоза и сл.). Во повисоките делови на планините, над шумската граница од 1 800 м се наоѓаат високи планински пасишта и камењари.



*Медитеранска вегетација*

## ЗАДАЧА

– На карта пронајди ги планинските масиви, низините и вулканите во Јужна Европа.

## ЗАПОМНИ

– Во Јужна Европа преовладува средоземноморска или медитеранска клима.
– Медитеранската клима се одликува со суви и топли лета и благи и врнежливи зими.
– Одејќи од приморските делови во внатрешноста на копното, медитеранската клима се модифицира и добива одлики на умерено континентална клима, а на планините на планинска клима.
– Во Јужна Европа има медитеранска вегетација.
– Медитеранската вегетација се одликува со: зимзелени растенија со подебели листови, подлабок коренов систем и закржлавен раст.
– Главни претставници се дабот прнарот, борот, кипарис, ловорот.

## ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ

Маслина – зимзелено дрвенесто растение, главно распространето во областите околу Средоземното Море. Има разгрането, цврсто стебло со ситни сребренести листови и темносин плод кој содржи висок процент масленост. Маслиновите дрвја се долговечни: 500-600 години. Главно се одгледува во приморските делови. Маслиновото масло е мошне важно во исхраната на луѓето. Најголеми светски производители на маслинки се Шпанија, Италија, Грција и Португалија. Нешто помалку се застапени во Калифорнија, на северноамериканскиот континент.



# ЈУЖНА ЕВРОПА

**РАЗГОВОР**

– Што се средоземни морињa?
– Кое од средоземните мориња е најблизу до Република Македонија?

**ЗАПОМНИ**

– Средоземното Море се наоѓа меѓу Европа, Африка и Азија и претставува внатрешно море на Атлантскиот Океан.
– Средоземното Море има мошне голема брегова разгранетост.
– Во областа на Средоземното Море владее суптропска клима.
– Во Средоземното Море се влеваат реките Ебро, Рона, По, Дунав, Неретва, Вардар, Днепар, Днестар, Дон, Нил и други.
– Средоземното Море има големо сообраќајно значење, многу пристаништа и развиен туризам.

## СРЕДОЗЕМНО МОРЕ, ОСНОВНИ ПРИРОДНО -ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И СТОПАНСКО ЗНАЧЕЊЕ

**Средоземното Море** или Медитеран е **внатрешно** или **средоземно море** на Атлантскиот Океан. Сместено е помеѓу Европа, Африка и Азија. Се простира од 31° до 36° с.г.ш. и од 5° з.г.д. до 41° и.г.д. Зафаќа површина од 2 972 500 км². На запад, преку Гибралтарскиот Проток се поврзува со Атлантскиот Океан, на југоисток преку Суецкиот Канал се поврзува со Црвеното Море и со Индискиот Океан. Средоземното Море, со во основа по линијата со Апенинскиот Полуостров и Сицилија се дели на **западен** и **источен басен**. Во западниот басен се наоѓаат рабните мориња Лигурско и Тиренско, а во источниот Јадранско, Јонско, Егејско, Мраморно и Црно Море преку протоците Дарданели и Босфор.

**Бреговата линија** на Средоземното Море е мошне **разгранета**, има многу заливи, **полуострови** и острови. Тоа особено важи за северните брегови. Поголеми **заливи** се Валенсискиот, Лионскиот и Џеновскиот.

Во Средоземното Море се наоѓаат поголем број **острови** како, на пример, Балеарските, Корзика, Сардинија, Сицилија, Малта, Крит, Киклади, Споради, Кипар и северноегејските и јадранските острови.

Климата на Средоземното Море е условена од географската положба, од морските пространства, од африканскиот и од евроазискиот континент, како и од близината на Атлан-



*Средоземно Море*

тикот. Таа е **суптропска** со благи врнежливи зими и жешки суви лета. Просечните годишни температури се движат околу 16-20°C. Ветровите се претежно со локален карактер, условени од заемното влијание на копното и морето. Облачноста е мала, со многу сончеви часови.

Во Средоземното Море се влеваат реките **Ебро, Рона, По, Вардар, Дунав, Дон, Нил** и други. Температурата на водата е повисока во јужните делови на Средоземното Море, а одејќи кон север се намалува.

**Растителниот** и **животинскиот свет** во Средоземното Море и според видовите и според количеството **се мошне сиромашни**. Поради тоа, рибарството како стопанска гранка денес е во опаѓање. Најзастапени се сардините, папалините, скушите, лигњите и други видови риби. Особено развиена стопанска гранка е **поморскиот сообраќај.** Главен правец е **линијата Гибралтар – Суец,** со многубројни попречни линии кои ги поврзуваат големиот број пристаништа на бреговите на трите континенти, а особено оние на европскиот континент. Најпознати **пристаништа** се: Малага, Валенсија, Барселона, Марсеј, Џенова, Неапол, Палермо, Месина, Бари, Венеција, Трст, Риека, Сплит, Дуб-ровник, Драч, Атина, Солун, Истанбул, Бургас, Одеса, Александрија, Бенгази, Триполи и Алжир. Во **литоралниот појас** во уште многу други пристаништа и населби е **развиена индустрија** која е главно ориентирана на преработка на увозни суровини. Такви се: **петрохемиската, текстилната, прехранбената индустрија** и слично.

Голем дел од стопанските активности во Средоземјето се ориентирани кон **туристичкото стопанство**; изградени се голем број туристички центри во кои се реализира голем туристички промет. Овде посебно се истакнуваат Шпанија, Хрватска, Италија и Грција.




*Суецкиот Канал*

## ЗАДАЧИ

– На карта на Јужна Европа пронајди ги полуостровите, островите, рабните мориња, заливите и поголемите пристаништа.
– На карта на Јужна Европа пронајди ги утоките на поголемите реки и утврди во кои морињa се влеваат. Забележи го тоа во тетратка.

## ПРАШАЊА

– Каде географски е сместено Средоземното Море?
– На колку делови се дели Средоземното Море?
– Каква е бреговата линија на Јужна Европа?
– Наброј некои острови и полуострови во Средоземното Море?
– Каква е климата во областите на Средоземното Море?
– Кои поголеми реки се влеваат во Средоземното Море?
– Какви се растителниот и животинскиот свет во Средоземното Море и зошто?
– Кои се најпознати протоци?
– Наброј ги најпознатите пристаништа во Средоземното Море?
– Каква индустрија се развива во литоралниот појас?
– Какво е туристичкото значење и зошто се развива туризмот?

## ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ

Суецкиот Канал е пловен пат што ги спојува Средоземното и Црвеното Море, така што претставува најкратка врска меѓу Атлантскиот, Индискиот и Тихиот Океан. Патот помеѓу европските пристаништа и пристаништата на Индискиот и на Тихиот Океан се скратува од 8 000 до 15 000 км во однос на патот околу Африка. Каналот е долг 161 км, на површината е широк 120-150 м, а на дното 80 м, со длабочина од 12 м. Изграден е во периодот од 1859 до 1869 година. Главни пристаништа се Суец и Порт Саид. Суецкиот Канал ја сече Суецката Удолина, поврзувајќи неколку езера. Паралелно со Суецкиот Канал се протегаат автопат, железница и водовод со слатка вода - за снабдување на бродовите со вода. Низ Суецкиот Канал годишно поминуваат илјадници бродови со по неколку стотици милиони тони товар.



# ЈУЖНА ЕВРОПА

### РАЗГОВОР

– Какво население живее во Јужна Европа?
– Знаеш ли некои држави во Јужна Европа?
– Кои јазици се зборуваат во Јужна Европа?
– Според што се слични луѓето во Јужна Европа?

## СЛИЧНОСТИ И РАЗЛИКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ЈУЖНА ЕВРОПА

Соодветно на географската положба, на природно-географските одлики, на историските настани и слично, **населението во Јужна Европа е мошне нерамномерно распоредено.** Најгусто се населени котлините (како, на пример, Ломбардиската Низина по реката По во Италија) и приморскиот литорален појас каде што на мошне разгранетите брегови на Јужна Европа се развиени голем број населби, како што се големите пристанишни градови Барселона, Ценова, Неапол, Палермо, Трст, Риека, Сплит, Атина, Солун, Истанбул, Одеса итн.

Во Јужна Европа живеат **голем број народи** со различни религии, култура и традиции.

На Пиринејскиот Полуостров најбројни се **Шпанците** и **Португалците.** Но, во Шпанија живеат и **Каталонци** во приморскиот дел на Средоземјето (говорат свој јазик и имаат широка автономија) и **Баскијци** во северните делови спрема Атлантикот, кои зборуваат на посебен јазик различен од сите европски јазици.

На Апенинскиот Полуостров најмногу живеат **Италијанци**. Помали национални малцинства се **Фурланци** и **јужни Тиролци**, лоцирани во североисточните делови на Италија, како и **Сардинијци** на островот Сардинија.

На Балканскиот Полуостров живеат многу народи и малцинства: **Словенци, Хрвати, Бошњаци, Срби, Црногорци, Македонци, Бугари, Албанци, Грци, Романци, Турци**. Сите тие имаат посебни држави во кои живеат помалобројни мал-

### ПРАШАЊА

– Каква е разместеноста на населението во Јужна Европа?
– Кои територии во Јужна Европа се најгусто населени?
– Кои народи живеат на Пиринејскиот Полуостров?
– Кои народи живеат на Апенинскиот Полуостров?
– Кои народи живеат на Балканскиот Полуостров?
– Во која група спаѓаат јазиците што се зборуваат во Јужна Европа?
– Наброј ги јазиците што се зборуваат во Јужна Европа!
– Кои и какви писма се користат во Јужна Европа?
– Кои религии се исповедаат во Јужна Европа?
– Со што се одликуваат луѓето во Јужна Европа?



*„Св. Климент Охридски“ – православен храм*

### ЗАДАЧА

На политичка карта на Јужна Европа обој ги државите според јазиците што се зборуваат во нив!

цинства.

Сличностите кај населението во Јужна Европа се гледаат во тоа што, со исклучок на баскискиот, турскиот и малтешкиот јазик, сите јазици **спаѓат во индоевропското јазично семејство**; од нив во **романската / италска** група спаѓаат португалскиот, романскиот, шпанскиот и италијанскиот јазик, а на **словенската** група: словеначкиот, хрватскиот, српскиот, македонскиот и бугарскиот јазик. Во посебни групи се **грчкиот** и **албанскиот**. Со исклучок на **грчкото** писмо, во романската и во еден дел од словенската група се користи **латинично**, а во другиот дел **кирилично** писмо. Кои држави на Балканот се користат со кирилично писмо?

Според верската припадност, со исклучок на муслиманското населението во Албанија, Косово, Босна и Херцеговина и Турција и малцинствата во другите држави, населението припаѓа на **христијанска вероисповед**. Населението во Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија, Бугарија, Македонија, Грција и Романија е православно, а населениоето во останатите држави на Јужна Европа е со **католичка вероисповед**. Во сите овие држави одредени проценти од населението се без посебна верска определеност и припадност.

Населението во Јужна Европа се одликува со посебна култура на живеење, со чување и негување на традициите, со дружељубивост, со големо гостопримство, весел темперамент и така слично. Антрополошки, заради географските услови, луѓето што живеат во Јужна Европа имаат потемен тен.

### ЗАПОМНИ

– Населението во Јужна Европа е нерамномерно распоредено.
– Најгусто населени се низините, котлините и приморските територии.
– Во Јужна Европа живеат голем број народи, од кои најбројни се Италијанците, Шпанците, Романците, Грците, Португалците, Србите.
– Во државите од Јужна Европа главно се зборуваат јазици од индоевропското јазично семејство, поточно од италската и од словенската група јазици.
– Посебни индоевропски јазици се грчкиот и албанскиот, а турскиот, баскискиот и малтешкиот јазик се надвор од семејството.
– Во Јужна Европа населението е со католичка и со православна вероисповед, А помал број се со муслиманска вероисповед.



*Јужна Европа – религии*

### РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ВЕРА** – религиозно убедување на човекот.
**КУЛТУРА** – сите достигнувања на човечкото општество во стопанскиот, во општествениот и во духовниот живот.
**ОБИЧАЈ** – начин на живеење и работење на луѓето, соодветно на природните, општествените и културните состојби.


*Ватикан*



# ЈУЖНА ЕВРОПА

**РАЗГОВОР**

– Каков е степенот на развиеност во Јужна Европа?
– Кои стопански гранки се најразвиени?
– Според што може ме да го издвоиме регионот на Јужна Европа во однос на другите?

**ПРАШАЊА**

– Зошто Јужна Европа заостанува во стопанскиот развој во однос на другите региони од Европа?
– Врз база на какви суровини се развива индустријата?
– Кои стопански гранки преовладуваат во Јужна Европа?
– Кои земјоделски производи се најкарактеристични?
– Што придонесува за развојот на земјоделството?
– Кои индустриски гранки се најразвиени во Јужна Европа?
– Наведи некои од најразвиените индустриски подрачја и центри!
– Наброј ги непроизводните дејности што се добро развиени!
– Каков е степенот на развој на туризмот и зошто?

## СТОПАНСТВОТО И ТУРИЗМОТ ВО ЈУЖНА ЕВРОПА

Стопанството во Јужна Европа, заради недостаток на минерални суровини (особено железо) и енергетски извори, постојано **заостанува зад стопанствата во другите делови на Европа**. Голем дел од работната сила во 19 и во 20 век емиг-рирала во делови на Северна, на Средна и на Западна Европа и во Америка. Дел од повратната имиграција пренесува искуства и отвора сопствени стопански капацитети. Со вклучувањето на државите од Јужна Европа во Европската унија нивниот стопански развој е значително забрзан. Ова особено важи за приморските делови имаат голем број пристаништа во кои се **развиени поморската трговија и преработката на увезени суровини**. Одредени индустриски средишта во внатрешноста на државите се, исто така, развиени. Такви примери се Мадрид во Шпанија, Милано и Торино во Италија, така што разликите помеѓу развиените и неразвиените подрачја се помали помеѓу приморските појаси и внатрешноста. Во напредокот на послабо развиените региони голема улога има изградбата на модерни сообраќајници (патишта и железници).

Денес стопанството на Јужна Европа главно се базира на **земјоделството, на индустријата и на туризмот.**

### *Земјоделство*

Релативно поголемата застапеност на ридско-планински територии со присуство на големи површини под карст во Јужна Европа условиле недостигот на плодни почви, така што во ваквите простори е развиено **терасесто земјодел-**




*Јужна Европа*
*– ареали на маслинки*

**ство.** Најкарактеристични растенија што се одгледуваат во Јужна Европа се **маслинката, портокалот, лимонот, мандарината, смоквата** и **кивито**. Сите тие се распространети во непосредните приморски области на разгранетите брегови на Средоземјето. Покрај наведените, и во приморските делови и во внатрешноста на територијата е распространета **виновата лоза** (особено во Шпанија и во Италија). Во неколкуте низини и по долините на поголемите реки се одгледуваат разновидни **житни, индустриски, градинарски** и **фуражни култури**. За кои низини станува збор? Кои се поголемите реки на трите полуострови? Кои растенија се житни, кои це градинарски, а кои се индустриски? Во услови на големо осончување, високи температури и недостигот на врнежи, земјоделството во Јужна Европа многу зависи од **системите за наводнување** ,кои се мошне добро изградени и развиени во Шпанија и во Италија, а нешто помалку во државите на Балканскиот Полуостров.

***Индустрија***

Во отсуство на богати рудни наоѓалишта, во Јужна Европа **индустријата е зависна од увоз на суровини**. Токму затоа индустријата е поразвиена во пристанишните градови. Главно се развиени **хемиската, текстилната** и **прехранбената индустрија**. Скоро сите држави во Јужна Европа индустриски се слабо развиени. Исклучок е Италија, која со индустриските капацитети во Ломбардиската Низина, каде што главен центар е Милано, се вбројува меѓу индустриски најразвиените европски држави. Најразвиени се автомобилската индустрија, индустријата за бела техника и текстилната индустрија. Помали развиени индустриски региони има и во Шпанија, околу градовите Барселона и Билбао.

***Туризам***

Недостигот на индустриски развој се надополнува со **поморскиот сообраќај,** со **транспортот,** со **трговијата** и со **туризмот**. Климатските услови, разгранетите брегови, присуството на голем број историски и археолошки споменици, богатите и разновидни културни традиции се фактори што во Јужна Европа условиле развој на **туристичкото стопанство**. Изградени се огромен број туристички комплекси со сместувачки капацитети од кои голем број туристи од Европа и од другите континенти секоја година ги исполнуваат во целост, оставајќи големи средства. Особено привлечни се **приморските градови и населби** Валенсија, Барселона, Неапол, Венеција, Дубровник, Атина, Солун, но и голем број градови во внатрешноста. На планините е развиен и **планинскиот летен и зимски туризам,** како, на пример на Пиринеите во Шпанија и на Алпите во Италија. Најразвиен туристички промет имаат Шпанија, Италија, Хрватска и Грција, кои располагаат со најдолги брегови линии.



*Рафинерија*

ЗАДАЧА

На карта на Јужна Европа пронајди ги индустриските подрачја и центри и попознатите туристички центри!



*Венеција*

РЕЧНИК НА ПОИМИ

**СТОПАНСТВО** – заедничко име за различни производни деј-ности од примарниот и од секундарниот сектор.

**ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА** – одредено место со туристичко значење, вредно за посетување.



# ЗАПАДНА ЕВРОПА

## РАЗГОВОР

– Знае ли некој каде се наоѓа Западна Европа?
– Каква е нејзината положба?
– Кои држави од Западна Европа ти се познати?

## ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, ДРЖАВИ И ГЛАВНИ ГРАДОВИ

***Географска положба***

**Западна Европа, главно, ги опфаќа териториите што излегуваат на Атлантскиот Океан**. Поради тоа таа се нарекува и Атлантска Европа. Дел од неа е на европското копно, а дел се островски територии. Непосредниот излез на море на државите од Западна Европа им овозможува широка и слободна комуникација со светот. Каналот Ла Манш меѓу Франција и Велика Британија е мошне важен за морскиот сообраќај на западноевропските држави со другите држави



*Париз*




## ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ

Бенелукс е заедничко име за Белгија, Холандија (Недерланд) и Луксембург. Создаден е во 1944, година со склучување договор меѓу трите земји за заедничка економска и царинска унија. Денес тие се членки на Европската унија.

од Европа и од светот. Големите **реки со својата пловност** овозможуваат комуникација длабоко во внатрешноста на државите. Движењето на **Голфската морска струја** покрај бреговите на Западна Европа придонесува за формирање на мошне пријатно климатско поднебје.

Природните погодности во Западна Европа овозможиле висока стопанска развиеност, така што сите држави се одликуваат како **високоразвиени индустриски земји** кои влијаат и врз развојот на другите делови во светот. Една од причините за тоа е фактот што, покрај Шпанија и Португалија, скоро сите држави од Западна Европа формирале големи **колонијални** поседи по светот. Таму се користеле и се користат големи природни богатства и суровини.

Погодните природни и создадените услови во Западна Европа се главна одредница за нивната географска положба. Според тоа, се констатира дека Западна Европа се одликува со **мошне поволна географска положба**.

***Држави во Западна Европа***

Територијата на Западна Европа е поделена на седум држави, од кои: **Велика Британија** и **Ирска** се островски држави, **Холандија, Белгија, Франција** и **Монако** излегуваат на море, а само **Луксембург** е континентална држава. Поради блиската меѓусебна соработка, земјите Белгија, Холандија (Недерланд) и Луксембург со заедничко име се нарекуваат **Бенелукс**.

ПРАШАЊА

– Кои територии во Европа се означуваат како Западна Европа?
– Какви се можностите за комуникација со светот?
– Што овозможуваат големите и пловни реки во Западна Европа?
– Какви се државите според стопанската развиеност?
– Што се тоа колонијални сили и колонијални поседи?
– Каква е географската положба на Западна Европа?
– Наброј ги државите што се наоѓаат во Западна Европа!

ЗАДАЧА

– На картата на Западна Европа пронајди ги државите и идентификувај ги нивните главни градови!

| Знаме | Држава | Главен град | Површина км$^2$ | Население (ООН, 2009) |
|---|---|---|---|---|
|  | Белгија | Брисел | 30 528 | 10 741 000 |
|  | Франција | Париз | 543 965 | 65 073 482 |
|  | Ирска | Даблин | 70 286 | 4 517 800 |
|  | Луксембург | Луксембург | 2 586 | 491 700 |
|  | Монако | Монако-Вил | 2 | 33 000 |
|  | Холандија | Амстердам | 41 526 | 16 517 532 |
|  | Велика Британија | Лондон | 244 110 | 61 612 300 |

*Забелешка*: податоците во табелата се информативни, ученикот не мора да ги учи наизуст.





# ЗАПАДНА ЕВРОПА

РАЗГОВОР

– Какви државни уредувања постојат?
– На чело на која држава има кралица?

ПРАШАЊА

– Како е ориентирано капиталистичкото општество во сферата на стопанството?
– Какви општествени уредувања се среќаваат во земјите од Западна Европа?
– Наброј ги имињата на државите што се наоѓаат во Западна Европа!
– Кои територии го сочинуваат Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска?
– Во кои држави од Западна Европа на чело на државата се наоѓа крал или кралица?
– Кои држави од Западна Европа имаат претседател на чело на државата?

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УРЕДУВАЊЕТО НА ДРЖАВИТЕ

Општите историски, културни и традиционални промени во Европа влијаеле и врз формирањето на општественото уредување на државите од Западна Европа. Во основа, сите имаат капиталистичко општество базирано на пазарна економија, додека **општествено-политичкото уредување** на државите е различно.

**Кралство Белгија** – парламентарна монархија каде што на чело на државата е крал, а законодавната власт им припаѓа на кралот и на парламентот.

**Република Франција** – република на чело со претседател, кој има широки овластувања.

**Република Ирска** – парламентарна република со претседател, а законодавен орган е парламентот.

**Големо Војводство Луксембург** – уставна наследна монархија на чело со големиот војвода на Луксембург и со законодавна власт – Домот на пратениците.

**Кралство Холандија** – уставна монархија на чело со кралица. Законодавната власт е во надлежност на кралицата и на парламентот.

**Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска** – парламентарна монархија на чело со кралица и со за-



*Бакингамската палата во Лондон*

конодавен парламент. Во рамките на Кралството се наоѓаат Англија, Велс со национално собрание, Шкотска со посебен парламент и Северна Ирска со свое регионално собрание.

**Монако** – уставна монархија, кнежество. На чело на државата има кнез, законодавната власт е во надлежност на кнезот и Националниот совет.

### ЗАДАЧА

– Пронајди какви општествени уредувања имат земјите од Западна Европа.




*Париз - национална асамблеа*

### ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ

Поради отвореноста кон Атлантскиот Океан, земјите од Западна Европа од поодамна, а особено за време и по големите географски откритија имаат колонизирано голем број територии на африканскиот континент, во Северна и Јужна Америка, во Австралија и во Азија. Така, тие беа познати како големи колонијални сили. Најголеми колонијални поседи имаа Велика Британија и Франција, нешто помалку Холандија и Белгија. Велика Британија, Франција и Холандија имаат такви поседи и денес.

Поради колонијалните поседи голем дел од населението на овие држави има мигрирано на другите континенти. Тоа особено е карактеристично за островските државин. Велика Британија и Ирска.



# ЗАПАДНА ЕВРОПА

РАЗГОВОР

– Што знаеш за релјефот во Западна Европа?
– Каква е климата во Западна Европа?

ПРАШАЊА

– Наброј ги планините штосе наоѓаат во Западна Европа!
– Каков е релјефот во Холандија?
– Под кое влијание се формира климата во Западна Европа?
– Што е тоа Голфска струја?
– Зошто има мали температурни разлики меѓу зимата и летото?
– Со што се одликува атлантското поднебје?
– Зошто Западна Европа се нарекува Зелена Европа?



*Западна Европа – релјеф*

## РЕЛЈЕФОТ И КЛИМАТА ВО ЗАПАДНА ЕВРОПА

### *Релјеф*

Поголемиот дел од територијата на Западна Европа се одликува со **едноличен низински релјеф**. Во него се издвојуваат територии под типични низини и поголеми котлини во широките речни долини. Најкарактеристична низинска земја е Холандија. Нејзината територија, поради погодните услови, е најнаселена и со најразвиено стопанство.

**Старите ниски зарамнети планини се претежно со мали релативни височини** до околу 500 м. Поретки се планините што се издигаат над 1 000 м. Такви се планините во Велика Британија, Ардените во Белгија и Централниот масив во Франција. Овие планини со своите рудни богатства се основата за појавата и развојот на првата индустрија во светот, така што во нивна непосредна близина се развиени поголем број рударски и индустриски населби.

**Младите набрани планини во Западна Европа се незначително застапени**. Опфаќаат делови од Пиринеите и од Француските Алпи. Тие се одликуваат со типичен високопланински релјеф чии врвови се под постојан снег и мраз, со присуство на глечери. Меѓу Франција и Италија се наоѓа Мон Блан/Монте Бјанко (4 810 м), највисокиот врв во Европа. Остатоци од глацијалните периоди има и на некои од планините во Шкотска.

### *Клима*

**Климата во Западна Европа, е главно, под влијание на Атлантскиот Океан** и на западните ветрови кои од Океанот дуваат кон копното. Големо влијание има топлата **Голфска струја,** која покрај бреговите на Западна Европа се движи од појужните кон посеверните мориња. Овие фактори условуваат меѓу зимските и летните периоди во Западна Европа да има **мали температурни разлики**. Тие се движат од 0°C во јануари до околу 15°C во јули. Токму затоа во лето преовладуваат облачни денови со чести врнежи и магли. Затоа климата во Западна Европа се именува како **атлантско поднебје** за кое се карактеристични **благи зими и умерено топли лета.**

Во некои региони климата се одликува со одредени модификации, но тие, главно, не зафаќаат поголеми територии. Станува збор за присуство на **медитеранска клима на југот на Франција**, типична **планинска клима на Француските Алпи и на Пиринеите** и значително поврнежливо време во западните делови на Ирска и Велика Британија.

Благопријатната клима и релативно големите количества врнежи, кои имаат прилично правилен распоред преку годината, овозможуваат развиток на бујни, **претежно тревни растителни видови** наместа прекинати со помали површини од листопадни шумски растенија. Сето тоа територијата на Западна Европа ја прави зелена, поради што Западна Европа често се нарекува и **Зелена Европа**.







*Голфска струја*

## ЗАДАЧИ

– На карта на Западна Европа идентификувај ги планинските територии, низините и разместеноста на врнежите!

## ЗАПОМНИ

– Релјефот на територијата на Западна Европа е претежно рамничарски.
– Стари ниски планини се присутни во Велика Британија, Ардените во Белгија и Централниот масив во Франција.
– Млади венечни планини се Француските Алпи и Пиринеите.
– Климата во Западна Европа е под влијание на Атлантскиот Океан и Голфската морска струја. Се одликува со благи зими и умерено топли лета. На југот на Франција има медитеранска клима, а на планините има планинска клима.

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ВИСОРАМНИНА** – поголема зарамнета површина на повисока надморска височина.
**ДЕПРЕСИЈА** – езеро кај кое и нивото и дното се под нивото на морето. Такво е на пример, Каспиското Езеро.
**КРИПТОДЕПРЕСИЈА** – езеро чие дно лежи под, а нивото над морското ниво. На пример такви се Скадарското и Бајкалското Езеро.
**ПЛАНИНА** – јасно истакнато возвишение во релјефот на копното кое се издига од околните пониски и зарамнети терени.



# ЗАПАДНА ЕВРОПА

РАЗГОВОР

– Како влијаат морињата врз животот на луѓето?
– Што е карактеристично за Западна Европа?

ПРАШАЊА

– Какви морски брегови постојат?
– Како се нарекуваат високите морски брегови?
– Каде има ниски брегови во Западна Европа?
– Што е карактеристично за бреговите на Холандија?
– Какво е колебањето на морето (прилив и одлив)?
– Како се снабдува Западна Европа со суровини?
– Што се тоа естуари и наведи некои реки како пример?
– Како влијае поморскиот сообраќај врз развојот на внатрешноста на Западна Европа?

## ВЛИЈАНИЕ НА МОРИЊАТА ВРЗ ЖИВОТОТ НА ЛУЃЕТО (НЕКОГАШ И ДЕНЕС)

Отвореноста на териториите на Западна Европа спрема морињата е главна одредница и за организацијата на животот на населението во приморските населби. Голема улога во тоа имаат **карактеристиките на бреговите**. Во основа, се издвојуваат два типа брегови: **високи** и **ниски**.

**Високите брегови** настануваат со распаѓање на карпите под дејство на морските бранови. Таквите облици се нарекуваат **клифови**. Такви брегови повеќе се среќаваат на Британските Острови, но и во приморските делови на Франција. Со подолго влијание на морските бранови висината на клифовите се намалува и на тој начин се формираат ниски брегови. **Ниските брегови** зависат и од надморската височина на крајбрежниот релјеф. Во Западна Европа ниските брегови се карактеристични за крајбрежните линии на Северна Франција, на Белгија и на Холандија. Ниските брегови настануваат на места каде што морските бранови наталожуваат песок покрај брегот. Така се формираат поголеми **песочни насипи,** од кои под влијание на ветерот, се формираат **дини**. Така се формирани многубројни песочни полуострови и ос-



*Естуарот на Темза*

трови со плитки морски заливи. Уште од 13 век, во холандија луѓето се досетиле дека можат да ги спојуваат овие облици, заградувајќи дел од плиткото море. Од така формираните заливи со помош на ветерници ја црпат водата, при што се формираат таканаречени **полдери** со кои се проширува копнената површина за сметка на морето. Полдерите се пониски од нивото на морето и поради тоа се означуваат како **депресии**. Денес околу 40% од територијата на Холандија е пониска од нивото на морето. Карактеристично за приатлантскиот брег на Западна Европа е **големото колебање на морето** кое настанува под влијание на Месечината. Станува збор за **прилив** – највисоко ниво на морето, и **одлив** – најниско ниво на морето. Ова особено е карактеристично за приатлантските делови на Франција.

**Приливот** е еден од факторите за формирање **естуари** на поголемите речни текови, како што се: Сена, Лоара и Гарона во Франција, Темза во Велика Британија, Рајна во Холандија.

Широката **отвореност кон морињата** уште од многу одамна придонесла за развој на рибарството во Западна Европа. Морето е главниот пловен пат кон другите делови од светот. За остварување на таа комуникација се изградени **многубројни пристаништа** преку кои државите во Европа се снабдуваат со разни суровини од целиот свет. Во нив се лоцираат големи количества **енергетски суровини**, како што е нафтата и рафинерии за преработка на нафтата. Типичен пример е Ротердам во Холандија, најголемото пристаниште во светот.

Пристаништата преку естуарите и **пловните реки и канали** непосредно се поврзуваат со внатрешноста на државите од Западна Европа, но и со државите од Средна Европа. Во непосредна близина на Западна Европа во Северното Море се изградени голем број **нафтени платформи** за експлоатација на нафта од подморски резерви.

### ЗАДАЧА

– На карта на Западна Европа разгледај ги бреговите и утврди кои реки се влеваат во Атлантскиот Океан и во Северното Море, и кои пристаништа се развиле.

### ЗАПОМНИ

– Во Западна Европа има два типа брегови: високи и ниски.
– Во Холандија преовладуваат ниските брегови, со песочни насипи и насипи изградени од човекот, така што се формираат полдери и се освојуваат нови територии за сметка на морето.
– Во Западна Европа е карактеристично големо колебање на морето. На бреговите во Западна Европа се изградени многубројни големи пристаништа, како што се Ротердам, Амстердам, Лондон итн.
– Во Северното Море се експлоатира нафта со посебно изградени нафтени платформи.

### РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ЕСТУАР** – утока на река во вид на залив; под влијание на морските бранови, на приливите и на одливите, речното корито е проширено. Такви се утоките на реките Темза, Лаба, Лоара и други.
**КАНАЛ** – вештачки воден тек што се користи за пловидба, за вештачко наводнување, за одводнување и за хидроенергетски потреби. Има големо економско значење.
**ПОЛДЕР** – земјиште освоено од морето со работни активности на човекот и приспособено за земјоделство. Карактеристика на приморјето на Холандија, Белгија и Германија. Полдерите се пониски од нивото на морето. Тие од морето се одвоени со земјени насипи.
**НАФТЕНА ПЛАТФОРМА** – посебна градежна конструкција, која се гради во морињата и на која се потпира целата апаратура за вадење нафта од морското дно.
**НАСИП** – одбранбен градежен објект наменет за да спречи поплавување на земјиштето од страна на морска или речна вода.



# ЗАПАДНА ЕВРОПА

**РАЗГОВОР**

– Кои држави спаѓаат во Западна Европа?
– Според државите, кои народи живеат во Западна Европа?
– Што е колонијална сила?



*Население*

## НАСЕЛЕНИЕТО ВО ЗАПАДНА ЕВРОПА

Територијата на Западна Европа е мошне **густо населена**. Но, густината на населеност е нерамномерна. Најгусто се населени Холандија и Белгија, северните делови на Франција и јужните делови на Велика Британија. Другите делови, како што се јужните делови на Франција и Ирска, се со поретка густина на населеност. Населението во Западна Европа, главно, припаѓа на **две групи народи**: на **германската** и на **италската** група. Поголемиот дел и припаѓа на германската група. Во неа спаѓаат **Англичаните**, **Холанѓаните** и **Фламанците** во Белгија. Во романската група народи спаѓаат **Французите** и **Валонците** во Белгија. Карактеристично за Западна Европа е тоа што во Ирска, во Северна Шкотска, во Велс и на францускиот полуостров Бретања живеат **потомци на Келтите**, кои зборуваат на свои посебни јазици. Меѓутоа, главни јазици се: **англискиот,** кој се зборува во Англија, во Шкотска, во Велс, во Северна Ирска и во поголем дел на Ирска; **францускиот,** кој се говори во Франција и во Белгија; **холандскиот** – во Холандија и скоро во половина од Белгија; **герман-**




**ПРАШАЊА**

– Каква е густината на населеност во Западна Европа?
– Кои групи народи го претставуваат населението на Западна Европа?
– Кои народи спаѓаат во германската група?
– Каде живеат потомците на Келтите?
– Кои јазици се зборуваат во земјите од Западна Европа?
– Кои се посебни јазици?
– На кои религии припаѓа населението во Западна Европа?
– Кои држави од Западна Европа се познати како колонијални сили?
– Каков е природниот прираст на населението во Западна Европа?

**скиот** – во делови од Белгија, од Луксембург и од Франција. Помалку застапени се **баскискиот** – во југозападните делови на Франција и каталонскиот во јужните делови на Франција, како и **корзиканскиот** – на островот Корзика.

Според религиската припадност, населението во Западна Европа главно припаѓа на **христијанската религија**: во Франција, во Ирска и во Белгија се негува **католичка вероисповед**, а во Велика Британија и во делови од Холандија населението е со **протестантска вероисповед**.

Четири држави – Велика Британија, Франција, Холандија и Белгија – се познати како **колонијални сили** со колонии низ целиот свет, особено во минатото. Еден дел од нивното население во даден временски период по разни основи емигрирало во колониите. Типичен пример е Ирска. Но, по подолготрајните комуникации со колониите, дел од населението на колониите дошло во земјите на Западна Европа. Денес тоа е мошне карактеристично: за Франција, каде што голем дел од населението по потекло е од Алжир, од Мароко и од други земји; за Велика Британија, каде што голем број жители по потекло се од Индија и од некои африкански земји.

Во контекст на виталноста, населението во Западна Европа се одликува со **стабилен природен прираст,** кој се движи до околу 10 промили.

Културата на земјите од Западна Европа денес скоро во целост е пренесена на северноамериканскиот континент, во Австралија и делумно во Африка и во Азија.




## ЗАДАЧА

– Проучи како се одвивале процесите на колонизацијата, на иселувањето на населението од Западна Европа на други континенти и ширењето на културата.

## ЗАПОМНИ

– Западна Европа е густо насе-лена. Населението цпаѓа во италската и во германската група народи.
– Германската група ја сочинуват: Англичаните Холанѓаните и Фламанците. Италската група ја сочинуват Французите и Валонците во Белгија.
– Најзастапени се англискиот, францускиот, холандскиот и германскиот јазик. Баскискиот и корзиканскиот јазик се посебни.
– Во Западна Европа се застапени католичката религија во Франција и во Ирска, а протестантската вероисповед во Холандија и во Велика Британија.
– Западноевропските земји (Велика Британија, Франција, Холандија и Белгија) беа познати колонијални сили. Првите три и денес имаат туѓи територии под своја власт.
– Населението во Западна Европа има стабилен природен прираст.

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ИМИГРАЦИСКА ЗЕМЈА** – територија или држава каде што се доселува население од други земји.

# ЗАПАДНА ЕВРОПА



### РАЗГОВОР

– Какво е стопанството во земјите од Западна Европа?
– Кои гранки се најразвиени?

### ЗАПОМНИ

– Земјите од Западна Европа се високоразвиени земји.
– Имаат развиено полјоделство и сточарство.
– Од индустријата денес најразвиени се автомобилската, индустријата за летала, електроиндустријата, индустријата за информатички технологии, индустријата за медицинска опрема и разни електроапарати.
– Енергијата се добива од атомски централи, од хидроцентрали, од ветерници и од нафтените полиња во Северното Море.




## СТОПАНСТВОТО НА ЗАПАДНА ЕВРОПА (НЕКОГАШ И ДЕНЕС)

**Стопанството** во Западна Европа е **високоразвиено** и тесно специјализирано. Тоа се однесува и на примарните и на секундарните, како и на останатите дејности.

Во областа на **примарните дејности** се развиени и **полјоделството** и **сточарството**. Најзастапени полјоделски култури се житните растенија (особено пченицата), шеќерната репка, компирот, виновата лоза и фуражните растенија. Од сточарските гранки најразвиени се **говедарството** и **овчарството**. Овчарството е карактеристично за помалку развиените предели на Шкотска, за Ирска и за повисоките простори на Франција.

Посебна одлика на Франција е производството на **пченица**, на **вино** и на **сирење**, а во Холандија на **цвеќарството**. Производството со примена на современа механизација и квалитетни ѓубрива е високопродуктивно и мошне обемно, така што голем дел од него се извезува во земјите во Европа и во светот.

### *Индустрија*

Индустриското производство во Западна Европа почнало да се развива во 19 век. На почетокот, низ **мануфактурно производство** се создавале разни артикли во мали работилници. Поради богатството со железо и јаглен, најпрво **во Велика Британија се развиле првите индустриски претпријатија,** кои потоа се прошириле во другите држави од Западна Европа. Најзастапени биле **металургијата** и **текстилната индустрија**. Голем дел од производите се извезувале во целиот свет, а оттаму се увезувале суровини. Во втората половина на 20 век, заради заштита на околината, дел од рударството и металургијата во земјите од Западна Европа се напушта. Суровините од овие дејности се увезуваат од странство. Проблемот со невработеноста се надминува со пренасочување кон развој на **нови индустриски гранки, ориентирани кон финално производство** и производство за широка потрошувачка. Така се развиени **автомобилската индустрија, индустријата за летала, електроиндустријата, хемиската** и во најново време **индустријата за високи технологии во сферата на информатиката, медицинската опрема, разни електронски апарати** и друго. Поголемиот дел од работата се врши со роботи.

Главни **индустриски центри** се поголемите градови, како, на пример: Глазгов, Манчестер, Ливерпул, Бирмингем, Лон-

дон и други во Велика Британија, Даблин во Ирска, Амстердам и Гронинген во Холандија, Брисел во Белгија, потоа Париз, Лион, Гренобл, Марсеј, Тулуз, Бордо и други во Франција.

***Енерīија***

Современиот начин на живеење бара големи количества **енергија**. Земјите од Западна Европа, во недостиг на хидро и термоенергија, енергијата ја обезбедуваат од **атомски централи, од ветерници и од нафтоводи и гасоводи,** кои од Северното Море (каде што се експлоатира со посебни нафтени и гасни платформи) се поврзани со Велика Британија, со Холандија и со Белгија. Франција е посебна во енергетското производство. Во неа 78% од енергијата се добива во атомски централи. Големата разлика на приливот и одливот на брегот на Атлантскиот Океан е искористена за **централи базирани на таквото движење на морските води.**

***Друīи дејносīи***

Денес во Западна Европа околу една третина од населението живее од работата во примарните и секундарните дејности, а околу две третини од населението е вработено во терцијарните и во квартарните дејности, како што се: **трговијата, туризмот, сообраќајот, банкарството** и разни сродни дејности и услуги. Голем подем во Западна Европа има **туризмот,** кој е развиен во поголемите градови, во приморските центри и на планинските масиви, особено на Алпите. Особено се карактеристични Азурниот Брег на Средоземјето, планинските центри на Алпите, потоа Париз, Амстердам, Лондон и многу други центри.

### ЗАДАЧА

– Убаво разгледај ја картата на Западна Европа и пронајди ги индустриските центри.

### ПРАШАЊА

– Кои стопански гранки од примарниот сектор се најразвиени во Западна Европа?
– Што се произведува најмногу во сферата на полјоделството? Кои сточарски гранки се најразвиени?
– Што е карактеристично за Холандија во областа на полјоделството?
– Во почетокот на развојот какво беше индустриското производство во Западна Европа?
– Каде и зошто се развиле првите индустриски претпријатија?
– Како се ориентирани новите индустриски гранки и што произведуваат тие?
– Кои се поголемите индустриски центри во Западна Европа?
–Како се обезбедува енергијата во Западна Европа?
– Со што се одликува Франција во сферата на енергетиката?
– Кои непроизводни дејности се развиени?
– Кои се најкарактеристичните туристички подрачја?

### РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ЗЕМЈОДЕЛСТВО** – стопанска дејност на човекот која се базира на производство и искористување на растенијата и на животните заради обезбедување храна и како суровина за индустриска преработка.
**ИНДУСТРИЈА** – стопанска дејност која го опфаќа производството на минерали и преработка на суровините по машински пат.
**ПРИРОДНИ БОГАТСТВА** – разни суровини од минерално и од неминерално потекло присутни на одредена територија кои може да ги користи човекот.
**СООБРАЌАЈ** – збир на транспортни, радиотелевизиски и поштенско-телекомуникациски услуги. Се состои од сообраќајна инфраструктура и сообраќајни средства. Може да биде копнен, воден и воздушен.
**ТУРИЗАМ** – стопанска дејност поврзана со патување и привремен престој на луѓето надвор од постојаното место на живеење, заради одмор, разонода, лекување или запознавање на природните и на културните вредности (објекти).



# СЕВЕРНА ЕВРОПА

**РАЗГОВОР**

– Кој полуостров е познат во Северна Европа?
– Кое средоземно море це наоѓа во Северна Европа?

## ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, ДРЖАВИ И ГЛАВНИ ГРАДОВИ

***Географска положба***

Северна Европа главно ги зафаќа териториите на Скандинавскиот Полуостров. Затоа често се именува и како **Скандинавија**. Ги зафаќа најсеверните делови на Европа (најсеверната точка Нордкап во Норвешка); според терминот норден за север, државите во Северна Европа се нарекуваат **нордиски држави**. Тоа особено се однесува на Норвешка и на Шведска, меѓутоа, поради општествените и културните сличности во оваа група се вбројуваат и Финска, како и Данска и Исланд, кои се одвоени од Полуостровот.

Поради излезот на Атлантскиот Океан и длабоко нав-



Осло




**ПРАШАЊА**

– Кои територии ги зафаќа Северна Европа?
– Според името на полуостровот, како се именува поинаку Северна Европа?
– Зошто се нарекуваат нордиски земји, државите во Северна Европа?
– Зошто Северна Европа има поволна географска положба?
– Каков тип релјеф преовладува во Северна Европа?
– Со кои протоци се поврзани
– Северното и Балтичкото Море?
– Кои држави спаѓаат во Северна Европа?
– Кои се главни и поголеми градови во Северна Европа?

**ЗАДАЧА**

– Објасни какви се разликите во климата на Скандинавскиот
– Полуостров и зошто постојат тие разлики!

лезеното Балтичко Море, Северна Европа се одликува со мошне **поволна географска положба**: има многубројни комуникации кон државите од Западна, од Средна и од Источна Европа, но и кон Северна Америка, како и кон Арктикот.

Нејзината положба е специфична од повеќе аспекти. Во Северна Европа владее значително поладна клима во споредба со другите делови од Европа. Поради подолготрајните влијанија на глацијацијата релјефот е поспецифично обликуван со разни **глацијални типови релјеф**.

Особено важни за географската положба се **протоците** Ересунд, Голем и Мал Белт, Скагерак и Категат, преку кои од Атлантикот се навлегува во Балтичкото Море. Преку него и преку пловните реки во Средна и во Источна Европа Скандинавија се поврзува со внатрешноста на континентот.

***Држави***

Територијата на Северна Европа е главно полуостровска и островска, така што **сите држави излегуваат на море**. Поделена е на пет држави. Непосредно на Скандинавскиот Полуостров се наоѓаат Норвешка и Шведска, потоа и Финска. Полуостровот Јиланд со група острови и припаѓа на Данска, а островот Исланд со група помали острови и припаѓа на истоимената државата.

ЗАПОМНИ

– Северна Европа ги зафаќа територите на Скандинавскиот Полуостров и поради тоа се нарекува Скандинавија.
– Според името на најсеверната точка Нордкап, земјите од Северна Европа често се нарекуваат нордиски држави.
– Северна Европа има поволна географска положба.
– Сите држави од Северна Европа излегуваат на море.
– Во релјефот преовладуваат глацијални типови релјеф.
– Во Северна Европа спаѓаат државите: Норвешка, Шведска, Финска, Данска и Исланд.

| Знаме | Држава | Главен град /престолнина | Површина км$^2$ | Население (ООН, 2009) |
|---|---|---|---|---|
|  | Норвешка | Осло | 323 878 | 4 821 137 |
|  | Шведска | Стокхолм | 449 964 | 9 276 509 |
|  | Финска | Хелсинки | 338 145 | 5 336 458 |
|  | Данска | Копенхаген | 43 094 | 5 515 287 |
|  | Исланд | Рејкјавик | 102 819 | 319 326 |

*Забелешка*: податоците во табелата се информативни, ученикот не мора да ги учи наизуст.



*Стокхолм*



*Копенхаген*



# СЕВЕРНА ЕВРОПА

### РАЗГОВОР
– Какво општествено уредување имаат држави од Северна Европа?
– На кои држави се мисли кога се зборува за Северна Европа?

### ПРАШАЊА
– Кои од државите од Северна Европа се кралства?
– Кои од државите од Северна Европа се републики?
– Кои други територии спаѓаат во Норвешка?

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УРЕДУВАЊЕТО НА ДРЖАВИТЕ

Посебната географска положба, специфичните релјефни типови, поладните климатски одлики, одвоеноста од непосредното европско копно и поразличниот начин на живеење – условиле во Северна Европа да се формираат неколку посебни држави. Сите тие имаат заеднички, но и свои засебни природно-географски и општествено-политички состојби. Сите држави имаат **капиталистичко општествено уредување**, а секоја има посебно државно уредување.

**Кралство Данска** – уставна монархија на чело со кралица. Законодавната власт ја имаат кралицата и парламентот. Во рамките на Данска влегуваат и Фарските Острови со своја внатрешна автономија.

**Кралство Шведска –** уставна монархија на чело со крал; законодавната власт ја има парламент.



*Парламентот во Осло*
*(односно зградата на парламентот)*

### ЗАДАЧИ
– На Интернет побарај податоци за секоја држава од Северна Европа посебно.
– Разгледај и некои слики со кои се одликува Северна Европа.

### РЕЧНИК НА ПОИМИ

**МОНАРХИЈА** – облик на државно уредување во коеуправува едно лице – монарх, чија власт е доживотна и наследна.

**Кралство Норвешка** – уставна монархија на чело со крал. Во рамките на Кралството Норвешка влегува Свалбард, кој го сочинуваат Шпицбергенските Острови и Мечкиниот Остров и островот Јан Маен како посебна територија.

**Република Исланд** – парламентарна република на чело со претседател. Законодавната власт е во надлежност на претседателот и на парламентот.

**Република Финска** – парламентарна република на чело со претседател. Законодавната власт ја имаат претседателот и парламентот. Во рамките на Финска се наоѓаат и Оландските Острови во Балтичкото Море.

### ЗАПОМНИ

– Државите од Северна Европа имаат капиталистички начин на уредување.
– Државите Норвешка, Шведска и Данска се кралства.
– Финска и Исланд се републики според државното уредување, на чело со претседател.



*Парламентот во Стокхолм*



*Парламентот во Копенхаген*

### ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ

Скандинавскиот Полуостров е најголем полуостров во Европа. Се простира меѓу Атлантскиот Океан и Балтичкото Море со Ботнискиот Залив и Арктичкиот Океан. Зафаќа околу 1 100 000 км$^2$. Има должина од околу 1 900 км и широчина од 400 до 700 км. На него живеат околу 15 милиони луѓе. По должината на Скандинавскиот Полуостровот се простираат старите Скандинавски Планини, кои се состојат од кристалести шкрилци, гранити и гнајсеви. За време на глацијалниот период биле изложени на голема глацијална ерозија. Глечерите многу влијаеле врз формирањето на изгледот на релјефот на Скандинавскиот Полуостров. Западните брегови се мошне разгранети; со потопување на глечерските долини се создадени длабоки и долги тесни заливи кои се нарекуваат фјордови. Пространи делови од Скандинавија се зарамнети и се нарекуваат фјелдови. Глечерите оформиле голем број езера. Големи делови од Скандинавскиот Полуостров и денес се под глечери. Западните делови се под влијание на атлантската клима и топлата Голфска струја, како и на студени воздушни маси од север и од исток. Западните делови имаат поголемо количество врнежи, па затоа реките се кратки, брзи, со голем пад и полноводни, така што имаат голема енергетска моќ. Други природни богатства се шумите и рудите на железо, бакар, олово, цинк и др. Полуостровот политички е поделен на Норвешка, Шведска и Финска.



# СЕВЕРНА ЕВРОПА

### РАЗГОВОР

– Како влијае релјефот врз животот на луѓето?
– Како влијае климата на луѓето?
– Како влијаат релјефот и климата врз населението во Северна Европа?

## УЛОГАТА НА РЕЛЈЕФОТ И НА КЛИМАТА ВРЗ ЖИВОТОТ НА ЛУЃЕТО ВО СЕВЕРНА ЕВРОПА

***Релјеф***

Според одликите на релјефот, Северна Европа е мошне разновидна. На една страна се издвојува територијата на Данска, на полуостровот Јиланд и поголем број острови кои се рамничарски, со надморска височина под 200 м. На Скандинавскиот Полуостров од Атлантикот се издигаат **Скандинавските Планини,** чии сртови се протегаат по должината на Полуостровот. Тие во Шведска се спуштаат кон Балтичкото Море, поточно кон Ботнискиот Залив. Релјефот во Финска е претежно рамничарски, испресечен со десетици илјади езера по кои се одвива голем сообраќај. Поради глацијацијата (која во посеверните простори е присутна и денес), Скандинавските Планини (Норвешка) спрема Атлантикот се одликуваат со **карактеристични глацијални релјефни форми** познати како **фјордови**. Тие настанале кога крајбрежните долини биле исполнети со глечери кои со својот притисок ги продлабочиле и прошириле долините, а потоа со топењето на глечерите ваквите долини останале исполнети со вода, така што денес во вид на издолжени заливи навлегуваат

### ПРАШАЊА

– Каков е релјефот во Северна Европа?
– Кои планини се главна одлика на релјефот во Северна Европа?
– Како се нарекуваат карактеристичните релјефни форми во Северна Европа?
– За што се користат фјордовите?
– На кој дел од територијата на Северна Европа има вулкани, земјотреси и гејзири?
– Каква е климата на бреговите на Норвешка?
– Каква е климата на бреговите на Балтичкото Море со Ботнискиот Залив?
– Како влијае климата врз водниот сообраќај во Балтичкото Море?



*Северна Европа – релјеф*

### ЗАДАЧИ

– Пронајди и објасни како настануваат фјордовите!
– Објасни како влијае Голфската струја врз климата во Норвешка!

длабоко во копното. Тие се присутни по целиот норвешки брег и служат како **важни пловни патишта** за просторите во внатрешноста на земјата. Притоа се формирани многубројни глацијални морени и глацијални езера.

За разлика од стабилното скандинавско копно, на Исланд е присутно немирно земјиште со чести **земјотреси** и **вулкански активности** кои во секој момент претставуваат закана за населението. Дел од вулканите се под глечери, така што со нивното активирање се врши нагло топење на мразот и се предизвикуваат поплави. На Исланд се присутни голем број **гејзири** со **термоминерални води** кои населението ги користи за разни потреби и за затоплување.

### *Клима*

Продирањето на топлата **Голфска струја** од југ покрај бреговите на Западна Европа и западните делови на Данска и на Норвешка е главната причина за **благопријатната клима** на западниот брег на Скандинавија. Поради тоа, и покрај големите географски широчини и најсеверните територии на Полуостровот спрема Атлантикот не замрзнуваат. Сосема спротивни се климатските прилики во внатрешноста, поточно на териториите на Шведска, Финска и Ботнискиот Залив. На овие простори температурите се значително пониски, така што **северните делови на Ботнискиот Залив се замрзнати по неколку месеци**. Соодветно на температурните услови се јавуваат разлики во количествата врнежи кои во западните делови (свртени кон Атлантикот) имаат поголеми количества, а во внатрешноста на Полуостровот тие се помали. Наведените климатски услови во Норвешка овозможиле мошне поволни елементи за развој на **енергетиката, на поморството, на рибарството** и слично. Од друга страна, неколкумесечното замрзнување на Ботнискиот и на Финскиот Залив влијаат ограничувачки во функционирањето на водниот сообраќај.

Во целина, поради големите географски широчини, релјефните услови, климата и морската одвоеност на Полуостровот придонесле за нешто **поретка населеност** на Скандинавија.



*Зимзелена шума*

## ЗАПОМНИ

– Релјефот во Северна Европа е мошне разновиден.
– Главен релјефен објект се Скандинавските Планини.
– Западните брегови на Норвешка се многу разгранети, со голем број фјордови.
– Во внатрешноста на Скандинавија и околу Балтичкото Море релјефот е рамничарски.
– Во Северна Европа има голем број езера како остатоци од глацијалниот период.
– Поради Голфската струја, климата на бреговите на Норвешка е поблага и пријатна, додека во внатрешноста -околу Балтичкото Море е постудена.




*Северна Европа – врнежи*

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ГЛЕЧЕР/ЛЕДНИК** – голема маса мраз која во вид на мразни јазици, струја или река – под влијание на сопствената тежина бавно се движи преку Земјината површина. Глечерите се образуваат во областите над снежната граница.



# СЕВЕРНА ЕВРОПА

**РАЗГОВОР**

– Какви брегови линии постојат?
– Како се нарекуваат издолжените заливи во Норвешка?

**ПРАШАЊА**

– Каква е бреговата разгранетост на Скандинавскиот Полуостров?
– Каде се разместени фјордовските брегови во Северна Европа?
– Какви се релјефот и морските брегови во Данска?
– Што овозможува разгранетиот брег на Северна Европа?
– Кои градови се развиени на бреговите на Северна Европа?
– Какви се речните текови во Северна Европа и што овозможуваат тие?

**ЗАПОМНИ**

– Скандинавските земји имаат најразгранети брегови.
– Во Норвешка и на Исланд се присутни високи брегови, а во Данска, на Финска и делумно во Шведска се присутни ниски брегови.
– Разгранетите фјордовски брегови линии овозможуваат голем поморски сообраќај. Од Скандинавскиот Полуостров течат повеќе кратки, но полноводни и брзи реки со голем енергетски потенцијал. Во земјите од Северна Европа се развиени риболовот и туризмот. Фјордовите се користат и за изградба на електроцентрали базирани на приливот и одливот, кои во Норвешка се мошне високи.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА МОРСКИОТ БРЕГ И НЕГОВОТО ЗНАЧЕЊЕ

Северна Европа, односно Скандинавскиот Полуостров, полуостровот Јиланд, островот Исланд и многу други острови се одликуваат со **најразгранета брегова линија** во светски рамки. За тоа придонесуваат длабокото навлегување на Балтичкото Море во европското копно, како и приморјето на Норвешка кое се одликува со **голем број фјордови**. Во основа се издвојуваат два типа морски брегови во Северна Европа: **ниски** и **високи**. **Ниски се бреговите** на Данск, каде што релјефот во целата држава не надминува 200 м, потоа бреговите на Шведска и на Финска кои излегуваат на Балтичкото Море. **Високи брегови линии** се присутни во Норвешка и на Исланд. За нив е карактеристично тоа што тие се со глацијално потекло, па при нивното обликување се формирале издолжени заливи познати под името фјордови.




*Фјордови во Норвешка*

Големата должина на бреговата линија е мошне важна бидејќи така е овозможен развојот на голем број **приморски населби** и **пристаништа** меѓу кои и големите градови, како што се: Копенхаген (престолнина на Данска), Стокхолм (престолнина на Шведска), Хелсинки (главен град на Финска), потоа Малме, Гетеборг и други. Така е овозможен **голем поморски сообраќаен промет** не само меѓу земјите од Северна Европа туку и со земјите од Западна, од Средна и од Источна Европа.

Посебно значење имаат норвешките приатлантски фјордовски брегови. Нивното издолжено заливско протегање овозможува **пловидба** со која се навлегува длабоко **во внатрешноста на копното**. Благопријатната приатлантска клима со големи количества врнежи овозможува формирање на многубројни **полноводни речни текови,** кои стрмно се спуштаат од Скандинавските Планини и имаат **голем енергетски потенцијал**. Изразитото големо колебање на морето со **приливот и одливот во фјордовите** овозможува, исто така, **голем енергетски потенцијал**. Токму затоа Норвешка се одликува како голем производител на електрична енергија од хидроцентрали и централи кои ги користат приливот и одливот во фјордовите.

Морските брегови на Северна Европа се значајни поради можностите за искористување на морето за други стопански цели, како, на пример, **риболов и туризам**.

ЗАДАЧА

– На Интернет или на карти во покрупен размер разгледај како изгледаат фјордовите и фјордовските брегови!



*Скагерак и Категат – морски протоци*



*'ртот Нордкап – Најсеверната точка на Европа*



# СЕВЕРНА ЕВРОПА

### РАЗГОВОР

– Што мислиш, каква е густината на населеност во Северна Европа?
– Дали земјите од Северна Европа имаат голема или мала населеност?

### ЗАДАЧИ

– Разгледувај ги картите на Северна Европа и објасни зошто населението е нерамномерно разместено!
– Истражувај и дознај нешто повеќе за Лапонија и за Лапонците (каде живеат и со што се занимаваат)!

## НАСЕЛЕНИЕТО ВО СЕВЕРНА ЕВРОПА

Поголемата географска широчина, релативно посуровите (поладни) климатски услови, големата пошуменост и слично – се главен фактор за **слабата населеност** на територијата на Северна Европа. Како што може да се види од податоците за површината и за населението во државите од Северна Европа, се констатира дека густината на населеност во просек изнесува околу 20 ж/км$^2$. Релативно **малата густина на населеност** е со различна концентрација. Населението е најзастапено во појужните области. Како се оди кон север и кон поголемите надморски височини на Скандинавските Планини така густината на населеност се намалува. Исклучок претставува населението покрај атлантскиот брег на Норвешка, каде што поради поблагопријатните климатски услови од Атлантикот тоа ги населува и најсеверните територии на Норвешка.

Во секој случај, **најнаселени се приморските области** и покрај бреговите на Атлантскиот Океан и покрај бреговите на Балтичкото Море. Таму се развиени **најголемите градови** ,како што се: Тронхејм и Осло во Норвешка, Копенхаген и Остенде во Данска, Стокхолм, Гетеборг и Малме во Шведска, Хелсинки и Турку во Финска, и Рејкјавик на Исланд.






***Јазици***

Јазиците што се зборуваат во Северна Европа спаѓаат во **германската јазична група** и во **унгаро-финското јазично семејство**. Германската група јазици е застапена во Норвешка, во Данска, во поголемиот дел на Шведска и на Исланд. Норвешкиот, шведскиот и данскиот јазик имаат големи меѓусебни сличности. Исландскиот јазик е нешто поразличен. Финскиот јазик е застапен во Финска и во помали делови на Северна Шведска.

***Релиīии***

Според религиската припадност, населението на Северна Европа е, главно, **христијанско со протестантска вероисповед**. Тоа е карактеристика за сите држави од Северна Европа.

***Кулшура***

Високо развиеното стопанство, добрата организираност и општественото уредување во државите на Северна Европа овозможиле **високо образовно и културно ниво** на населението. Во овие земји одамна не постои неписмено население.

Начинот на живеење на нордиските народи се одликува со посебна **култура и традиции** приспособени на условите за живеење. Како посебни се издвојуваат жителите на областа **Лапонија** во најсеверните делови на Скандинавиј,а кои имаат номадски начин на живеење и се одликуваат со посебен говорен јазик – лапонски кој кој спаѓа во унгаро-финското јазично семејство. Антрополошки, **населението** во државите од Северна Европа е претежно со **бел тен и светлоруса ко**




## ПРАШАЊА

– Каква е населеноста на територијата на Северна Европа?
– Каква е густината на населеност?
– Во кои делови е претежно разместено населението во Северна Европа?
– Наброј ги најголемите градови во земјите од Северна Европа!
– Во кои групи јазици спаѓаат јазиците што сез боруваат во земјите од Северна Европа?
– Кој од јазиците спаѓа во унгаро-финскато јазично семејствово Северна Европа?
– На која религија и припаѓа населението во Северна Европа?
– Какви се образовното и културното ниво на населението?
– Каде се наоѓа Лапонија и по што ти е позната?

## ЗАПОМНИ

– Северна Европа е ретко насе-
лена територија.
– Населението е нерамномерно разместено.
– Најгусто се населени приморските територии.
– Поради пространите шуми, посеверните делови се многу ретко населени.
– Населението зборува норвешки, шведски и дански јазици што спаѓаат во германската група јазици.
– Финскиот јазик спаѓа во унгаро-финската група јазици.
– Населението во Северна Европа и припаѓа на протестантската религија.
– Населението во Северна Европа има високо ниво на култура и образование.



# СЕВЕРНА ЕВРОПА

### РАЗГОВОР

– Каква е стопанската развиеност во земјите од Северна Европа?
– Со што е богата Северна Европа?

## ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ И СТОПАНСТВОТО НА СЕВЕРНА ЕВРОПА

**Државите од Северна Европа се меѓу најразвиените во светот**. Тоа е одлика во сите стопански дејности. Производите се одликуваат со висок квалитет и како такви се извезуваат во целиот свет. Соодветно на географските одлики, секоја од државите од Северна Европа има посебна стопанска ориентација.

Главни стопански гранки се **земјоделството, индустријата, енергетиката и риболовот**.

**Индустријата**, во недостиг на рудни богатства, сè повеќе се потпира на увозни суровини. Најразвиени се **машинската и автомобилската индустрија во Шведска,** каде што се произведуваат автомобилите „волво“, потоа **бродоградбата во Норвешка**, **дрвната индустрија и индустријата за целулоза и хартија во Финска и во Шведска**, **прехранбената индустрија во Данска** и **риболовот и преработката на риби во Исланд, во Норвешка и во Данска**. Големите површини под шуми на Скандинавскиот Полуостров, како што се две третини од територијата на Шведска и три четвртини од територијата на Финска, се основа за **високоразвиена дрвна индустрија**. Преработките на дрво до разни финални производи и хартија се извезуваат во целиот свет. Притоа, се обрнува големо внимание на зачувувањето и обновување на шумскиот фонд.



*Нафтена платформа*

### ПРАШАЊА

– Во која група, спаѓаат државите од Северна Европа според степенот на развиеност, спаѓаат државите од Северна Европа?
– Кои се најразвиени стопански гранки во земјите од Северна Европа?
– Која држава и зошто има силно развиено земјоделство?
– Која индустрија е карактеристична за Шведска?
– Во кои држави се развиени риболовот и индустријата за преработка на риби?
– Зошто се развиени дрвната индустрија и производството на хартија?
– Прехранбената индустрија е најразвиена во Данска. Што се произведува најмногу?
– Кој вид енергија се користи во Данска и зошто?
– За која држава е карактеристична хидротермалната енергија?
– Која од скандинавските држави има најмногу нафтени платформи во Северното Море?
– Како го користи Норвешка хидроенергетскиот потенцијал?
– Што знаеш за рибните фарми и зошто се формираат тие?

**Прехранбената индустрија** е особено развиена во Данска. Таа се базира на мошне проодните рамничарски релјефни типови и доволно влажната и благопријатна клима, кои овозможуваат високоразвиено земјоделско стопанство. Најпознати производи се: разните житни култури, фуражните култури, свинското месо, млечните производи, јајцата и друго. Данското земјоделско и сточарско производство е најорганизирано и најпродуктивно во светот. Во него се користат најновите научни достигнувања и најсовремените ѓубрива.

**Енергетиката** во земјите од Северна Европа е мошне силно развиена. Во Данска многу се користи **енергијата на ветерот**, така што се изградени голем број ветерници, а на Исланд се користи **хидротермалната енергија**. Посебно значајна во енергетското производство е Норвешка, која по Велика Британија има најмногу **нафтени платформи** во Северното Море, а дел од подморските нафтени резерви што се наоѓаат покрај нејзиниот брег сè уште не ги експлоатира. Полноводните реки, кои со голем пад се спуштаат од Скандинавските Планини, се **голем хидропотенцијал** што Норвешка го користи со големиот број хидроелектрични централи. Големото морско колебање (**прилив/одлив) е искористено за изградба на моќни хидроелектроцентрали**. Според тоа, Норвешка е голем производител и извозник на нафта и на електроенергија.

Посебна карактеристика на земјите од Северна Европа е риболовот. Норвешка, Исланд и Данска се риболовни сили и преработувачи на риби. Меѓутоа, поради преголемиот улов на риби во Северното Море од разни држави, рибниот фонд се загрозува, па се преземаат мерки за контролиран улов. Во функција на тоа се развива нов начин на рибарење преку формирање **рибни фарми,** со поставување мрежи во морето.

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ГЕЈЗЕР** – жежок извор од кој, под внатрешен притисок, повремено се исфрла млаз вода во височина во вид на водоскок. Гејзири има на Исланд, во Северна Америка и во Нов Зеланд.

**РУДНО НАОЃАЛИШТЕ** – локалитет каде што во карпестите маси (земјиштето) се наоѓаат позначајни количестваметални или неметални суровини, како, на пример, железо, бакар, цинк, алуминиум, олово, мермер, оникс итн.

**ХИДРОЕНЕРГЕТСКИ ПОТЕНЦИЈАЛ** – енергетска моќ на водни објекти (реки, езера и морињa) на конкретна територија, која се користи за производство на хидроелектрична енергија.

**ШУМА** – растителна заедница од дрвенести растенија покрај кои растат грмушки, тревни заедници, нижи растенија и разни паразитски растенија.

## ЗАПОМНИ

– Во земјите од Северна Европа има, условно кажано, специјализирано производство. Во Данска се развиени земјоделството и прехранбената индустрија, во Шведска и во Финска – дрвната индустрија, во Норвешка – енергетиката и риболовот.

– Норвешка е голем производител на хидроенергија и нафта од Северното Море.

– На Исланд се користи хидротермалната енергија, а во Данска – енергијата на ветерот.



*Ветерници*

## ЗАДАЧА

– НАпиши текст во кој за секоја држава од Северна Европа ќе ги наведеш најкарактеристичните стопански гранки!



# СРЕДНА ЕВРОПА

**РАЗГОВОР**

– Кој дел од Европа се смета за Средна Европа?
– Кажи некоја од државите што се наоѓаат во Средна Европа!

**ЗАПОМНИ**

– Средна Европа има централна географска положба во Европа.
– Географската положба е мошне поволна.
– Низ неа поминуваат патишта, железници и речно-каналски пловни правци кои ја поврзуваат со другите делови од Европа.
– Во Средна Европа се наоѓаат државите: Германија, Полска, Чехија, Словакија, Швајцарија, Лихтенштајн, Австрија и Унгарија.

## ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, ДРЖАВИ И ГЛАВНИ ГРАДОВИ

***Географска положба***

Средна (Централна) Европа ја опфаќа територијата меѓу Алпите и Балтичкото Море. Се одликува со **централна географска положба** во Европа. Овде се преплетуваат многубројни природни и општествени влијанија и комуникации меѓу Јужна, Западна, Северна и Источна Европа. Се одликува со многу **просторни разлики**. Во јужните делови се наоѓаат Алпите, кои се највисоките планини во Европа, а кон исток нешто пониските Карпати. Јужно од Карпатите се наоѓа Панонската Низина преку која Средна Европа се поврзува со Јужна Европа. Средишните делови на Средна Европа се одликуваат со средновисоки и ниски планини и котлини, а на север се простира територијата на големата Германско-полска Низина.



Територијата е испресечена со голем број **реки** и **канали** кои ја надополнуваат сообраќајно-комуникациската мрежа.

Дел од државите од Средна Европа излегуваат на море и претставуваат **приморски земји**. Такви се Германија и Полска. Другите се **континентални држави** без излез на море; такви се: Швајцарија, Лихтенштајн, Австрија, Чехија (Чешка), Словакија (Словачка) и Унгарија. Овој недостиг на географската положба се надополнува со комуникации преку големиот број **пловни реки и канали**.

***Државите во Средна Европа***

Територијата на Средна Европа е поделена на осум држави, и тоа: Австрија, Швајцарија, Лихтенштајн, Германија, Чехија, Полска, Словакија и Унгарија.

### ПРАШАЊА

– Која територија ја зафаќа Средна Европа?
– Каква географска положба има Средна Европа?
– Зошто е поволна географската положба?
– Кои просторни разлики се гледаат во Средна Европа кога се оди од југ кон север?
– Освен патиштата и железниците, кои други објекти како сообраќајници се важни за географската положба на Средна Европа?
– Кои од државите во Средна Европа се континентални?
– Наброј ги државите што се наоѓаат во Средна Европа и нивните главни градови!

| Знаме | Држава | Главен град | Површина км$^2$ | Население (ООН 2009) |
|---|---|---|---|---|
|  | Австрија | Виена | 83 859 | 8 356 707 |
|  | Чехија | Прага | 78 866 | 10 474 600 |
|  | Лихтенштајн | Вадуц | 160 | 35 593 |
|  | Унгарија | Будимпешта | 93 030 | 10 029 900 |
|  | Германија | Берлин | 366 978 | 82 062 200 |
|  | Полска | Варшава | 312 685 | 38 130 300 |
|  | Словакија | Братислава | 49 036 | 5 413 548 |
|  | Швајцарија | Берн | 41 285 | 7 719 100 |

*Забелешка*: податоците во табелата се информативни, ученикот не мора да ги учи наизуст.

### ЗАДАЧА

– Направи свој текст каде што за секоја држава од Средна Европа ќе ги наведеш најкарактеристичните стопански гранки!



# СРЕДНА ЕВРОПА

**РАЗГОВОР**

– Што е карактеристично за уредувањето на државите од Средна Европа – порано и денес?

**ПРАШАЊА**

– Кои историски настани се важни за државното уредување на земјите од Средна Европа?
– Што е тоа Варшавски договор?
– Наведи ги официјалните имиња на државите што се наоѓаат во Средна Европа!
– Какво државно уредување има Германија?

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УРЕДУВАЊЕТО НА ДРЖАВИТЕ

Непосредните **историски случувања** во 20 век се основна **одредница за уредувањето на државите** во Средна Европа. Дел од државите – Полска, Чехословачка, Унгарија и Источна Германија – како членки на Варшавскиот договор по Втората светска војна имаа социјалистичко општествено уредување, додека Австрија, Лихтенштајн, Швајцарија и Западна Германија имаа капиталистичко општествено уредување. Со **распаѓањето на Варшавскиот договор** во 1990 година, во Средна Европа се оформи нова политичка карта на држави,така што со спојување на Западна и Источна Германија се формираше денешната Федерална Република Германија, а поранешната Чехословачка се подели на Чехија и Словакија. Денес, државите од Средна Европа се со капиталистичко општествено уредување.

**Република Австрија** – парламентарна и федеративна република на чело со претседател; законодавната власт е дводомен парламент.



*Парламентот во Берлин*

**Федерална Република Германија** – федерална држава во која секоја од земјите има свој устав, парламент и влада. Највисок орган во државата е федерален претседател. Извршната власт ја брши федерална влада на чело со федерален канцелар.

**Кнежество Лихтенштајн** – уставна монархија на чело со кнез.

**Република Полска** – парламентарно-претседателска република. Извршната власт ја спроведува претседателот, кој се избира на пет години.

**Република Словакија (Словачка)** – република на чело со претседател. Законодавната власт ја врши Националниот совет, а извршната власт ја врши владата.

**Република Унгарија** – парламентарна република на чело со претседател. Законодавната власт ја има дводомен парламент, а извршната – владата.

**Швајцарска Конфедерација** – федеративна парламентарна република. Секој кантон има устав, парламент и влада. Законодавна власт е Федералното собрание од два дома. На чело на државата и на владата е претседателот на Конфедерацијата.

**Република Чехија (Чешка) –** според уредувањето е република на чело со претседател. Законодавната власт ја сочинуват дводелен парламент, а извршната ја сочинува владата.



*Праīа*

### ЗАПОМНИ

– Од Втората светска војна до 1990 година државите Полска, Источна Германија, Чехословачка и Унгарија имаа социјалистичко уредување.
– Со распаѓањето на Варшавскиот договор во 1990 година Западна и Источна Германија се обединија, Чехословачка се подели на Чехија и Словакија.
– Денес сите држави од Средна Европа имаат капиталистичко општество кое е пазарно ориентирано.
– Според државното уредување, освен Кнежеството Лихтенштајн, сите други држави се републики.

### ЗАДАЧИ

– Пронајди податоци и напиши какво е државното уредување на Шпанија!
– Распрашај се и дознај какво државно уредување имаа Полска Чехија, Словакија, Источна Германија и Унгарија до распаѓањето на Варшавскиот договор во 1990 година!

### ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ

По Втората светска војна сојузничките сили ја поделија Германија на Западна и Источна. Делот на Западна Германија, кој беше под управа на САД, Велика Британија и Франција, во 1949 година беше приклучен кон капиталистичкиот свет – како Сојузна Република Германија, а источниот дел – како Демократска Република Германија беше приклучен кон социјалистичкиот свет под управа на Советскиот Сојуз. Градот Берлин, исто така, беше поделен на западен и источен со познатиот Берлински ѕид. Во 1989 година, со протести во Источна Германија беше урнат Берлинскиот ѕид и дојде до обединување на двете држави во една – Федерална Република Германија.

# СРЕДНА ЕВРОПА



### РАЗГОВОР

– Гледајќи ја картата, опиши го релјефот во Средна Европа!
– Под кое влијание се формира климата во Средна Европа?



*Алпски пејзаж*

### ПРАШАЊА

– Наведи го распоредот на релјефните одлики во Средна Европа, одејќи од Алпите кон Балтичкото Море!
– Кои се планините и со што се одликува високопланинскиот релјеф во Средна Европа?
– Кои планини се средно високи во Средна Европа?
– Наброј ги ниските планини во Средна Европа!
– Кои низини се наоѓаат во Средна Европа?
– Под какво влијание е климата во Средна Европа?
– Каква е климата во северозападните делови на Средна Европа, а каква во источните делови?
– Каква клима владее на планините?
– Каква е вегетацијата?

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА РЕЛЈЕФОТ И НА КЛИМАТА ВО СРЕДНА ЕВРОПА

***Релјеф***

Релјефот во Средна Европа е претставен со **високи планини, средновисоки и ниски планини и низини**.

**Високопланинскиот релјеф** го прават Алпите, кои се простираат во јужните делови на Средна Европа. Главно ги зафаќаат териториите на Швајцарија, Лихтенштајн и Австрија. Се одликуваат со височини над 3 000 м, така што на нив е присутен **глацијален релјеф** со многубројни и разновидни глацијални форми со постојан снег и мраз.

**Средновисоки** се Западните Карпати и Судетите, кои се протегаат претежно во Словакија, во Јужна Полска и во Чехија. Највисок врв е Герлаховски Штит (2 655 м) на Татрите.

**Ниските планини** зафаќаат значително поголеми површини. Претежно се присутни во Чехија и во централните и југозападните делови на Германија. Такви се средноевропските Херцински Планини (Шварцвалд, Херц, Тириншка Шума, Швапска Јура, Чешкиот масив, Рудни Планини и др.).

**Низините** зафаќаат најголем дел од територијата на Средна Европа. Претставени се со две големи низински целини и тоа: **Германско-полската Низина** во северните делови на Средна Европа и **Панонската Низина** во југоисточните де-



*Средна Европа – релјеф*

лови на Средна Европа.

***Клима***

Климатските прилики во Средна Европа се предодредени од географската положба и релјефната структура на просторот. Овде се преплетуваат **влијанијата на океанското поднебје на Атлантикот од запад и континенталните влијанија од исток**. Од Атлантскиот Океан дуваат западни ветрови, кои носат влажна и благопријатна клима, а од исток е присутна сува и студена континентална клима. Во формирањето на климата во Средна Европа свои модификации вршат и Алпите и Карпатите по јужните делови. Поради ваквиот сплет на климатските влијанија, во северните делови на Средна Европа е присутна **приморска клима**, во поголемиот дел од низините и ниските планини преовладува **типична континентална клима**, а на повисоките планини и на Алпите е присутна **типична планинска клима**. Во поголемиот дел од територијата просечните месечни температури се движат од околу $0^0$C до околу $20^0$C, а врнежите се околу 700 мм. Интензитетот на врнежите е нешто поголем во западните делови и на планинските масиви, особено на Алпите – каде што достигнува и до 3 000 мм годишно.

Ваквите климатски прилики условиле појава на **пространи тревни површини** во низините, испресечени со **листопадна и мешана шумска вегетација** по планинските простори, **иглолисна вегетација** на повисоките планински простори над кои има **планински тревни заедници,** кои на Алпите продолжуваат како **камењари** и територии под **постојан снег и мраз**.



*Средна Европа – врнежи*

## ЗАПОМНИ

– Релјефот на Средна Европа е со изразито високи планини на југ, како што се Алпите, планините во Словакија и во Јужна Полска, со ниски планини во средишните делови на Германија, на Чехија и на Полска и со низини во прибалтичките територии и на југ со Панонската Низина.
– Климата во Средна Европа се менува од блага приморска, преку типична умерено континентална, до типична планинска клима.
– Вегетацијата е претставена со пространи тревни површини, испресечени со листопадни и зимзелени шуми, високопланински пасишта и камењари.

## ЗАДАЧА

– На карта на Средна Европа пронајди ги поважните релјефни објекти (планини и низини) и во контекст со нивната местоположба објасни со каква клима се одликуваат одделни територии.

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**АЛПСКА** или **ПЛАНИНСКА КЛИМА** – климатски тип застапен на високите планини. Се одликува со ладни, снежни и долги зими и кратки и свежи лета, со поголеми количества врнежи од кои голем дел се снежни.

**КОНТИНЕНТАЛНА КЛИМА** – климатски тип кој владее во внатрешноста на континентите и се формира над копнените површини, особено на континентите на северната хемисфера. Типична континентална клима владее во Источна Европа, во Централна Азија и во централните делови на Северна Америка. Се одликува со мали количестваврнежи (околу 500 мм), топли лета и ладни зими со големи годишни колебања на температурите.



# СРЕДНА ЕВРОПА

**РАЗГОВОР**

– Каде се наоѓа Панонската Низина?
– Во кои држави се простира Панонската Низина?

## ПАНОНСКАТА НИЗИНА И НЕЈЗИНОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА РАЗВОЈОТ НА СТОПАНСТВОТО

**Панонската Низина** е посебна регија во Средна и делумно и во Јужна Европа. Претставува **тектонска потолина** меѓу Алпите, Карпатите, Родопите и Динаридите, а ги опфаќа скоро цела Унгарија, делови од Хрватска, Србија, Романија и помали делови од Словенија, од Австрија и одСловакија.

Низ Панонската Низина поминуваат **важни комуникациски правци** од Западна и Средна кон Јужна Европа и Мала Азија, и од Источна Европа кон Јадранското и Средоземното Море.

**Релјефот е претежно рамничарски,** со надморска височина од околу 200 м. Во Унгарија, источно од реката Дунав, се наоѓа големата низина Алфелд, а појужно се Славонија во Хрватска и Срем, Банат и Бачка во Србија. Наместа се појавуваат **островски планини** со мали височини од околу 500 м. Такви се осамените планини Мечек, Бакоњска Шума, Фрушка Гора и Славонските Планини. Врз формирањето на релјефот големо влијание имаат реките со своите **меандри**, а како резултат на тоа се формирани повеќе таканаречени **зарамнини**. Овде значително влијание врз релјефот има и ветерот, кој ситните седименти често ги пренесува подалеку од реките. Геолошката градба е од претежно алувијални седименти. Развиени се плодни почви црници, што е голем предуслов за земјоделско стопанисување. Панонската Низина располога со **густа мрежа од реки и канали**. Овде, покрај Дунав, се наоѓаат реките Сава, Драва, Морава, Тиса и други така што претставуваат еден од најголемите хидрографски јазли во Европа. Извршени се мелиорации со изградба на **повеќе канали,** од кои најпознат е каналот Дунав – Тиса – Дунав. Подземните



*Панонската Низина*



*Сончогледово поле*

**ПРАШАЊА**

– Што е Панонската Низина и меѓу кои планини е сместена?
– Кои држави зафаќаат територија од Панонската Низина?
– Што се тоа островски планини? Наброј некои од нив!
– Што се тоа меандри?
– Каква е речната мрежа?
– Наведи некои поголеми реки!
– Каква е климата во Панонската Низина и зошто?
– Каков растителен свет преовладува?
– Колку е погодна за земјоделско стопанисување и што најмногу се одгледува на неа?
– Какво е сточарството во Панонската Низина?
– Опиши ја комуникациската и сообраќајната поврзаност на Панонската Низина!

води се прилично високи.

Климата во Панонската Низина е **континентална**. Просечните температури се движат од околу -$30^0$C во јануари до околу $25^0$C во јули, со просечни годишни количества врнежи од околу 800 мм во западните до околу 500 мм во источните делови. **Растителниот свет е претежно степски**. Педолошките, хидрографските и климатските услови се погодни за **земјоделско стопанисување**. Токму затоа Панонската Низина спаѓа во најважните земјоделски предели во Европа. Најмногу успеваат **пченица** и **пченка**, а од **индустриските култури** се одгледуваат сончоглед, маслодајна репка, шеќерна репка и хмељ. Покрај реките е развиено **градинарството**, а во ридестите предели **лозарството** и **овоштарството**. **Сточарството** е интензивно. Најмногу се одгледуваат говеда, свињи и живина. Соодветно на тоа, најразвиена е **прехранбената индустрија**.

Во Панонската Низина има и помали наоѓалишта на **нафта и земјен гас**.

Панонската Низина е **добро комуникативна и проодна**. Единствен проблем се големите реки, поради кои правците се насочени кон ограничениот број мостови на големите реки. Овде поминуваат **важни автомобилски и железнички сообраќајници** кои ги поврзуваат Западна и Средна со Јужна Европа и со Мала Азија и Источна Европа со Јужна Европа. Главни стопански, сообраќајни, административни и трговски центри се Будимпешта, Белград, Загреб и други. Сообраќајната комуникација ја надополнуваат пловните патишта по **реките и каналите,** како што е, на пример, пловниот пат Рајна – Мајна – Дунав преку кој Северното Море се поврзува со Црното Море.

## ЗАПОМНИ

– Панонската Низина е посебна регија, делумно во Средна и делумно во Јужна Европа.
– Низ Панонската Низина поминуваат важни комуникациски правци.
– Се одликува со рамничарски простор и ниски островски планини.
– Има густа речна мрежа и канали.
– Најважни реки се Дунав, Тиса, Драва и Сава.
– Високоразвиени се земјоделството, сточарството и прехранбената индустрија.
– Во Панонската Низина се среќаваат и помали наоѓалишта на нафта и земјен гас.

## ЗАДАЧА

– Пронајди ја Панонската Низина на карта и, според содржините на картата, направи опис на географските одлики на Панонската Низина!



*Поле со пченка*



# СРЕДНА ЕВРОПА

**РАЗГОВОР**

– Кои планини се највисоки во Европа?
– Колку се високи тие?
– Зошто се важни планините?

**ПРАШАЊА**

– Опиши ги границите на простирање на планинскиот масив Алпи!
– Каде се наоѓаат Алпите?
– Со каков релјеф се одликуваат?
– Што формираат глечерите?
– Наброј некои попознати глацијални езера!
– Под кое климатско влијание се јужните падини на Алпите?
– Над која височина е присутен постојан снег и мраз?
– Опиши го висинското појасно простирање на растителните заедници на Алпите!
– За што се користат алпските реки?
– Кои непроизводни дејности се развиени?

## АЛПИТЕ И НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЗЕМЈИТЕ ОД СРЕДНА ЕВРОПА

**Алпите** се најпространиот и **највисок планински систем** во Европа. Лачно се протегаат од Лигурското Море до Панонската Низина, во должина од околу 1 200 км и широчина од 150 до 300 км. Ограничени се со бреговите меѓу Лигурското Море или Лионскиот Залив, потоа со долината на реката Рона до Женевското Езеро, долината преку Нешателското Езеро до Боденското Езеро, Баварската Висорамнина, долината на Дунав до Виенскиот Басен, Панонската Низина, Трстјанскиот Залив, Падската Низина и Ломбардија до Ценовскиот Залив.

Според релјефот, Алпите се карактеризираат со **изразит и добро поврзан централен гребен** кој непрекинато се протега по највисоките водоразделни гребени од Ценовскиот Залив до Виенскиот басен. Алпите се испресечени со длабоки речни долини, од кои едни се протегаат скоро паралелно со водоразделните гребени, како, на пример, долината на реката Драва, а поголемиот дел се попречни, тесни речни долини. Поради големите надморски височини од над 4 000 м (Мон Блан со 4 810 м) на Алпите е развиен **типичен глацијален релјеф,** кој се формира под влијание на многубројни глечери. Така се формирани **глацијални морени** што настануваат под притисок на глечерите. На крајот, од мразните јазици со топењето на глечерите се формираат **глацијални езера** од каде што течат глацијални потоци, кои, влевајќи се едни во други формираат голем број реки. На својот пат глечерите



формираат **мразни долини или валови**. Глацијалните карактеристики на Алпите условиле изобилство од реки, езера и извори, така што претставуваат главен резервоар на вода за големите европски реки, како што се Рона, Рајна, По, Дунав и други. Водостојот на реките е најголем во пролет, а најмал е во зима. На Алпите се наоѓаат **поголем број езера** со глацијално потекло. Најпознати се: Женевското, Боденското, Маџоре, Комо, Гарда и голем број помали езера во повисоките делови на Алпите.

Поради големата територија и разликите во надморската височина, климата на Алпите е различна. Јужните падини на Алпите се под медитерански климатски влијанија и имаат поблага клима. Северните падини се под климатски влијанија од север и поради тоа се одликуваат со рана долготрајна зима со многу снег. **Пределите што се над 2 500 м се под постојан снег и мраз**. Глечерите се спуштаат и до 1 300 м.н.в.; над 2 000 м летната сезона трае само 3-4 месеци. Врнежите се најприсутни во средишните делови на Апите и достигнуваат до околу 3 000 мм годишно.

**Растителниот свет има појасно простирање**. Пониските предели се со **листопадна шума**, а повисоките се со **зимзелени шуми** што достигнуваат до околу 1 800 м, а потоа почнуваат **планински тревни заедници, камењари** и **постојан снег и мраз**. Тие се користат за **развој на сточарството** кое во лето се одвива во повисоките места, а во зима се спушта во пониските предели. Особено се развиени овчарството и говедарството, чии суровини се основа за прехранбената индустрија, од каде што се добиваат висококвалитетни **месни** и **млечни производи**. Во недостиг на минерални суровини, индустријата е ориентирана кон производи за кои се потребни малку суровини, а се високостручни, како што е на пример, производството на часовници во Швајцарија. Алпските реки се користат за производство на хидроелектрична енергија.

Покрај наведените, големо внимание му е посветено и на **развојот на туризмот**, така што се изградени многубројни туристички центри и за летен и за зимски туризам. Во Швајцарија е особено развиено **банкарството**; таму се наоѓаат најпознатите банки со штедачи од целиот свет.



*Скијачки центар*

## ЗАПОМНИ

– Алпите се највисок планински масив во Европа.
– Достигнуваат до 4 800 м.н.в. со врвот Мон Блан (Монте Бјанко).
– Се простираат од Ценовскиот Залив до Виенскиот Басен во должина од околу 1 200 км.
– На Алпите е развиен типичен глацијален релјеф со поголем број глечери.
– Повеќе од 2 500 м просторот е под постојан снег и мраз.
– Растителниот свет по височина се простира појасно, како што следува: прво листопадни шуми, зимзелени шуми, високопланински пасишта, камењари, односно снег и мраз.



*Алпски пејзаж*

## ЗАДАЧА

– На карта пронајди ги Алпите, воочи кои држави имаат територии на Алпите и опиши каков е релјефот!



## СРЕДНА ЕВРОПА

**РАЗГОВОР**

– Зошто се важни реките и како влијаат тие врз животот на луѓето?
– Кои реки ти се познати во Средна Европа?

**ПРАШАЊА**

– Што ја сочинува хидрографијата на Средна Европа?
– Во кои сливови течат реките од Средна Европа?
– Каква е речната мрежа во Средна Европа и за што се користи?
– Што знаеш за реката Рајна?
– Наброј некои канали со кои Рајна се поврзува со други пловни реки!
– Што знаеш за реката Дунав?
– Наброј други реки од Средна Европа!
– Какво е влијанието од Средна Европа врз земјоделското производство и кои култури се произведуваат во Германско-полската Низина?
– Што овозможува пловноста на реките?
– Какви проблеми предизвикуваат реките во Средна Европа?

### РЕКИТЕ И НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЖИВОТОТ НА ЛУЃЕТО

Хидрографијата на Средна Европа ја претставуваат голем број **реки, канали, езера** и **мочуришта**.

**Речната мрежа** во Средна Европа, според државите во оваа регија, во основа им припаѓа на сливовите на Балтичкото и на Северното Море, каде што реките течат кон север, и Средоземното Море, каде што реките течат кон југоисток. Водоразделната линија главно води преку Алпите, планината Шварцвалд, Швапска Јура, Шумава, Чешко-моравската висорамнина, Судетите и Карпатите. Поголемиот дел од реките во Средна Европа припаѓа на сливовите на Балтичкото и на Северното Море. Присуството на постојаниот снег и мраз на Алпите од една страна, климатските влијанија од Атлантскиот Океан и релативно нискиот релјеф од друга – придонесле во Средна Европа да се развие **густа речна мрежа со мошне благ пад на реките**. Тоа овозможува голема полноводност, бавно истекување и мошне поволни услови за пловност. Токму затоа во Средна Европа реките имаат големо **сообраќајно значење**.

Во Германија најпозната е **реката Рајна** која, собирајќи ги водите од Боденското Езеро, од Циришкото Езеро и од поголем број алпски реки, е пловна уште од градот Базел. Таа ги поврзува и пловните притоки Мозел и Мајна која, пак, преку канал е поврзана со реката Дунав. Така е создаден **речен пловен пат од Северното до Црното Море**. Реката Рајна понатаму преку канали е поврзана со пловните реки Везер и Лаба. Преку реката Лаба со пловен пат се поврзани Чехија (реката



*Речно-каналски сообраќај*

Влтава), Балтичкото Море и реката Одра во Полска. Понатаму, реката Одра преку реките Варта и Нотеќ каналски е поврзана со реката Висла во Полска, така што влевајќи се во Балтичкото Море прават мошне важна пловна комуникација со внатрешноста на државите, а преку морињата и со други држави.

Во рамките на Средоземноморскиот слив како главна пловна река е **Дунав** кој, слично како Рајна, собирајќи ги водите од Алпите многу брзо, уште од Баварија станува пловен. Во рамките на Средна Европа позначајни притоки на Дунав се реките Вах, Драва со Мура, Сава и Тиса, каде што, исто така, во рамната Панонска Низина има повеќе канали како што се каналот кој го поврзува Дунав со езерото Балатон, каналот Дунав – Тиса – Дунав и други.

Речната мрежа е надополнета со голем број **помали реки, ракавци** и **мртваи,** кои покрај големото сообраќајно значењесе многу важни за земјоделското производство. Токму затоа во **Германско-полската Низина** и во **Панонската Низина** се произведуваат големи количества **житни култури** (пченица, јачмен, пченка), **индустриски култури** (шеќ ерна репка, маслодајна репка, сончоглед и хмељ), **градинарски култури** (компир, зелка, пипер, домат и други) и големи количества **фуражни култури,** врз кои се базира високоразвиено интензивно сточарско производство.

Богатството со вода и пловноста на реките овозможуваат **развој на индустријата во голем број градови,** која главно се потпира на суровини од земјоделско и од сточарско производство, како што е прехранбената индустрија. Токму затоа, меѓу другото, голем број градови од Средна Европа претставуваат и **речни пристаништа**. Такви се: Келн, Диселдорф, Дуизбург, Франкфурт, Виена, Прага, Братислава, Вроцлав, Варшава, Будимпешта и многу други, во кои се увезуваат и суровини за металската индустрија.

Реките во Средна Европа, покрај големите предности за населението, поради релативно нискиот релјеф во периоди на пообемни врнежи често се излеваат и предизвикуваат **поплави**. Поради тоа се вршат разни мелиоративни зафати, со изградба на канали и одбранбени насипи и слично.

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**КАНАЛСКА МРЕЖА** – систем од вештачки водни текови што се користат за пловидба, за наводнување, за мелиорации на земјиштето (одводнување) и за хидроенергетски потреби.

**ОДВОДЕН КАНАЛ** – канал за собирање и спроведување на вишокот вода од некој простор заради создавање поповолни услови за развој на растителниот свет и за искористување на исушеното земјиште за разни потреби (за земјоделско стопанисување, за изградба на населби, за патишта и слично).

## ЗАПОМНИ

– Средна Европа располага со густа мрежа од реки, канали, езера и мочуришта.
– Речната мрежа во Средна Европа ја формираат реките: Рајна, Мајна, Лаба, Одра, Висла, Дунав, Тиса и многу други.
– Реките во Средна Европа меѓусебно се поврзани со канали, и на тој начин формираат густа речно-каналска пловна мрежа.
– Тие ги поврзуваат Северното и Балтичкото Море со Црното Море и Каспиското Езеро.
– Покрај реките се изградени бројни градови и пристаништа.
– Реките во Средна Европа предизвикуваат и поплави.



*Водопад*

## ЗАДАЧИ

– На карта, со помош на учебникот обиди се да ги пронајдеш реките и каналите со кои се поврзуваат и да ги одредиш речно-каналските пловни патишта меѓу Северното и Балтичкото Море од една со Црното Море и Каспиското Езеро од друга страна!
– Патем, воочи колку и кои градови се развиени покрај реките!



# СРЕДНА ЕВРОПА

## РАЗГОВОР

– Каде има најголема густина на населеност во Европа?
– Кои области се густо населени?

## ПРАШАЊА

– Каква е густината на населеност во Средна Европа?
– Наброј ги најгусто населените области и градовите во нив!
– Кои групи јазици преовладуваат во Средна Европа?
– На кои религии припаѓа населението?
– Со каква култура се одликува населението?

## НАСЕЛЕНИЕТО ВО СРЕДНА ЕВРОПА

Средна Европа е една од **најгусто населените територии во Европа**, меѓутоа, слично како и во другите делови на Европа, **густината на населеност е нерамномерна**. Значително погусто се населени западните делови на Германија, особено областите Рур (градовите: Келн, Диселдорф, Дуизбург, Есен, Дортмунд, Бохум и други) и Сар (Франкфурт, Мајнц, Визбаден, Манхајм, Дармштат и други), потоа териториите околу градовите Берлин и Минхен, Прага во Чехија, областа Шлезија во Полска (Катовице, Сосновјец, Гливице, Хожув и други), Виена во Австрија, Братислава во Словакија и Будимпешта во Унгарија.

Според јазичната, верската и културната припадност, населението во Средна Европа е различно.

### *Јазици*

Според јазичната припадност, во Средна Европа се застапени **германската и словенската група јазици**, а нешто помалку **италската/романската и унгаро-финската група јазици**. Во германската група јазици спаѓа германскиот јазик кој се зборува во Германија, во Австрија и во поголем дел од Швајцарија. Во **словенската група** јазици спаѓаат полскиот, чешкиот




*Средна Европа – густина на населеност*

и словачкиот јазик кои се зборуваат во Полска, во Чехија и во Словакија, а во групата спаѓа и лужичко српскиот јазик кој се зборува во Германија. Дел од населението во Швај-царија припаѓа на **италската група** јазици како што се францускиот, италијанскиот и ретороманскиот (карактеристичен за Фурланците), а во Унгарија се зборува унгарскиот кој спаѓа во **унгаро-финското јазично семејство**.

***Религии***

Населението во Средна Европа припаѓа на **христијанската религија**. Во Полска, во Чехија (40% без верска определеност), во Словакија, во Унгарија, во Австрија, поголем дел од Швајцарија и во јужните и западните делови на Германија, населението е со **католичка вероисповед**, а во поголемиот дел од средна и североисточна Германија населението е со **протестантска вероисповед**.

***Култура***

Средна Европа се одликува со **високо ниво на развиеност на образованието и културата**. Неписмено население практично не постои, така што во комбинација со високоразвиеното стопанство овде се изградени голем број **градежни и архитектонски објекти**. Типични примери се градовите Виена, Прага, Будимпешта, Краков, Хамбург, Минхен, а со понова архитектура се Франкфурт, Диселдорф, Варшава и многу други. Во Средна Европа на високо ниво се и уметничките дејности.

Поради стопанските разлики меѓу западниот и источниот дел на Средна Европа, постојат одредени **разлики и во начинот на живеење, на работење и на исхрана**. Така, на пример, Унгарија е позната по многу разновидни и вкусни јадења, Чехија и Германија се познати по најквалитетното пиво во светот, а Швајцарија по најдобрите чоколади.

ЗАПОМНИ

– Средна Европа е една од најгусто населените територии во Европа.
– Густината на населеност е нерамномерна.
– Најгусто населени се областите Рур и Сар во Германија и Шлезија во Полска.
– Во Средна Европа претежно се застапени германската и словенската група јазици.
– Населението е главно со католичка и со протестантска вероисповед.
– Населението во Средна Европа се одликува со високо ниво на образование и култура.
– Поради разликите во стопанската развиеност, кај населението постојат разлики во начинот на живеење.

ЗАДАЧА

– На карта на Средна Европа пронајди ги териториите што се најгусто населени, проучи ги градовите што се наоѓаат во нив и воочи во кои територии се зборуваат јазиците што спаѓаат во германската, а во кои јазиците што спаѓаат во словенската група јазици.




*Средна Европа – јазици*




*Средна Европа – религии*



# СРЕДНА ЕВРОПА

### РАЗГОВОР

– Какво е стопанството во Средна Европа?
– Кои индустриски подрачја ги знаеш во Германија?

## СТОПАНСТВОТО НА СРЕДНА ЕВРОПА (НЕКОГАШ И ДЕНЕС)

Основа за стопанскиот развој на Средна Европа се големите **резерви на железо и на јаглен** во регионите на ниските планини во Германија, во Чехија, во Полска и во Словакија. Како резултат на тоа најпрво е **развиена тешката индустрија**, а потоа **електротехничката, машинската, автомобилската и хемиската индустрија**. Така се формирани поголем број **индустриски региони:** како што се, Рур и Сар во Германија, Шлезија во Полска, Средна Чехија и Моравија. Во Германија главни центри се: Дортмунд, Келн, Хановер, Франкфурт, Штутгарт, Минхен, Јена, Магдебург, Берлин, Дрезден и други. Во Чехија се: Прага, Либерец, Брно, Острава итн. Во Полска: Варшава, Бидгошч, а во Словакија: Братислава и Жилина.

Поради поголемата влажност во посеверните делови, Германско-полската Низина се одликува со присуство на одредени **простори под мочуришта**, така што стопански повеќе е ориентирана кон **сточарството**. Во нешто посувите делови на низината на југ е развиено **полјоделството**. Најзастапени култури се **компирот, шеќерната репка** и **житните култури**.

Поради различниот општествено-економски развој и природните разлики на регионите, државите во Средна Европа денес се одликуваат со посебна стопанска ориентација. **Германија е високо развиена индустриска земја** во која се развиени сите стопански гранки. Таа е меѓу најголемите производители на компири, житарици, индустриски и крмни растенија, млечни и месни артикли. Индустријата е разновидна, а водечки се **автомобилската, машинската, авионската, хемиската, електротехничката** и **прехранбената индустрија**. Тие се одликуваат со **високоавтоматизирана технологија** и примена на роботи. Има многу развиен терцијарен сектор, како што се **банкарството** и **трговијата**. Германија увезува енергетски горива, а извезува вредни индустриски производи.

Швајцарија се одликува со високо **развиено планинско сточарство,** со најпознати млечни производи и чоколади во светот. Во недостиг на суровини, ориентирана е кон **производство на прецизна механика** (часовници и разни мерни уреди), машини, лекови, накит и друго. Има **високоразвиен туризам** и **светски познато банкарство**. Швајцарија е меѓу најразвиените и најбогатите земји во Европа и во светот.

Лихтенштајн е мала држава, стопански ориентирана и поврзана со Швајцарија.

### ПРАШАЊА

– Што е основа за стопанскиот развој на Средна Европа?
– Кои индустриски гранки се развиле во Средна Европа?
– Наброј ги индустриските подрачја по држави во Средна Европа!
– Кои стопански гранки се развиле во Германско-полската Низина?
– Која е најразвиената земја од Средна Европа и кои индустриски гранки во неа се најразвиени?
– Кои непроизводни дејности се развиле во Швајцарија, Германија и Австрија?
– Со што се одликува стопанскиот развој на Австрија?
– Која индустрија е развиена во Полска?
– Која е најслабо развиена земја од Средна Европа?
– Со што се одликува стопанството во Унгарија?

### ЗАДАЧА

Разгледај ја картата на Средна Европа и напиши која од државите кон која стопанска гранка е претежно ориентирана!

Австрија се одликува со **развиено земјоделство и прехранбена индустрија, развиено шумарство со дрвна и индустрија за хартија**. Поседува разни природни богатства и хидроенергија, така што се развиени **машиноградбата, електротехничката** и разни други индустриски гранки. Има **високоразвиен туризам** и трговија. Главен индустриски регион е Виенскиот басен.

Другите земји од Средна Европа, како што се **Полска**, **Чехија**, **Словакија** и **Унгарија**, кои произлегоа од социјалистичкиот блок, се **послабо развиени**.

Полска се одликува со **земјоделско стопанисување** на север и со развиена **тешка индустрија** во јужните и во југозападните делови. Главни индустриски региони се Шлезија и околината на Варшава.

Чешкото стопанство е, главно, базирано на индустријата, и тоа на **автомобилската и електротехничката индустрија**, развиени во северните и во средните делови на Чехија. Во Моравија е поразвиено земјоделството. Главни центри се Прага, Брно, Острава и други. Чехија има развиен туризам во Прага и во Карлови Вари. Во светот е познато чешкото пиво.

**Словакија е најслабо развиена земја** во Средна Европа, и таа е претежно планинска земја со голема пошуменост. Во долините е развиено земјоделството. Најразвиен индустриски регион е Кошице – како металургиски центар, и Братислава – со повеќе индустриски гранки. На Татрите е развиен туризмот.

Унгарија се одликува со **големо земјоделско производство** (пченица, пченка, шеќерна репка, сончоглед, винова лоза и др.) и **развиена прехранбена индустрија**. Главни центри се регионите околу Будимпешта и езерото Балатон, во кои освеноиндустријата е развиен и туризмот. Во поново време сè повеќе се развиваат услужните дејности.

ЗАПОМНИ

– Средна Европа е една од најгусто населените територии во Европа.
– Поради резервите на железо и на јаглен во Средна Европа најпрво е развиена тешката индустрија.
– Познати индустриски области се Рур и Сар во Германија, Шлезија во Полска и Средна Чехија и Моравија во Чехија. Германија е една од најразвиените земји со високоразвиена автомобилска, машинска, авионска, хемиска, електротехничка и прехранбена индустрија, со високо автоматизирана технологија.
– Во Германија, во Швајцарија и во Австрија се развиени банкарството и туризмот.
– Полска се одликува со развиена тешка индустрија и земјоделство.
– Словакија е најнеразвиена држава во Средна Европа.



*Индустриски реони*



# ИСТОЧНА ЕВРОПА

## РАЗГОВОР

– Кои држави се наоѓаат во Источна Европа?
– Дали си слушнал/а за Русија?
– Што е карактеристично за Русија?

## ПРАШАЊА

– Кој простор го зафаќа Источна Европа?
– Опиши ги границите на Источна Европа!
– Каква е географската положба на Источна Европа?
– Како се надополнува географската положба?
– Кој простор се нарекува Врата на народите и зошто?
– Каква е територијата на Источна Европа според релјефот?
– Што претставувал Советскиот Сојуз?
– Кои држави денес се вбројуваат во Источна Европа?



*Москва*

## ЗАДАЧА

– На карта на Источна Европа идентификувај ги државите и главните градови, опиши на кои мориња излегуваат и зошто се смета дека Источна Европа има понеповолна географска положба.

## ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, ДРЖАВИ И ГЛАВНИ ГРАДОВИ

***Географска положба***

Источна Европа го зафаќа **широкиот простор во источните делови** на европскиот континент. Поточно, ги опфаќа териториите од Северниот Леден Океан на север до Црното Море, Кавказ и Каспиското Езеро на југ и југоисток, од Балтичкото Море и Карпатите на запад до планината и реката Урал на исток како формални граници меѓу Европа и Азија. Меѓутоа, покрај излезот на овие морења, **географската положба на Источна Европа е нешто понеповолна** во однос на другите делови на Европа. Состојбата се подобрува со воспоставениот речно-каналски сообраќај, кој овозможува поврзување на внатрешноста на територијата со Црното Море, со Балтичкото Море, со Каспиското Езеро и посредно со Северното Море.



Источна Европа преку **Вратата на народите** (територијата меѓу Каспиското Езеро и планината Урал) комуницира со Азија, преку Црното Море и протоците Босфор и Дарданели се поврзува со Средоземното Море и Јужна Европа, а преку Балтичкото Море со Атлантскиот Океан. Поради големите географски широчини и замрзнување, излезот и пловидбата по северните мориња се поограничени. Со исклучок на Белорусија и Молдавија, сите држави од Источна Европа излегуваат на море.

Територијата на Источна Европа се одликува со **претежно зарамнето земјиште на кое има незначително издигнати предели**. Планината Урал е единствен позабележлив средновисок планински венец, лесно прооден и богат со рудни наоѓалишта. Токму затоа во Источна Европа и во европскиот дел на Русија се развиле поголем број милионски градови.

***Држави и главни градови***

Источна Европа до 1991 година политичко-административно егзистираше како една државна целина позната како **Советски Сојуз**. Таа беше најголемата држава во светот, која се простираше во Европа и во Азија. По **распаѓањето на Советскиот Сојуз,** во 1991 година се формираа 15 држави, од кои 6 се во Европа и 8 во Азија, додека најголемата држава, Русија, зафаќа територија и во Европа и во Азија. На европската територија лежи сосем мал дел од Казахстан, поради што тој се смета за азиска држава.

Денес, според природните и стопанските карактеристики, во Источна Европа се вбројуваат државите Естонија, Латвија/Летонија, Литванија, Белорусија, Украина, Молдавија и Русија.

ЗАПОМНИ

– Источна Европа зафаќа широк простор во источните делови на Европа.
– Се простира од Карпатите на запад до Урал на исток и од Арктичкиот Океан на север до Црното Море и Каспиското Езеро на југ. Меѓу планината Урал и Каспиското Езеро се наоѓа просторот штое наречен Врата на народите, бидејќи како најпрооден копнен пат е користен за комуникација на населението меѓу Европа и Азија.
– Источна Европа спроведува комуникација со светот преку речно-каналскиот сообраќај, Црното Море и Балтичкото Море.
– По распаѓањето на Советскиот Сојуз, во ИСточна Европа се формирани државите: Русија, Украина, Белорусија, Естонија, Латвија/Летонија, Литванија и Молдавија.

| Знаме | Држава | Главен град | Површина км² | Население (ООН, 2009) |
|---|---|---|---|---|
|  | Белорусија | Минск | 207 595 | 9 671 900 |
|  | Естонија | Талин | 45 227 | 1 340 341 |
|  | Латвија/ Летонија | Рига | 64 610 | 2 257 300 |
|  | Литванија | Вилниус/Вилно | 65 301 | 3 350 400 |
|  | Молдавија | Кишињев | 33 700 | 3 572 700 |
|  | Русија | Москва | 17 075 400 | 143 420 000 |
|  | Украина | Киев | 603 700 | 46 143 700 |

*Забелешка*: податоците во табелата се информативни, ученикот не мора да ги учи наизуст.



# ИСТОЧНА ЕВРОПА

### РАЗГОВОР

– Што знаеш за Октомвриската социјалистичка револуција од 1917 година?
– Што претставувал Советскиот Сојуз?
– Што се случило со Советскиот Сојуз?

### ПРАШАЊА

– Кога е формиран Советскиот Сојуз и до кога постоел?
– Што се случило по распаѓањето на Советскиот Сојуз во 1991 година?
– Кои држави се оформени во Источна Европа како посебни?
– Какви се државите според политичкото уредување?
– Која од државите се простира и во Европа и во Азија?

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УРЕДУВАЊЕТО НА ДРЖАВИТЕ

Со **Октомвриската социјалистичка револуција во 1917** година од некогашната Царска Русија се формира Сојузот на Советските Социјалистички Републики. Во рамките на него влегуваа 15 републики: 6 на европскиот континент и 8 на азискиот континент, додека Русија се простира и на европското и на азиското копно. Сите тие беа управувани од еден центар чие седиште беше Москва.

**Советскиот Сојуз** како најголема држава (според површината) **опстојуваше до 1991** година, кога некогашните републики прерасная во самостојни држави.

На европскиот континент како **посебни држави** се оформија: Белорусија, Естонија, Латвија/Летонија, Литванија, Молдавија и Украина; Русија се протега од Европа до Тихиот Океан на исток и ја зафаќа цела Северна Азија. Соодветно на нивното доскорашно општествено уредување и стопанско живеење, државите од Источна Европа имаат посебно државно уредување.



*Москва – Кремаљ*

**Република Белорусија** – република со претседател и законодавна власт во дводомен парламент. Извршната власт ја има владата.

**Република Естонија** – парламентарна република на чело со претседател. Законодавната власт ја има еднодомен парламент, а извршната власт ја има владата.

**Република Латвија/Летонија** – парламентарна република на чело со претседател. Законодавната власт е во надлежност на парламентот, а извршната – во надлежност на владата.

**Република Литванија** – претседателска република, законодавен орган е парламентот, а извршната власт ја спроведуваат претседателот и владата.

**Република Молдавија** – република на чело со претседател, законодавна власт е парламентот, а извршна власт е владата.

**Руска Федерација** – федеративна република на чело со претседател. Извршната власт ја има владата. Законодавен орган е дводомно федерално собрание (Совет на Федерацијата и Државната дума).

**Република Украина** – република на чело со претседател. Законодавна власт е Врховната рада. Извршната власт ја има кабинетот на министри.

## ЗАПОМНИ

– Со Октомвриската социјалистичка револуција во 1917 година од некогашната Царска Русија се формира Советскиот Сојуз.
– Советскиот Сојуз егзистираше како најголема држава по територија во светот до 1991 година.
– Во 1991 година од Советскиот Сојуз во Европа се формираа државите: Русија, Украина, Белорусија, Естонија, Латвија, Литванија и Молдавија.
– Сите држави од Источна Европа, според државното уредување, се републики.

## ЗАДАЧА

– Распрашај се, прочитај и напиши во врска со Советскиот Сојуз: како и кога се формирал, кога се распаднал и што се случило потоа?




*Киев*

## ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ

Со Октомвриската револуција во 1917 година и со укинувањето на Царска Русија се создаде Сојузот на Советските Социјалистички Републики (СССР) со социјалистичко државно уредување, главно управуван од Москва. Целиот живот и стопанисувањето беше подредено на интересите на државата. Така, Советскиот Сојуз стана индустриски, воено и политички силна држава, со интензивни вселенски истражувања и главен конкурент на Соединетите Американски Држави. Но, за сметка на тоа, граѓаните не живееја доволно богато и поради тоа кон крајот на 80-тите години на 20 век, главно, неруското население започна да изразува незадоволство. Тоа резултираше со распаѓање на Советскиот Сојуз. Во 1991 година петнаесетте советски републики прераснаа во посебни држави, меѓу кои и Русија, која во првиот момент заостана економски. Денес, со големите природни богатства и со преориентацијата во начинот на производството, Русија ја надминува кризата и повторно се издига на меѓународен, на стопански, на политички и на воен план.



РАЗГОВОР

– Гледајќи ја картата на Европа, каков релјеф е застапен во Источна Европа?
– Дали има разлики во климата низ Источна Европа?

ЗАДАЧА

– Според текстот во книгата, на картата на Источна Европа со бои обележи ги климатските појаси и растителните заедници.



*Дел од Источна Европа – релјеф*

# ИСТОЧНА ЕВРОПА

## РЕЛЈЕФОТ И КЛИМАТА ВО ИСТОЧНА ЕВРОПА

***Релјеф***

**Релјефот** скоро на целата територија на **Источна Европа е едноличен**. Главно, **припаѓа на Источноевропската Низина**. Се одликува со **благо ридесто разбранувана површина** со мали надморски височини што не преминуваат повеќе од 500 м надморска височина.

Покарактеристични релјефни целини се **висорамнините**. Такви се: Средноруската Висорамнина, Приволшката Висорамнина, Валдајската Висорамнина, Приднепровската Висорамнина, Белоруската Греда, Северната Висорамнина.

Типични рамници претставуваат **низините** што се наоѓаат во приморските територии или меѓу таканаречените висорамнини. Такви низини се: Прикасписката Низина, Црноморската Низина, Очко-донската Низина, Полесје во Белорусија и во Северна Украина и Прибалтичката Низина и низините спрема Белото и Баренцовото Море на север.

Исклучок во релјефот се мали **делови од планините** Карпати во западните делови на Украина кои достигнуваат над 2 000 м, како и делови од планината Урал со височини до околу 1 500 м н.в.

***Клима***

Ридесто разбрануваниот релјеф, кој еднолично се простира на огромна територија што излегува на повеќе мориња на југ, на запад и на север, како и релативно нискиот планински венец Урал од исток – се главна одредница за климатските карактеристики на територијата на Источна Европа. **Широкото појасно простирање на територијата** од околу 45 до $70^0$ с.г.ш. овозможило присуство на **повеќе климатски типови**. Така, на пример, во најсеверните делови на Источна Европа е присутна **поларна клима,** а поголемиот дел од годината е со негативни температури; спротивно на тоа – во најјужните, односно во приморските делови на Црното Море е присутна **средоземноморска** или **медитеранска клима,** а температурите ретко паѓаат под нулата. Меѓу овие два климатски типа е присутна **типична континентална клима,** која во голема мера е под влијание на климатските прилики во Сибир на исток и Северното Море од запад. Во овие простори врнежите се движат околу 500-700 мм. Во северните и во јужните делови на Источна Европа тие се движат од 300-500 мм, а во Прикасписката Низина се движат до околу 300 мм годишно, така што таму владее **полупустински кли-**




*Источна Европа – врнежи*

**матски тип**.

***Растителен свет***

Ваквите климатски одлики во Источна Европа го определуваат и **простирањето на растителните заедници**. Така, во најсеверните територии е застапена **тундрата**, која се одликува со закржлавена вегетација од лишаи, мовови и ретки треви. Појужно се простираат **непрегледни зимзелени шуми**, познати под името **тајга**. Тие  се заменуваат со листопадни шуми кои, одејќи кон југ, стануваат сѐ поретки и преминуваат во **тревни простори – степи,** кои во недостиг на врнежи во Прикасписката Низина добиваат карактеристики на **полупустинска вегетација**.



*Жетва на пченица*

## ПРАШАЊА

– Каков е релјефот во Источна Европа?
– Наброј некои висорамнини!
– Кои низини се издвојуваат во Источна Европа?
– Од што зависи климата во Источна Европа?
– Кои климатски типови постојат?
– За кои делови од Источна Европа е карактеристична поларната клима?
– Какви климатски влијанија се чувствуваат околу Црното Море?
– Каква е климата меѓу северните и јужните делови на Источна Европа?
– Каква клима се среќава во Прикасписката Низина?
– Наведи ги растителните заедници одејќи од север кон југ!
– Што е тундра?
– Што е тајга?
– Што е степа?

## ЗАПОМНИ

– Релјефот во Источна Европа се одликува како благо ридесто разбранувана површина со мали надморски височини што не преминуваат повеќе од 500 м.
– Широкопојасното простирање на територијата условило повеќе климатски типови, и тоа: поларна, континентална, медитеранска и полупустинска клима.
– Растителните заедници во Источна Европа се простираат појасно, како што следува: тундра на север, тајга, степа и полустепа во појужните делови.



# ИСТОЧНА ЕВРОПА

РАЗГОВОР

– Што е Волга?
– Каде се наоѓа?
– Кои реки ги знаеш во Источна Европа?

ПРАШАЊА

– Какви се реките во Источна Европа?
– Во кои сливови спаѓаат реките од Источна Европа?
– Наброј некои од реките од Источна Европа и кажи во кој слив спаѓаат!
– Зошто покрај реките во Источна Европа се развиле повеќе градови?
– Каков е речно-каналскиот сообраќај во Источна Европа?
– Наведи некои од каналите што ги поврзуваат реките и морињата?
– За што се користат реките во Источна Европа?
– Какви проблеми предизвикуваат реките во Источна Европа?

## РЕЧНАТА МРЕЖА – КАРАКТЕРИСТИКИ, ЗНАЧЕЊЕ И ПРОБЛЕМИ

Речната мрежа во Источна Европа се одликува со големи и **долги реки** кои имаат пространи сливови. **Реките припаѓаат на сливовите на Атлантскиот Океан, на Северниот Леден Океан и на Каспиското Езеро**. Реките од сливот на Атлантскиот Океан се влеваат во Балтичкото, во Црното и во Азовското Море и зафаќаат сливна површина од околу 1 800 000 км$^2$. Најголеми притоки на Балтичкото Море се Нева и Западна Двина, на Црното Море се Днестар и Днепар, а на Азовско Море – реката Дон. Во сливот на Каспиското Езеро од територијата на Источна Европа спаѓаат сливната територија на реката Волга со притоките Ока и Кама и реката Урал. Волга е најдолга и најголема река во Европа. Во сливот на Северниот Леден Океан, поточно на Белото и на Баренцовото Море, спаѓаат повеќе реки, од кои позначајни се Северна Двина, Печора и Онега.

Реките во Источна Европа главно извираат околу Валдајската, Средноруската и Северната Височрамнина, кои претставуваат и главни водоразделни линии. Поради нискиот релјеф речната мрежа е релативно густа, а во контекст на климатските услови **реките се мошне големи и полноводни**.

ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ

| РЕКИ | ДОЛЖИНА КМ |
|---|---|
| ВОЛГА | 3 688 |
| ДУНАВ | 2 850 |
| УРАЛ | 2 534 |
| ДНЕПАР | 2 285 |
| ДОН | 1 970 |
| ПЕЧОРА | 1 809 |
| РАЈНА | 1 326 |
| СЕВЕРНА ДВИНА | 1 302 |
| ЛАБА | 1 165 |
| ВИСЛА | 1 095 |



*Делтата на Волга*

***Значење***

**Покрај реките се развиле мошне големи градови**, како што се: Москва, Нижни Новгород, Казањ, Самара, Волгоград, Ростов, Киев, Днепропетровск и други. Должината на реките и нивната полноводност овозможуваат **развиен речно-каналски сообраќај**.

Источна Европа е поврзана со **единствен пловен речно-каналски систем** го сочинуваат реките Волга, Дон, Днепар, Днестар, Западна Двина, Нева и нивните притоки, така што е овозможена речно-каналска пловидба меѓу Каспиското Езеро, Црното и Азовското Море и Балтичкото и Белото Море. Најважни **пловни канали** се Балтичко Море – Бело Море, Москва – Волга, Волга – Дон.

Освен во сферата на земјоделството, реките имаат големо занчење како **енергетски потенцијал**, така што на нивсе изградени голем број вештачки акумулации со големи хидроелектроцентрали. Такви езера на реката Волга се Волгоградското, Кујбишевското, Горкиевското и Рибинското Езеро, а на реката Дон – Цимљанското Езеро.

***Проблеми***

Густата речна мрежа, која се одликува со мал пад на речните корита во нискиот релјеф во Источна Европа, е честа причина за **излевањето на реките** и предизвикувањето поплави.

### ЗАПОМНИ

– Реките во Источна Европа се долги, големи, бавни и полноводни.
– Реките од Источна Европа припаѓаат на сливовите на Атлантскиот и на Арктичкиот Океан и на Каспиското Езеро.
– Реките во Источна Европа се поврзани со канали и на тој начин формираат голем речно-каналски систем кој ги поврзува Балтичкото Море со Каспиското Езеро и со Црното Море.
–Освен за пловидба, се користат за наводнување и за производство на електрична енергија. Познати вештачки езера се Кујбишевското, Горкиевското, Вологрaдското и Рибинското Езеро.


*Каналот Дон – Волга*

### РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ДЕЛТА** – рамница пред утоката на реките во моријњата или езерата, настаната со таложење на речен материјал низ кој реката се влева преку многу таканаречени ракавци. Делтите се во облик на триаголник. Карактеристични се делтите на Нил, Волга и Дунав.
**ПОПЛАВА** – висок водостој на реките и излевање на водата од речното корито, така што се поплавува околното земјиште, односно речната долинска зарамнина.



# ИСТОЧНА ЕВРОПА

РАЗГОВОР

– Кои држави се наоѓаат во Источна Европа?
– Според државите, кои народи живеат во Источна Европа?

ПРАШАЊА

– Каква е густината на населеност во Источна Европа?
– Кои од источноевропските држави се погусто населени?
– Кои се најбројни народи во Источна Европа?
– Наброј ги народите што живеат во Источна Европа!
– Во кои групи јазици спаѓаат јазиците што се зборуваат во Источна Европа?
– Кои се унгаро-фински јазици?
– Кои се словенски јазици?
– Кои се италски јазици?
– Кои се балтички јазици?
– Какви културни достигнувања се постигнати во Источна Европа?



*Москва*

ЗАДАЧА

– На карта на Источна Европа, според државите, со различни бои нанеси ги јазичните групи на кои им припаѓаат.

## СЛИЧНОСТИ И РАЗЛИКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ИСТОЧНА ЕВРОПА

Во однос на другите региони на Европа, територијата на Источна Европа е значително поголема. Големото простирање по географска широчина и различните климатски прилики се главна причина за **релативно помалата населеност на Источна Европа**, каде што густината на населеност е, главно, под 50 ж/км$^2$. Исклучок се Украина и Молдавија, кои се малку погусто населени. Населението е претежно разместено во средишните појаси на Источна Европа, додека северните и јужните прикасписки области се значително поретко населени.




*Источна Европа – густина на населеност*

*Јазици*

Во Источна Европа најбројни **народи** се Русите и Украинците, а нешто помалку се застапени Белорусите, Молдавците, Литванците, Летонците и Естонците. Русите, Украинците и Белорусите припаѓаат на **словенската група** народи и зборуваат руски, украински и белоруски јазик, кои спаѓаат во словенската група јазици и меѓусебно се мошне слични. Кај нив се користи кирилично писмо. Во Молдавија се зборува молдавскиот јазик, кој спаѓа во **италската/романската група јазици**. Литванците и Летонците зборуваат литвански и летонски јазици што спаѓаат во посебно **балтичко јазично подрачје**, а Естонците зборуваат естонски, кој спаѓа во **унгаро-финското јазично семејство**. Карактеристично е тоа што во Литванија, во Летонија, во Естонија, во Белорусија и во Украина има големи групации руско население кое има статус на малцинство и зборува руски јазик.




*Источна Европа – јазици*

*Религија*

Мнозинството од населението на Источна Европа припаѓа на христијанската религија. Поголемиот дел од него, поточно населението во Русија, во Украина, во Белорусија и во Молдавија е со **православна вероисповед**, населението во Литванија е со **католичка вероисповед**, а населението во Летонија и во Естонија е со **протестантската вероисповед**.

*Култура*

Големите пространства во Источна Европа условиле развој на **различни култури и традиции**. Посебна одлика во Русија, во Украина и во Белорусија се **разни архитектонски градби со општокултурни традиции, богати литературни, научни, музички, спортски и други достигнувања**. Населението во Молдавија, за разлика од словенското, има посебни карактеристики во однос на култура и традиција. Слични се состојбите во прибалтичките држави, но со значителни влијанија на сло- венските народи.

Се забележува дека во поголемиот дел од Источна Европа населението има **слични јазици, религија и култура** – за разлика од некои други региони на Европа.

ЗАПОМНИ

– Источна Европа е со релативно ретка населеност.
– Погусто населени се Молдавија и Украина.
– Во словенската група јазици спаѓаат рускиот, украинскиот и белорускиот јазик.
– Во италската група спаѓа молдавскиот јазик.
– Литванскиот и летонскиот јазик спаѓаат во балтичкото јазично подрачје.
– Во унгаро-финското јазично семејство спаѓа естонскиот јазик.
– Населението во Русија, во Белорусија, во Украина и во Молдавија е со православна вероисповед, Литванците се католици, а Летонците и Естонците се протестанти.
– Населението во Источна Европа е со различна култура, високообразовано, со дострели во разни области од животот на човештвото.
– Населението има повеќе сличности и според јазичната и според религиската припадност.

РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ЕМИГРАЦИСКА ЗЕМЈА** – територија или држава од каде што населението се иселува во други територии, односно во други држави.



# ИСТОЧНА ЕВРОПА

РАЗГОВОР

– Според релјефот и климата, кои стопански гранки во Источна Европа би требало да бидат развиени?

ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ

На 26 април 1986 година во Чернобил, Северна Украина, експлодира еден од четирите атомски реактори, што предизвика еколошка катастрофа со светски размери. Милиони луѓе беа радиоактивно озрачени, голем број починаа, а уште поголем број се разболеа. Радиоактивната прашина беше разнесена од ветровите што дуваа во северозападен правец, најмногу кон Белорусија. По оваа несреќа светот уште повеќе се спротивставува на натамошната изградба на атомски централи.



*Фабрика*

## УСЛОВИ ЗА РАЗВОЈ НА СТОПАНСТВОТО ВО ИСТОЧНА ЕВРОПА

Источна Европа на својата голема **територија располага со различни природни богатства**. Затоа таму се **развиени разни стопански гранки**. Меѓутоа, поради посебна организација во развојот на стопанските гранки, тие не се на ниво како во Средна или во Западна Европа.

**Земјоделството** е претежно организирано и развиено во средишните делови на Источна Европа, некаде што главно, се произведуваат житни култури. Најзастапена е пченицата која се одгледува во појасот на Украина и Русија до Урал. Посеверно се застапени поотпорни житни култури, како ’рж, овес и јачмен. Оваа територија е **најголемата житница во Европа**. Освен житариците, застапено е одгледувањето на компир, шеќерна репка и сончоглед. Во јужните делови, околу Црноморјето се застапени градинарството и виновата лоза. Паралелно со пространото земјоделско производство е развиено и **сточарството**. Најзастапени се говедарството и свињарството.

Посеверно, во пространите **шумски комплекси на руската тајга** е развиено шумарството.

Териториите на северните (поради ладната клима и мочуришното земјиште) и јужните прикасписки простори (поради високите температури и полупустинските климатски услови) не се поволни за земјоделско стопанисување.

Развојот на индустријата во земјите од Источна Европа е нешто поразличен од развојот во другите делови на Европа. Уште во времето на Советскиот Сојуз таа беше ориентирана кон **развој на тешката индустрија**. Најголемо внимание се посветуваше на **производството на големи и градежни машини, локомотиви, транспортни средства и оружје**, а помалку внимание му се посветуваше на индустриското производство за широка потрошувачка. Најразвиени **индустриски центри** се подрачјата околу градовите Москва, Санкт Петербург, Нижни Новгород, Самара и Волгоград во Русија, потоа Киев, Запорожје и Донец во Украина, Минск во Белорусија итн. За развојот на индустријата се важни рудните наоѓалишта на Урал и големите енергетски богатства.

**Енергетските богатства** во Источна Европа се огромни, особено оние во Русија од кои зависи голем дел од развојот во други држави. Источна Европа располага со **големи количества јаглен, нафта и земјен гас**, но располага и со големо производство на **хидроелектрична енергија**. Меѓутоа,

иако поголем дел од населението живее во европскиот дел, природните енергетски извори се користат и во азискиот дел на Русија, така што се изградени голем број **нафтоводи и гасоводи** – како за државите од Источна Европа така и за другите држави од Европа.

Поради големите пространства **сообраќајната мрежа** во Источна Европа е **послабо развиена**, според бројот и според квалитетот на патиштата. Голема улога игра железничкиот транспорт, водниот сообраќај (особено речно-каналската пловидба), но и авионскиот сообраќај.

Како на почетокот на развојот на индустријата во светот така и во земјите од Источна Европа заради поголемо производство се отвораат разни фабрики без да се води сметка за **загадувањето и за заштитата на животната средина**. Една од хавариите беше експлозијата на атомската централа во украинскиот **Чернобил** во 1986 година.

Во сферата на техничко-технолошкиот развој земјите од Источна Европа, особено Русија, се на врвот заедно со земјите од Западна Европа и од светот, а Русија е една од водечките вселенски сили во светот.

Развојот на **туризмот** е ориентиран во поголемите центри и во топлите области на Црното Море и на Каспиското Езеро.




*Источна Европа – индустриски подрачја*

## ПРАШАЊА

– Со какви природни богатства располага Источна Европа?
– Што е карактеристично за земјоделството?
– Кои од сточарските гранки се најразвиени?
– Врз што се темели развојот на шумарството и на дрвната индустрија?
– Која индустрија преовладува и што се произведува најмногу?
– Наброј некои од индустриски центри во Источна Европа!
– Кои енергетски извори ги има и се експлоатираат во Источна Европа?
– Зошто е послабо развиена сообраќајната мрежа?
– Каков е степенот на загадување на животната средина?
– Дали Русија е во чекор со техничко-технолошкиот развој во светот?
– Каде е развиен туризмот во Источна Европа?

## ЗАДАЧА

– На карта на Источна Европа, според локацијата на градовите, утврди ги индустриските подрачја.

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ПРИРОДНИ РЕСУРСИ** – сите природни богатства што човекот може директно или индиректно да ги користи и приспособи за свои потреби. Може да бидат погодни земјоделски површини, воден потенцијал, рудни богатства, шуми, енергетски потенцијал.

## ПРАШАЊА

– Кои полуострови спаѓаат во Јужна Европа?
– Каква географска положба има Јужна Европа?
– Што се тоа рабни морињa?
– Наброј ги државите што се наоѓаат на Пиринејскиот Полуостров!
– Наброј ги државите што се наоѓаат на Апенинскиот Полуостров!
– Наброј ги државите што се наоѓаат на Балканскиот Полуостров!
– Наброј некои поважни протоци во Средоземјето?
– Кои се најважните култури и цивилизации низ историјата на Европа?
– Какви државни уредувања постојат во Јужна Европа?
– Што се тоа млади венечни планини?
– Како се нарекуваат големите рамници помеѓу планините?
– Наброј ги и покажи ги на карта планинските масиви во Европа!
– Кои се најпознатите низини во Јужна Европа?
– Какви типови релјеф се застапени во Јужна Европа?
– Какви манифестации се случуваат поради геолошката нестабилност на земјиштето?
– Што е земјотрес?
-Со која направа се мерат земјотресите?
– Наведи некои активни вулкани во Јужна Европа?
-Како влијаат вулканите врз животот на луѓето?
– Какви климатски типови се присутни во Средоземјето?
– Кои се одликите на медитеранската клима?
– Наведи некои територии што се одликуваат со планинска клима!
– Каква вегетација е присутна во Јужна Европа?
– Кои се најкарактеристични претставници на растителните заедници во Јужна Европа?
– Наведи некои листопадни растителни видови?
– Кои од културните растенија се најзастапени во Јужна Европа?
– Каде (географски) е сместено Средоземното Море?
– На колку делови се дели Средоземното Море?
– Каква е бреговата линија на Јужна Европа?
– Наброј некои острови и полуострови што се наоѓаат во Средоземното Море?
– Каква е климата во областите на Средоземното Море?
– Кои поголеми реки се влеваат во Средоземното Море?
– Какви се растителниот и животинскиот свет во Средоземното Море?
– Кои се најпознати протоци?
– Наброј ги најпознатите пристаништа во Средоземното Море?
– Каква индустрија се развива во литоралниот појас?
– Какво е туристичкото значење и зошто се развива туризмот?
– Каква е разместеноста на населението во Јужна Европа?
– Кои територии во Јужна Европа се најгусто населени?
– Кои народи живеат на Пиринејскиот Полуостров?
– Кои народи живеат на Апенинскиот Полуостров?
– Кои народи живеат на Балканскиот Полуостров?
– На која група припаѓаат јазиците што се зборуваат во Јужна Европа?
– Наведи ги јазиците што се зборуваат во Јужна Европа?
– Кои и какви писма се користат во Јужна Европа?
– Кои религии ги исповеда населението во Јужна Европа?
– Со што се одликуваат луѓето во Јужна Европа?
– Зошто Јужна Европа заостанува во стопанскиот развој во однос на другите региони од Европа?
– Врз база на какви суровини се развива индустријата во Јужна Европа?
– Кои стопански гранки преовладуваат во Јужна Европа?

– Кои земјоделски производи се најкарактеристични?
– Кои индустриски гранки се најразвиени во Јужна Европа?
– Наведи некои од најразвиените индустриски подрачја и центри!
– Наброј ги непроизводните дејности кои се развиени!
– Каков е степенот на развој на туризмот и зошто?
– Кои територии од Европа се означуваат како Западна Европа?
– Какви можат да бидат можностите за комуникација со светот?
– Што овозможуваат големите и пловни реки во Западна Европа?
– Какви се државите според стопанската развиеност?
– Што се тоа колонијални сили и колонијални поседи?
– Каква е географската положба на Западна Европа?
– Наброј ги државите што се наоѓаат во Западна Европа!
– Како е ориентирано капиталистичкото општество во сферата на стопанството?
– Какви општествени уредувања се среќаваат во земјите на Западна Европа?
– Наброј ги имињата на државите кои се наоѓаат во Западна Европа!
– Кои територии го сочинуваат Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска?
– Во кои држави од Западна Европа на чело на државата се наоѓа крал или кралица?
– Кои држави од Западна Европа имаат претседател на чело на државата?
– Каков е релјефот во Западна Европа?
– Наброј ги планините што се среќаваат во Западна Европа!
– Каков е релјефот во Холандија?
– Под кое влијание се формира климата во Западна Европа?
– Што е тоа Голфска струја?
– Зошто има мали температурни разлики меѓу зимата и летото?
– Со што се одликува атлантското поднебје?
– Зошто Западна Европа се нарекува Зелена Европа?
– Какви морски брегови постојат?
– Како се нарекуваат високите морски брегови?
– Каде има ниски брегови во Западна Европа?
– Што е карактеристично за бреговите на Холандија?
– Какво е колебањето на морето (прилив и одлив)?
– Како се снабдува Западна Европа со суровини?
– Што се тоа естуари и наведи неколку!
– Како влијае поморскиот сообраќај врз развојот на внатрешноста на Западна Европа?
– Како се експлоатира нафтата во Северното Море?
– Каква е густината на населеност во Западна Европа?
– Кои групи народи го претставуваат населението на Западна Европа?
– Кои народи спаѓаат во германската група?
– Каде живеат потомците на Келтите?
– Кои јазици се зборуваат во земјите од Западна Европа?
– Кои се посебни јазици?
– На кои религии припаѓа населението во Западна Европа?
– Кои држави од Западна Европа се познати како колонијални сили?
– Каков е природниот прираст на населението во Западна Европа?
– Кои стопански гранки од примарниот сектор се најразвиени во Западна Европа?
– Што се произведува најмногу во сферата на полјоделството?
– Кои сточарски гранки се најразвиени?
– Што е карактеристично за Холандија во областа на полјоделството?
– Какво било индустриското производство во Западна Европа во почетокот на развојот?
– Каде и зошто се развиле првите индустриски претпријатија?
– Како се ориентирани новите индустриски гранки и што произведуваат тие?
– Кои се поголеми индустриски центри во Западна Европа?
– Како се обезбедува енергијата во Западна Европа?
– Со што се одликува Франција во сферата на енергетиката?
– Кои непроизводни дејности се развиени?
– Кои се најкарактеристичните туристички

подрачја?
– Кои територии ги зафаќа Северна Европа?
– Како се именува поинаку Северна Европа според име на полуостров?
– Зошто се нарекуваат нордиски земји?
– Зошто Северна Европа има поволна географска положба?
– Каков тип релјеф преовладува во Северна Европа?
– Со кои протоци се поврзани Северното и Балтичкото Море?
– Кои држави спаѓаат во Северна Европа?
– Кои се главни и поголеми градови во Северна Европа?
– Наброј ги официјалните имиња на државите од Северна Европа!
– Кои од државите од Северна Европа се кралства?
– Кои од државите од Северна Европа се републики?
– Кои други територии спаѓаат во Норвешка?
– Каков е релјефот во Северна Европа?
– Кои планини се главна одлика на релјефот во Северна Европа?
– Како се нарекуваат карактеристичните релјефни форми во Северна Европа?
– За што се користат фјордовите?
– На која територија од Северна Европа има вулкани, земјотреси и гејзири?
– Каква е климата на бреговите на Норвешка?
– Каква е климата на бреговите на Балтичкото Море со Ботнискиот Залив?
– Како влијае климата врз водниот сообраќај во Балтичкото Море?
– Каква е бреговата разгранетост на Скандинавскиот Полуостров?
– Какви се релјефот и морските брегови во Данска?
– Што овозможува разгранетиот брег на Северна Европа?
– Кои градови се развиени на бреговите на Северна Европа?
– Какви се речните текови во Северна Европа и што овозможуваат тие?
– Каква е населеноста на територијата на Северна Европа?
– Каква е густината на населеност?
– Во кои делови претежно е разместено населението во Северна Европа?
– Наброј ги најголемите градови во земјите на Северна Европа!
– Во кои групи јазици спаѓаат јазиците што се зборуваат во земјите од Северна Европа?
– Кој од јазиците спаѓа на унгаро-финското јазично семејство во Северна Европа?
– На која религија припаѓа населението од Северна Европа?
– Какви се образовното и културното ниво на населението?
– Каде се наоѓа Лапонија и по што ти е позната?
– Според степенот на развиеност во која група спаѓаат државите од Северна Европа?
– Кои се најразвиени стопански гранки во земјите на Северна Европа?
– Која од државите и зошто има силно развиено земјоделство?
– Која индустрија е карактеристична за Шведска?
– Кои држави имаат развиени риболов и индустрија за преработка на риби?
– Зошто се развиени дрвната индустрија и производството на хартија?
– Прехранбената индустрија е најразвиена во Данска. Што се произведува најмногу?
– Кој вид енергија се користи во Данска и зошто?
– За која држава е карактеристична хидротермалната енергија?
– Која од скандинавските држави има најмногу нафтени платформи во Северното Море?
– Како го користи Норвешка хидроенергетскиот потенцијал?
– Што знаеш за рибните фарми и зошто се формираат тие?
– Која територија ја зафаќа Средна Европа?
– Каква географска положба има Средна Европа?
– Зошто е поволна географската положба?
– Кои просторни разлики се гледаат во Средна Европа, одејќи од југ кон север?
– Освен патиштата и железниците, кои други објекти како сообраќајници се важни за географската положба на Средна Европа?
– Кои од државите што сае наоѓаат во Средна Европа се континентални?
– Наброј ги државите и главните градови во Средна Европа!
– Кои историски настани се важни за државното уредување на земјите од Средна Европа?

– Што е тоа Варшавски договор?
– Наведи ги официјалните имиња на државите што се наоѓаат во Средна Европа!
– Какво државно уредување има Германија?
– Наведи го распоредот на релјефните одлики во Средна Европа, одејќи од Алпите кон Балтичкото Море!
– Кои се планините и со што се одликува високопланинскиот релјеф во Средна Европа?
– Кои планини се средновисоки во Средна Европа?
– Наброј ги ниските планини во Средна Европа!
– Кои низини се наоѓаат во Средна Европа?
– Под какво влијание е климата во Средна Европа?
– Каква е климата во северозападните делови на Средна Европа, а каква е во источните делови?
– Каква клима владее на планините?
– Каква е вегетацијата?
– Што е Панонската Низина и меѓу кои планини е сместена?
– Кои држави зафаќаат територија од Панонската Низина?
– Што се тоа островски планини? Наброј некои од нив!
– Што се меандри?
– Каква е речната мрежа?
– Наведи некои поголеми реки!
– Кои делови ја цочинуваат Панонската Низина?
– Каква е климата во Панонската Низина и зошто?
– Каков растителен свет преовладува?
– Колку е погодна за земјоделско стопанисување и што најмногу се одгледува?
– Какво е сточарството во Панонската Низина?
– Опиши ја комуникациската и сообраќајната поврзаност на Панонската Низина!
– Опиши ги границите на простирање на планинскиот масив Алпи!
– Каде се наоѓаат Алпите?
– Со каков релјеф се одликуваат?
– Што формираат глечерите?
– Наброј некои попознати глацијални езера!
– Под кое климатско влијание се јужните падини на Алпите?
– Над која височина се присутни постојани снег и мраз?
– Опиши го висинското појасно простирање на растителните заедници на Алпите.
– За што се користат алпските реки?
– Кои непроизводни дејности се развиени?
– Што ја сочинува хидрографијата на Средна Европа?
– Во кои сливови спаѓаат реките од Средна Европа?
– Каква е речната мрежа во Средна Европа и за што се користи?
– Што знаеш за реката Рајна?
– Наброј некои канали со кои Рајна се поврзува со други пловни реки!
– Што знаеш за реката Дунав?
– Наведи и други реки од Средна Европа!
– Какво е влијанието од Средна Европа врз земјоделското производство и кои култури се произведуваат во Германско-полската Низина?
– Што овозможува пловноста на реките?
– Какви проблеми предизвикуваат реките во Средна Европа?
– Каква е густината на населеност во Средна Европа?
– Наброј ги најгусто населените области и градовите во нив!
– Кои групи јазици преовладуваат во Средна Европа?
– На кои религии припаѓа населението?
– Со каква култура се одликува населението?
– Што е основа за стопанскиот развој на Средна Европа?
– Кои индустриски гранки се развиле во Средна Европа?
– Наброј ги индустриските подрачја по држави во Средна Европа!
– Кои стопански гранки се развиле во Германско-полската Низина?
– Која е најразвиената земја во Средна Европа и кои индустриски гранки во неа се најразвиени?
– Кои непроизводни дејности се развиле во Швајцарија, во Германија и во Австрија?
– Со што се одликува стопанскиот развој на Австрија?
– Која индустрија е развиена во Полска?
– Која е најслабо развиена земја во Средна Европа?
– Со што се одликува стопанството во Унгарија?
– Кој простор го зафаќа Источна Европа?

– Опиши ги границите на Источна Европа!
– Каква е географската положба на Источна Европа?
– Како се надополнува географската положба?
– Кој простор се нарекува Врата на народите и зошто?
– Каква е територијата на Источна Европа според релјефот?
– Што беше Советскиот Сојуз?
– Кои држави денес се вбројуваат во Источна Европа?
– Кога е формиран Советскиот Сојуз и до кога постоел?
– Што се случило по распаѓањето на Советскиот Сојуз во 1991 година?
– Кои држави се оформени во Источна Европа како посебни?
– Какви се државите според политичкото уредување?
– Која од државите се простира и во Европа и во Азија?
– Каков е релјефот во Источна Европа?
– Наброј некои висорамнини!
– Кои низини се издвојуваат во Источна Европа?
– Од што зависи климата во Источна Европа?
– Кои климатски типови постојат?
– За кои делови од Источна Европа е карактеристична поларната клима?
– Какви климатски влијанија се чувствуваат околу Црното Море?
– Каква е климата меѓу северните и јужните делови на Источна Европа?
– Каква клима се среќава во Прикасписката Низина?
– Наведи ги растителните заедници, одејќи од север кон југ!
– Што е тундра?
– Што е тајга?
– Што е степа?
– Какви се реките во Источна Европа?
– Во кои сливови спаѓаат реките од Источна Европа?
– Наброј некои реки од Источна Европа и кажи во кој слив спаѓаат!
– Зошто покрај реките во Источна Европа се развиле повеќе градови?
– Каков е речно-каналскиот сообраќај во Источна Европа?
– Наведи некои од каналите кои ги поврзуваат реките и морињата?
– За што се користат реките во Источна Европа?
– Какви проблеми предизвикуваат реките во Источна Европа?
– Каква е густината на населеност во Источна Европа?
– Кои од источноевропските држави се погусто населени?
– Кои се најбројни народи во Источна Европа?
– Наброј ги народите што живеатво Источна Европа!
– Во кои групи јазици спаѓаат јазиците што се зборуваат во Источна Европа?
– Кои се унгаро-фински јазици?
– Кои се словенски јазици?
– Кои се италски/романски јазици?
– Кои се балтички јазици?
– Какви културни достигнувања се Постигнативо Источна Европа?
– Какви се природните богатства во Источна Европа?
– Што е карактеристично за земјоделсвото?
– Кои од сточарските гранки се најразвиени?
– Врз што се темели развојот на шумарството и на дрвната индустрија?
– Која индустрија превладува и што се произведува најмногу?
– Наведи некои од индустриските центри во Источна Европа!
– Кои енергетски извори ги има и се експлоатираат во Источна Европа?
– Зошто е послабо развиена сообраќајната мрежа?
– Каков е степенот на загадување на животната средина?
– Каде е развиен туризмот во Источна Европа?

# ТЕМИ И СОДРЖИНИ

## 4. ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА АЗИЈА

- ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, ГРАНИЦИ И ГОЛЕМИНА
- БРЕГОВА РАЗГРАНЕТОСТ НА АЗИЈА
- РЕЛЈЕФНИ ОДЛИКИ НА АЗИЈА
- КЛИМА И ВЕГЕТАЦИЈА
- ХИДРОГРАФИЈАТА ВО АЗИЈА
- ПРИРОДНИ БОГАТСТВА НА АЗИСКИОТ КОНТИНЕНТ

## 5. СОЦИОГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА АЗИЈА

- НАСЕЛЕНИЕТО НА АЗИЈА
- РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА АЗИЈА

## 6. РЕГИОНАЛЕН ПРЕГЛЕД НА АЗИЈА

- ИСТОЧНА АЗИЈА
- ЈУГОИСТОЧНА И ЈУЖНА АЗИЈА
- СРЕДНА АЗИЈА
- ЈУГОЗАПАДНА АЗИЈА





# ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, ГРАНИЦИ И ГОЛЕМИНА

**РАЗГОВОР**

– Кој е најголем континент во светот?
– Кој е најблизок континент до Европа и Африка?
– Како се нарекуваат трите континенти заедно?



*Кинескиот ѕид*

Азија е **најголем континент во светот**, со скоро една третина од површината на Земјиното копно (44 587 555 км²). Претставува компактна копнена маса која, со исклучок на некои острови, **се простира на северната хемисфера**. Се протега на околу 8 600 км во правец исток-запад, од Мала Азија до утоката на реката Амур, а во правец север-југ се протега на околу 8 400 км од 'ртот Чељускин до 'ртот Пијаи на Малајскиот Полуостров. **Границата** со Европа е по линијата: планина Урал – река Урал – Касписко Езеро – долина Манич – Црно Море – Босфор – Мраморно Море – Дарданели – Егејско Море, вклучувајќи го и Кипар. Од Африка ја одвојуваат Суецкиот Канал, Црвеното Море и протокот Баб ел Мандеб. Заокружена е со: Индискиот Океан од југ, Тихиот Океан од исток и Северниот Леден Океан од север, во кои се наоѓаат повеќе крајбрежни мориња. Азија има голем број острови околу континентот и оние кои што протегаат во Индонезија до Тиморското Море и Молучките



Острови.

Азија, Европа и Африка се споени континенти во кои егзистирале разни цивилизации и култури, а познати под заедничкото име **стар свет**. Денешните граници помеѓу нив се повеќе договорни. Така се поставени бидејќи на нив се јавуваат **преодни појаси помеѓу земјиштето, климата, растителниот и животинскиот свет и населението**. Како посебни се издвојуваат **Вратата на народите** (просторот меѓу планината Урал и Каспиското Езеро) меѓу Азија и Европа и **Синајскиот Полуостров** помеѓу Азија и Африка.

Од Северна Америка ја дели Беринговиот Проток со широчина од 85 км, кој поради арктичката клима не е многу корисен за комуникација меѓу двата континента. Преку островите во Индонезија, Азија се приближува до Австралија.

Ваквата географска положба на Азија, со непосреден излез на три океани и посредната комуникација преку Црвеното Море, Суецкиот Канал и Средоземното Море со Атлантскиот Океан, недвосмислено зборува за **мошне добра централна географска положба на континентот**. Меѓутоа, заради природни препреки, културни и историски причини, Азија има извршено поголемо влијание по Европа, додека другите континенти имаат влијание во некои нејзини периферни делови. Во поново време Азија врши влијание врз Австралија преку населување.




*Беринґовиош Прошок*

ПРАШАЊА

– Колкава површина зафаќа Азија?
– Опиши ја границата на азискиот континент!
– Каде се спојуваат Африка, Азија и Европа?
– Под кое заедничко име се познати Азија, Африка и Европа?
– На кое место се приближуваат Азија и Северна Америка?
– Како комуницира Азија со Атлантскиот Океан?
– Со кои територии се приближува кон Австралија?

ЗАДАЧА

– Добро разгледај ја картата на Азија и забележи на која хемисфера се простира Азија, кои се нејзините крајни копнени делови и со кои океани и мориња е заобиколена!

ЗАПОМНИ

– Азија е најголем континент во светот со околу 44,5 милиони км$^2$.
– Со огромен дел се простира на северната хемисфера, но ги опфаќа сите климатски појаси на Земјата.
– Азија се граничи со Арктичкиот Океан на север, со Тихиот Океан на исток, со Индискиот Океан на југ, со Црвеното Море, Суецкиот Канал, Средоземното Море, Црното Море, Каспиското Езеро, реката и планината Урал на запад.
– Азија, Европа и Африка се споени и се нарекуваат Стар Свет.
– Азија се приближува кон Северна Америка на 85 км кај Беринговиот Проток.



# БРЕГОВА РАЗГРАНЕТОСТ НА АЗИЈА

**РАЗГОВОР**

– Кога се вели дека има голема брегова разгранетост?

– Со кои океани и морињa граничи Азија?

**ПРАШАЊА**

– Зошто Азија има долга брегова линија?

– Наброј некои од полуостровите и од островските територии на Азија!

– На карта најди ги рабните морињa и заливи од јужната страна на Азија!

– Најди ги на карта морињата и заливите што се наоѓаат на источната страна на азискиот континент!

– Кои се најкарактеристичните поморски протоци и премини?

– Послужи се со карта на Азија. Кои од океаните и морињата се непогодни за пловидба?

Пространата територија и излезот на Азија на Индискиот, Тихиот и Арктичкиот Океан и Средоземното Море се причини за **долгата брегова линија**. Бреговата разгранетост повеќе се гледа преку издвоените поголеми **островски и полуостровски територии**. Во југозападните делови се издвојуваат полуостровот Мала Азија и Арабискиот Полуостров. Во Јужна Азија се издвојуваат Индискиот Полуостров и Индокинескиот со Малајскиот Полуостров, островите на Индонезија и Филипини. Во Источна Азија се издвојуваат Корејскиот Полуостров, Камчатка и Чукотскиот Полуостров. Овде припаѓаат Јапонските Острови, островот Сахалин и Курилските Острови. Меѓутоа, поголемиот дел од бреговите во основа не се многу разгранети со присуство на поголем број мали заливи.

Покрај овие простори постојат поголем број таканаречени **средоземни и рабни морињa и заливи.** Во југозападните делови на Азија кон Европа и Африка се наоѓа Средоземното Море со длабоко навлезеното Црно Море. Меѓу Азија и Африка се протега Црвеното Море, кое преку Суецкиот Канал и протокот Баб ел Мандеб ги поврзува Средоземното Море со Аденскиот Залив и Арабиското Море, односно Индискиот




*Азија – групи острови*

Океан. Од него, преку Оманскиот Залив и Ормускиот Проток, длабоко во копното навлегува Персискиот Залив. Меѓу Индија и Индокина се простира големиот Бенгалски Залив од каде што понатаму како средоземни морињa помеѓу островите на Индонезија и Филипини се наоѓаат Андаманското Море, Јужнокинеското Море со заливите Сијамски и Тонкински, Јаванското Море, Сулавеското Море, Бандското Море, Тиморското Море, Арафурското Море и други. Во источните делови на Азија се наоѓаат Источнокинеското Море, Жолтото Море, Јапонското Море, Охотското Море и Беринговото Море. Во Арктичкиот Океан се наоѓаат Чукотското Море, Источносибирското Море, Лаптевското и Карското Море.

Меѓу морињата во Југоисточна и во Источна Азија се наоѓаат поголем број **морски протоци и премини**, важни за одвивање на водниот сообраќај. Поважни поморски премини се Малајскиот Проток меѓу Андаманското и Јаванското Море, Сундскиот Проток меѓу Индискиот Океан и Јаванското Море, Тајванскиот Проток меѓу Јужнокинеското и Источнокинеското Море, Корејскиот Премин меѓу Жолтото и Јапонското Море, Татарскиот Премин меѓу Јапонското и Охотското Море и Беринговиот Проток меѓу Беринговото и Чукотското Море.

Ваквата брегова разгранетост, со исклучок на Арктичкиот Океан, овозможува целогодишна **пловидба** по сите морињa и океани. Ова особено доаѓа до израз и во функција на густо населените приморски простори во Јужна, во Југоисточна и во Источна Азија.

### ЗАПОМНИ

– Азија има долга брегова линија.
– Бреговата разгранетост на Азија е најголема во нејзините југоисточни и источни делови, каде што има поголем број острови и полуострови.
– Најголеми полуострови во Азија се: Мала Азија, Арабискиот Полуостров, Индискиот Полуостров, Индокинескиот Полуостров, Корејскиот Полуостров и полуостровот Камчатка.
– Најголеми острови се островите на Индонезија, Филипинските и Јапонските Острови. Многу важни протоци и канали се: Суецкиот Канал, Баб ел Мандеб, Малајскиот Проток, Тајванскиот Проток, Корејскиот Премин и Беринговиот Проток.



*Пловни објекти*

### ЗАДАЧА

– Набљудувај ја картата на Азија и објасни кои територии придонесуваат за мошне големата брегова разгранетост на азискиот континент!

### РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ЗАЛИВ** – дел од море или езеро што повеќе или помалку навлегува во копното. Настанува со продирање на морето во пониските делови на копното, во долните делови на речните корита или некогашни глацијални корита.
**ПРОТОК** – тесен дел на морската површина преку кој се спојуваат две морињa, а се раздвојуваат две копна. На пример: Гибралтарски Проток меѓу Пиринејскиот Полуостров (од Европа) и Африка, потоа Босфор и Дарданели меѓу Европа и Азија.
**РАБНО МОРЕ** – море што се протега на периферијата од некоја поголема океанска или средоземноморска површина, како, на пример, Лигурско Море, Норвешко Море.



# РЕЉЕФНИ ОДЛИКИ НА АЗИЈА

РАЗГОВОР

– Кои се највисоките планини на Земјата и каде се наоѓаат?

ПРАШАЊА

– Какви релјефни целини постојат во Азија?
– Наброј ги најпознатите низини во Азија!
– Наброј ги големите планински масиви во Азија!
– Кој е највисокиот врв на Земјата и каде се наоѓа?
– Наброј ги поголемите висорамнини во Азија!
– Кои пустини се наоѓаат во Азија?
– Што се наоѓа на големите височини и каков тип релјеф е присутен таму?
– Што е тоа ’огнен појас‘?
– Како се дели Азија според природните целини?

Азија е континент со **најразлични релјефни целини**, исполнет со голем број **низини, планини и висорамнини**.

**Низините** зафаќаат една четвртина од територијата на Азија, а најраспространети се во периферните делови на континентот. Најпознати низини во Азија се Западносибирската и Туранската Низина кон границата со Европа, Месопотамиската Низина во Југозападна Азија, потоа низините по долините на реките Инд, Ганг, Брамапутра и Меконг во Јужна Азија, Источнокинеската Низина во Источна Азија и други помали низини. Низините се отвори преку кои до извесна длабочина се навлегува во внатрешноста на мошне непристапните планински системи во Азија.

**Планинскиот релјеф** во Азија е застапен на три четвртини од територијата. Планинскиот систем започнува од Егејското Море на запад, односно од Мала Азија, и се протега до Тихиот Океан на исток. Го сочинуваат непрекинати планини: масивите Таурус, Иранските и Авганистанските Планини до Памир, од каде што системот се раздвојува кон југоисток со планините Хиндукуш, Каракорум и Хималаи, односно кон северозапад преку планините Тијан Шан, Алтај, а потоа на север се протегаат Јаблановските, Становојските, Верхојанските, Черските, Колимските Планини и други масиви. Како посебни се простираат  Кавказ, Елбурс, планините во југозападните делови на Саудиска Арабија, планинските масиви во источните делови на Азија, како што се Корејските Планини, Голем Хинган и планините на островските територии.




*Планинскиот систем Хималаи*

Планините во Азија се одликуваат со **мошне големи височини**. На Хималаите се наоѓаат највисокиот врв во светот, Монт Еверест, со 8 850 м н.в, како и поголем број други врвови со повеќе од 8 000 м.

На пространото азиско копно, меѓу планинските масиви се простираат огромни територии под **висорамнини**. Познати се Иранската Висорамнина, висорамнината Тибет, Становојската Висорамнина, Средносибирската Висорамнина, Казашката Висорамнина, висорамнината Декан и други.

Посебна карактеристика на релјефот во Азија е тоа што големи територии се под **пустини** со типичен еолски релјеф. Такви се пустините: Голем Нефуд и Руб ел Хали на Арабискиот Полуостров, потоа Големата Солена Пустина во Иран, пустината Тар во Индија, пустините Мујункум, Каракум и Кизилкум во Казахстан, Узбекистан и Туркменистан, пустината Такла Макан во Западна Кина, пустината Гоби во северните делови на Кина и Монголија и други.

Големите надморски височини на планинските системи во Азија, кои се простираат во појасот од 33-50° с.г.ш. се причина за голема застапеност на глацијација на планините. **Огромни територии се наоѓаат под снег и мраз**. Скоро од сите планини, но особено од Хималаите се спуштаат многубројни **глечери** од кои се напојуваат голем број реки на азискиот континент.

Азија е континентот покрај кој се простира т.н. **огнен појас,** кој се одликува **со многу вулкани и земјотреси**, така што е присутен и забележлив вулкански релјеф.

Врз основа на вака поставениот релјеф, во Азија се издвојуваат следниве **природни целини: Северна Азија** – се одликува со големи низински територии северно од планините Памир, Алтај и реката Амур; **Источна Азија** – ги опфаќа источните делови на Кина, Кореја и Јапонија; **Јужна** (или **монсунска**) **Азија** – се простира јужно од линијата Хиндукуш – Хималаи и ги опфаќа териториите од Пакистан до Индонезија и Филипини; **Југозападна Азија** – од Авганистан до Синајскиот Полуостров; и **Централна Азија** – ги опфаќа областите на највисоките планини и пустини.

### ЗАПОМНИ

– Најголеми низини во Азија се: Западносибирската, Туранската, Месопотамската, Индоганшката, Источно кинеската Низина и други.
– Најголеми планински масиви се: Иранските Планини, Авганистанските Планини, Памир, Хиндукуш, Каракорум, Хималаи, Алтај, Јаблановските, Становојските и Верхојанските Планини, Голем Хинган, Западните Гати итн.
– Најпознати пустини во Азија се: Гоби, Такла Макан, Мујункум, Каракум и Кизилкум, Голем Нефуд, Тар и други.
– Најголеми висорамнини во Азија се Иранската Висорамнина, Тибет, Средносибирската Висорамнина, Декан итн.

### ЗАДАЧА

– На карта на Азија трпеливо идентификувај ги низинските региони, планинските масиви, висорамнините, пустинските територии и островите.

### РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ВУЛКАНСКА АКТИВНОСТ** – процес на постојани или повремени вулкански ерупции со помал или поголем интензитет.
**МЛАДА ВЕНЕЧНА ПЛАНИНА** – планински систем кој датира од младите геолошки периоди, како, на пример, мезозоикот или кенозоикот.
**ПУСТИНА** – простор со многу мали количества врнежи (под 200 мм годишно) и со многу сиромашен растителен свет. Врнежи може да нема и по неколку години.
**СЕИЗМИЧКА АКТИВНОСТ –** зачестена појава на земјотреси на одредени територии.
**СТАРА ПЛАНИНА** – планински масив чиј настанок датира од постарите геолошки периоди, како, на пример, од палеозоикот.



## КЛИМА И ВЕГЕТАЦИЈА

**РАЗГОВОР**

– Според големината и релјефот на Азија, какви климатски услови може да постојат?

**ПРАШАЊА**

– Наведи ги климатските појаси што се јавуваат во Азија!
– Какви климатски типови се среќаваат во централните делови на Азија?
– Кои периодични ветрови се познати во Јужна и во Источна Азија?
– Опиши ги одликите на зимските и на летните монсунски ветрови!
– Каде дуваат тајфуните?
– Што е цунами?
– Каде владее пустинска клима?

### КЛИМАТСКИ УСЛОВИ

**Климата во Азија е мошне разновидна**. На неа најмногу влијаат протегањето на планините, кое е во правец запад – исток и југозапад – североисток, и монсунските ветрови. Со климатските услови во Азија се **опфатени сите климатски појаси.** Се разликуваат два рабни појаса, и тоа: изразито **тропско–монсунски појас на југ и поларен и супполарен појас на север**. Меѓу овие два појаса се наоѓа **умерениот појас** во кој врз климата влијае пространата копнена територија, оддалеченоста од морињата и релјефот со неговите изразито високи планини. Тие се фактори поради кои во Централна Азија владее изразито континентална клима, со присуство на **типична високопланинска (алпска) клима**.

Во зима, во северните и во централни делови на Азија настанува големо разладување (најниските температури се до -68 °C) и формирање висок воздушен притисок, а во лето воздушните маси се загреваат и притисокот се намалува. Над Индискиот и Тихиот Океан се случува спротивното: поради разликите што настануваат во воздушните маси, доаѓа до големи движења на воздухот и се појавуваат **периодични**



**зимски и летни монсунски ветрови.** Тие се главен фактор за формирање на климатските услови во Азија, односно за владеењето на таканаречената **монсунска клима**.

**Летните монсуни** дуваат од Индискиот, (и од) Тихиот Океан кон копното. Тие се топли и влажни и носат големи количества врнежи до Хималаите. **Зимските монсуни** дуваат од копното кон Индискиот Океан на југ и кон Тихиот Океан на исток. Се одликуваат како ладни суви и и што предизвикуваат изразито сушни периоди.

Слична состојба е присутна и во Источна Азија каде што во летниот период од Тихиот Океан кон копното дуваат топли и влажни ветрови познати како **тајфуни**. Тие носат големи количества врнежи (но, нешто помалку во однос на монсуните) и обратно – во зима дуваат од високопланинското копно преку источните низини кон морето, носат ладен и сув воздух кој придонесува за формирање ладно и суво време проследено со сушен период. Тајфуните често придонесуваат за зголемување на дејствата на морските бранови; брановите **цунами** се предизвикани од подводни земјотреси или вулкански ерупции.

На териториите во Сибир скоро постојано владеат ниски температури. Исклучок е краткото лето, кога длабоко замрзнатото земјиште површински се одмрзнува. Во Централна Азија има релативно мали годишни количества врнежи (од 200 до максимум 500 мм), што е причина за појава на пространи **пустински територии** во кои е присутна **пустинска клима**. Во уште поизразена форма, пустинската клима е одлика и за териториите во Југозападна Азија.

Поради надморската височина, високопланинските територии во Централна Азија скоро постојано се одликуваат со ниски температури, а просторот е под вечен снег и мраз. Таму владее изразито **високопланинска и планинска клима.**

## ЗАПОМНИ

– Климата во Азија е мошне разновидна.
– Во Азија се среќаваат сите климатски појаси и тоа: екваторски, тропски, суптропски, умерен, супполарен и поларен.
– Поради големината на просторот и релјефот, во Азија се среќаваат повеќе климатски типови, како што се: тропско-монсунска клима, умерено континентална клима, планинска клима, пустинска клима, супполарна и поларна клима.
– Големо влијание врз климата во Азија имаат периодичните ветрови монсуни во Јужна Азија и тајфуните во Источна Азија.

## ЗАДАЧА

– Набљудувајќи ги картата на Азија и описите во книгата, определи ги териториите под тропска монсунска клима, типична планинска клима, пустинска и поларна клима.

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**АРКТИЧКА КЛИМА** – климатски тип кој преовладува на Арктикот, односно во северната поларна област. Се одликува со зимски температури до -40°C и со кратки лета кога температурите се движат од 0 до 10°C.

**МОНСУН** – периодичен ветер кој половина година дува од морето кон копното (летен монсун), а другата половина дува од копното кон морето (зимски монсун). Тие се карактеристични ветрови за Јужна (монсунска) Азија.

**МОНСУНСКА КЛИМА** – клима со еден сушен и еден влажен период во годината и карактеристични ветрови – монсуни. Монсунската клима владее во Јужна и во Југоисточна Азија. Се одликува со многу топли и врнежливи лета и суви и топли зими. Врнежите се во лето, вообичаено над 2 000 и 3 000 мм, а во зимскиот период нема врнежи.

**ПУСТИНСКА КЛИМА –** климатски тип со многу мали годишни количества врнежи (под 200 мм), а често се случува да не заврне и по неколку години. Температурите на воздухот во лето се многу високи, имаат и големо дневно-ноќно колебање.

**СТЕПСКА КЛИМА** – посебен климатски тип, карактеристичен за степските предели. Се карактеризира со недоволни количества врнежи, околу 300–400 мм годишно, и со релативно повисоки температури во летниот период од годината.



# КЛИМА И ВЕГЕТАЦИЈА

**РАЗГОВОР**

– Врз што влијае климата?
– Какви климатско-вегетациски типови постојат?



*Џунгла*

**ПРАШАЊА**

– Кои фактори влијаат врз формирањето на климатско-вегетациските области?
– Какви климатско-вегетациски типови се издвојуваат во Азија?
– Каде се среќаваат тропски шуми/џунгли?
– Каде има савани во Азија?
– Каде е застапена планинска вегетација?
– За кои територии во Азија се карактеристични пустинската и полупустинската вегетација?
– Кои територии во Азија се под степи?
– Каде се најзастапени листопадните шуми?
– Каде се простираат ареалите на зимзелени шуми во Азија, познати под името тајга?

## КЛИМАТСКО-ВЕГЕТАЦИСКИ ОБЛАСТИ

Различните релјефни и климатски одлики на територијата на Азија, големото појасно простирање, излезот на повеќе океани и мориња, големата оддалеченост на внатрешноста на континентот од морињата и други фактори условиле развој на **повеќе климатско-вегетациски области**.

Глобално се издвојуваат териториите под **тропски дождовни шуми, савани, пустинска и полупустинска вегетација, тревна вегетација, листопадни шуми, медитеранска вегетација, зимзелени шуми, планинска вегетација и тундра.**

**Тропски дождовни шуми** се застапени во областите на Јужна и на Југоисточна Азија и во појужните делови на Источна Азија. Се карактеризираат со густа широколисна дрвенеста и тревна вегетација која е распоредена во повеќ е растителни катови. Таквите шуми се познати како џунгла. Џунгли се присутни и во некои приморски делови на Индија.

**Саваните** како територии со густа тревна вегетација се




*Азија – климатско-вегетациски области*

карактеристични за Индискиот Потконтинент и за централните територии на Индокинескиот Полуостров.

**Планинска вегетација** е застапена во централните планински територии и висорамнини на Азија. Се карактеризира главно со високопланинска тревна вегетација.

**Пустинска и полупустинска вегетација** е застапена во поголем дел од Централна и Југозападна Азија каде што се простираат повеќе каменити и песочни пустини.

**Степска тревна вегетација** е застапена на територијата на Мала Азија и Месопотамија, како и во централните делови на Азија во појасот меѓу пустинските и полупустинските области од југ и зимзелените шуми (тајги) од север и листопадните шуми од исток.

**Листопадна дрвенеста вегетација** е карактеристична за Источна Азија, поточно за Источна Кина, за Кореја, за Јапонија и за помали делови од Русија. Медитеранска вегетација е присутна во приморските области на Мала Азија, како полуостров во Средоземното Море.

**Зимзелени шуми** се карактеристични за Северна Азија, поточно за Сибир. Опфаќаат најпространа територија во Азија. Претставуваат густи зимзелени шуми познати под името тајга.

**Тундра** е климатско-вегетациска област карактеристична за најсеверните приморски територии на Азија, која се простира меѓу појасот на тајгата и Арктичкиот Океан. Во тундрата претежно егзистираат лишаи, мовови и ретки тревни растителни видови.



*Тундра*

## ЗАПОМНИ

– Во Азија се издвојуваат повеќе климатско-вегетациски типови и области: тропски шуми, савани, планинска вегетација, пустинска и полупустинска вегетација, степска тревна вегетација, листопадни шуми, зимзелени шуми (тајги) и тундра.



*Степа*



*Пустина*

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ЏУНГЛА** – густа тропска шума на Индискиот Полуостров, во Индокина и на Малајскиот Архипелаг. Во џунглите растат дрва високи 20-30 м. Преовладуваат тиково, сандалово, лебно дрво, разни видови палми и друга бујна вегетација, распоредена по *катови*.

## ЗАДАЧА

– На карта на Азија обиди се различно да ги обоиш областите со различни климатско-вегетациски типови! Послужи се со описи од текстот и со други карти.



# ХИДРОГРАФИЈАТА ВО АЗИЈА

**РАЗГОВОР**

– Знаеш ли некоја река во Азија?
– За што се користат реките?

**ПРАШАЊА**

– Како течат реките кон околните мориња во Азија?
– Што се тоа затворени неистечни подрачја?
– Кои реки се најпознати од сливот на затвореното подрачје?
– Кои реки се влеваат во Арктичкиот Океан?
– Кои реки се влеваат во Тихиот Океан?
– Кои реки се влеваат во Индискиот Океан?
– Какви се реките во Југозападна Азија?
– За што се користат реките во централноазиските пустински и полупустински предели?
– Наброј ги другите намени на реките во Азија!

## РЕКИТЕ И НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ

Хидрографската мрежа на Азија ја сочинуваат **голем број реки. Тие течат зрачесто кон сите околни мориња.** Меѓутоа, за Азија е карактеристично тоа што скоро една третина од територијата на континентот (од Каспиското Езеро до Централна Кина) е **затворено, неистечно подрачје**, каде што водата се влева во езера или се губи низ пустинските области. Овој внатрешен слив, иако голем по површина, има само неколку поважни реки, и тоа: Аму Дарја и Сир-Дарја кои се влеваат во Аралското Езеро и реката Тарим која се губи во пустината Такла Макан. Поголем дел од подрачјето (со исклучок на сливот на реката Волга во европскиот дел која се влева во Каспиското Езеро) е сиромашно со вода, со мали количества врнежи, поради што се присутни повеќе пустини.

Реките кои спаѓаат на океанските сливови имаат свои карактеристики поврзани со релјефните и со климатските одлики.

**Реките кои се влеваат во Арктичкиот Океан** течат низ пространи низини, бавни се и полноводни, во летниот период се пловни, а преку зимата замрзнуваат во посеверните области. Најголеми и најпознати реки се: Об со притоката Иртиш, Енисеј со притоката Долна Тунгуска, Лена, Индигирка и Колима. Се одликуваат со големи сливни територии. Сливот на Северниот Леден Океан просторно е најголем во Азија.

**Реките кои спаѓаат во сливот на Тихиот Океан**, исто така,




*Ганшката Низина*

се богати со вода, пловни на големи спротиводни растојанија, не замрзнуваат, но доаѓајќи од поизразити планински подрачја и поради монсунските дождови во долните текови често се излеваат и го поплавуваат земјиштето. Најпознати се реките: Амур, Хуанг Хе, Чанг Цијанг / Јангце Кјанг, Синкјанг и други.

**Реките од Јужна Азија** главно се влеваат во Индискиот Океан и во средоземните мориња во Индонезија. Познати се реките: Меконг, Салвин, Иравади, Брамапутра, Ганг, Инд и други. Спуштајќи се од заглечерените Хималаи и поради големите монсунски дождови се мошне полноводни, особено во летниот период од годината. Спротивно на нив, реките во **Југозападна Азија** се мали и со незначителни количетва вода. Најважни се Тигар и Еуфрат кои пред утоката во Персискиот Залив ја формираат реката Шат ел Араб. Тие течат низ Месопотамската Низина и се најпристапни долини во средишните делови на Југозападна Азија.

Помал дел од речниот систем на Азија се влева во Средоземното Море. Главно станува збор за реките на полуостровот Мала Азија.

Реките во Азија се мошне значајни како **основни извори на вода за опстанок во пустинските и во полупустинските области, за пловидба** во земјите со сè уште недоволно развиен сообраќај, за наводнување на земјоделските површини од кои треба да се прехрани многубројното население во Источна и во Јужна Азија, како и за производство на електрична енергија.

Пространите сливни територии со кои располагаат одделни реки овозможуваат **голема полноводност** со чести високи водостои, така што во нивните долни текови тие често се излеваат. Поради топењето на санти мраз во летниот период, кај реките од сливот на Арктичкиот Океан, се формираат таканаречени мразни брани и во големите рамници настанува **поплавување на земјиштето** на големи површини.

## ЗАПОМНИ

– Реките во Азија главно извираат од планинските предели во централниот дел на Азија.
– Реките во Азија течат зрачесто кон околните мориња и океани.
– Во Азија има голема територија која претставува посебен затворен слив. Таму главен собирач на водите е Каспиското Езеро.
– Најпознати реки од сливот на Арктичкиот Океан се: Об со Иртиш, Енисеј, Лена, Индигирка и Колима.
– Најпознати реки од тихоокеанскиот слив се Амур, Хуанг Хе и Чанг Цијанг.
– Најпознати реки во Јужна и во Југоисточна Азија се Инд, Ганг, Брамапутра, Меконг, Иравади и други, а во Југозападна Азија се Тигар и Еуфрат.



*Хидроелектрична централа*

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ВАДА** – сува речна долина во пустинските области низ која само повремено, по силни дождови, протекува вода. Водните текови се вообичаено со карактер на порои.
**НАВОДНУВАЊЕ** – процес на донесување вода и полевање на земјиштето за одржување и одгледување разни растителни култури.
**ХИДРОЕНЕРГИЈА** – енергија што се добива со искористување на силата на водата. Најважно е искористувањето на реките, при што се важни падот, протекот и режимот на реките. Освен реките, за хидроелектрична енергија се користат и морските приливи и одливи.

## ЗАДАЧА

– Според сливовите, на карта на Азија, идентификувај ги реките за да видиш од каде извираат, како течат и каде се влеваат.



# ХИДРОГРАФИЈАТА ВО АЗИЈА

**РАЗГОВОР**

– Дали си слушнал/а за Каспиското Езеро?
– Што е тоа? Море или езеро?

**ПРАШАЊА**

– Каква е застапеноста на езерата во Азија?
– Кои се најголеми езера во Азија?
– Според вкусот, каква е водата во Каспиското Езеро, во Аралското Езеро и во Мртвото Море?
– Што знаеш за Каспиското Езеро и со што се одликува тоа?
– Кои реки се влеваат во Каспиското Езеро?
– Опиши го Бајкалското Езеро!
– Што е карактеристично за Аралското Езеро?
– што е Мртвото Море море – езеро или море? Раскажи нешто за Мртвото Море!

## ЕЗЕРА СО СВЕТСКО ЗНАЧЕЊЕ

На големата територија на Азија се наоѓаат **поголем број езера**, различни според димензиите и според настанокот. Најзастапени се во централните делови на континентот и се главни басени **што ги собираат водите од внатрешниот (неистечен) слив во Азија**. Голем дел од **езерата се солени**, така што некои од нив поради големината и солената вода се поистоветуваат со мориња. Такви се, на пример, Каспиското Езеро (кое поради големината често се нарекува море) и Мртвото Море. Најпознати езера во Азија се: Каспиското Езеро, Аралското Езеро, Бајкалското Езеро, Балхашкото Езеро, езерата Туз, Ван, Урмија, Дерјач, Немек и голем број глацијални езера на Хималаите и на висорамнината Тибет.

**Каспиското Езеро** е најголемото езеро во светот. Лежи на 28 м под морското ниво и како такво претставува депресија. Се наоѓа на границата меѓу Азија и Европа. На бреговите на Каспиското Езеро излегуваат териториите на: Русија, Казахстан, Туркменистан, Иран и Азербејџан. Спаѓа во групата тектонски езера. Се протега во правец север-југ, во должина од околу 1 200 км, со широчина од 300 км и има длабочина од 995 м. Зафаќа околу 370 000 км$^2$ површина. Во него се влеваат реките Волга, Урал, Кума, Терек и други. Има големо стопанско и сообраќајно значење. По него се спроведува транспорт на нафта, на дрво, на памук и друго. Главни пристаништа се Баку, Астрахањ, Ензели, Рашт и други. Преку Астрахањ и



*Сателитска снимка на Мртвото Море*

Волга со каналите пловно се поврзува со Средоземното и со Балтичкото Море.

**Бајкалското Езеро** е најдлабокото езеро во светот (1 620 м) и претставува криптодепресија. Се наоѓа во Русија, во јужните делови на Сибир. Има издолжена форма со 626 км должина и 79 км најголема широчина. Има површина од околу 31 500 км$^2$. Лежи во тектонски ров. Заобиколено е со планини високи до 2 000 м. Има повеќе од 300 притоки, а од него истекува само Ангара. Претставува голем резервоар на чиста, слатка вода. Поседува специфичен жив свет со околу 1 800 растителни и животински видови, од кои три четвртини се ендемични (живеат само во ова езеро).

**Аралското Езеро** се наоѓа во Казахстан и Узбекистан, во Туранската Низина. Лежи на 53 м надморска височина. Има површина од 66 500 км$^2$, а длабочина од 68 м. Во него се влеваат реките Аму Дарја и Сир-Дарја. Спаѓа во тектонски езера. Во лето температурите на водата достигнуваат до 30°C, а во зима се јавуваат санти мраз. Аралското Езеро се користи за пловидба и за риболов; главни пристаништа се Мунјак и Аралск. Неговата површина постојано се намалува поради недоволен прилив на вода, поради испарување и користење за наводнување.

**Мртвото Море** е реликтно езеро, а се наоѓа на границата меѓу Израел и Јордан. Вода добива од реката Јордан, а ја губи со испарување. Нивото му е 392 м под нивото на Средоземното Море и претставува депресија. Соленоста му е 260 промили и поради тоа во него не постои жив свет. Долго е 76 км, а широко 15 км. Има површина од 984 км$^2$. Поседува важни суровини за хемиската индустрија.



*Сателитска снимка на Каспиското Езеро*

**ЗАПОМНИ**

– Азија има голем број езера. Голем дел од нив се наоѓаат во затворениот внатрешен слив и се заостанати од некогашното море Тетис. Претставуваат депресии и имаат солена вода.
– Најпознати езера во Азија се Каспиското Езеро, Аралското Езеро, Бајкалското Езеро и езерото Мртво Море.




*Бајкалското Езеро*



*Сателитска снимка на Аралското Езеро*

**ЗАДАЧА**

– На карта на Азија обиди се да ги пронајдеш поважните езера и да идентификуваш кои реки се влеваат или истекуваат од нив!

ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА АЗИЈА



# ПРИРОДНИ БОГАТСТВА НА АЗИСКИОТ КОНТИНЕНТ

**РАЗГОВОР**

– Што се тоа природни богатства?
– Зошто се важни природните богатства?

**ПРАШАЊА**

– Какви се природните богатства во Азија?
– Со кои природни богатства располага Азија?
– На кои територии во Азија е застапена нафтата?
– Каде има најголеми резерви на земјен гас?
– Каде го има јагленот?
– Каде се застапени железото, калајот и волфрамот?
– Зошто шумите се големо природно богатство?
– Зошто обработливите површини претставуваат природно богатство?

## ПРИРОДНИ БОГАТСТВА НА АЗИСКИОТ КОНТИНЕНТ

**Природните богатства на територијата на Азија се големи и разновидни**. Меѓутоа, поради големите просторни разлики и услови (непристапни планински територии, пространи пустини, ладни климатски прилики) сè уште се недоволно испитани.

Најважни се **наоѓалиштата на нафта, јаглен, земјен гас и железна руда; има големи шуми, хидроенергетски потенцијал, земјоделски површини** итн.

**Нафтата**, како течно минерално гориво е меѓу најважните природни богатства на територијата на Азија. Најголемите нафтени полиња се наоѓаат во Југозападна Азија, поточно во Саудиска Арабија, Месопотамската Низина, околу Кавказ, Каспиското Езеро, Туранската Низина и огромната Западносибирска Низина, Мјанмар и Индонезија.

**Земјениот гас** како важно природно богатство, најмногу е застапен во северните делови на Сибир и Западносибирската Низина.

**Јагленот** како цврсто минерално гориво најмногу е застапен во централните делови на Сибир, во источните делови на Кина и во Индија.




*Природни богатства на Азија*

Од металните суровини се застапени: **железо** во Русија и во Кина, **калај** во Малезија и во Индонезија, **волфрам** во Кина и во Мјанмар итн.

**Шумите** во Азија покриваат околу 30% од територијата и претставуваат големо природно богатство, но се тешко пристапни за експлоатација. Дали некој знае да објасни зошто?

Посебно природно богатство се **обработливите земјоделски површини** кои зафаќаат околу 20% од површината на континентот. Тие се основа на која се одгледуваат пченица, ориз, чај, каучук, зачини, коноп и други земјоделски култури. Азија е најголем производител на овие култури во светот.

Посебно природно богатство е и **хидроенергетскиот потенцијал** со кој располагаат речните текови кои се спуштаат зрачесто од високите планини. Тој е мошне значаен бидејќи станува збор за големи, долги полноводни реки на кои се изградени и се градат голем број хидроцентрали. На реките се **изградени поголем број вештачки акумулации со повеќекратна намена**, оовсен за, покрај производство на електрична енергија се користат и за наводнување на земјоделските површини. На тој начин се обезбедува храна за многубројното население на територијата на Јужна, на Југоисточна и на Источна Азија.

Природните богатства на Азија се надополнуваат со **искористувањето на морињата и на океаните** за обемен сообраќај и за транспорт на стоки и како богати риболовни подрачја.

## ЗАПОМНИ

– Азија е богата со разновидни природни богатства, како што се: нафта, земјен гас, јаглен, железо, калај, волфрам, шуми, обработливи површини, хидроенергетски потенцијал, големи риболовни подрачја.



*Нафтено поле*



*Ископ за јаглен*



*Нафтена платформа*

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ЗЕМЈЕН ГАС** – гасовито гориво кое се наоѓа во внатрешноста на Земјата. Се користи како ефикасно гориво за разни потреби на човекот.
**МОРЕ** – помал или поголем крајбрежен дел на океаните. Морињата од океаните најчесто се одвоени со полуострови, острови, подводни возвишенија, а се спојуваат преку пошироки или потесни протоци.
**НАСЕЛЕНОСТ** – релативно помал или поголем број жители на конкретен простор. Населеноста најчесто се изразува преку густината на населеност.
**НАФТА** – течно минерално гориво. Се наоѓа во седиментни карпи. Големо значење има по пронаоѓањето на моторот со внатрешно согорување. Се користи за производство на бензин, газија, моторни масла, парфеми и друго.
**ОКЕАН** – најголема водна површина на Земјата. Постојат четири океани: Тихи, Атлантски, Индиски и Арктички Океан.
**РЕЛИКТ** – остаток од нешто (растенија, животни и друго) од прастари времиња, а сè уште се наоѓа во мал број на некои ограничени простори.

## ЗАДАЧА

– Според текстот од учебникот, обиди се да ги пронајдеш локациите на разместеност на природните богатства во Азија за да создадеш своја слика за овие богатства!

## ПРАШАЊА

– Колкава површина зафаќа Азија?
– Опиши ја границата на азискиот континент!
– Каде се спојуваат Африка, Азија и Европа?
– Под кое заедничко име се познати Азија, Африка и Европа?
– На кое место се приближуваат Азија и Северна Америка?
– Како комуницира Азија комуницира со Атлантскиот Океан?
– Со кои територии Азија се приближува кон Австралија?
– Зошто Азија има долга брегова линија?
– Наброј некои од полуостровите и од островските територии на Азија!
– На карта најди ги рабните морињa и заливи од јужната страна на Азија!
– Најди ги на карта морињата и заливите што се наоѓаат на источната страна на азискиот континент!
– Кои се најкарактеристични поморски протоци и премини? Послужи се со карта на Азија!
– Кои од океаните и морињата се непогодни за пловидба?
– Какви релјефни целини постојат во Азија?
– Наброј ги најпознатите низини во Азија!
– Наброј ги големите планински масиви во Азија!
– Кој е највисокиот врв на Земјата и каде се наоѓа?
– Наброј ги поголемите висорамнини во Азија!
– Кои пустини се наоѓаат во Азија?
– Што се наоѓа на големите височини и каков тип релјеф е присутен?
– Што е тоа ’огнен појас‘?
– Како се дели Азија според природните целини?
– Наведи ги климатските појаси што се јавуваат во Азија!
– Какви климатски типови се среќаваат во централните делови на Азија?
– Кои периодични ветрови се познати во Јужна и во Источна Азија?
– Опиши ги одликите на зимските и на летните монсунски ветрови!
– Каде дуваат тајфуните?
– Што е цунами?
– Каде владее пустинска клима?
– Кои фактори влијаат врз формирањето на климатско-вегетациските области?
– Какви климатско-вегетациски типови се издвојуваат во Азија?
– Каде се среќаваат тропски шуми/џунгли?
– Каде има савани во Азија?
– Каде е застапена планинска вегетација?
– За кои територии во Азија е карактеристична пустинска и полупустинска вегетација?
– Кои територии во Азија се под степи?
– Каде се најзастапени листопадните шуми?
– Каде се простираат ареалите на зимзелени шуми во Азија, познати под името тајга?
– Која територија во Азија се одликува како тундра?
– Како течат реките кон околните морињa во Азија?
– Што се тоа затворени неистечни подрачја?
– Кои реки се најпознати од сливот на затвореното подрачје?
– Кои реки се влеваат во Арктичкиот Океан?
– Кои реки се влеваат во Тихиот Океан?
– Кои реки се влеваат во Индискиот Океан?
– Какви се реките во Југозападна Азија?
– За што се користат реките во централноазиските пустински и полупустински предели?
– Наброј ги другите намени на реките во Азија!
– Какви проблеми предизвикуваат реките во некои делови на Азија?
– Каква е застапеноста на езерата во Азија?
– Кои се најголеми езера во Азија?
– Според вкусот, каква е водата во Каспиското Езеро, во Аралското Езеро и во Мртвото Море?
– Што знаеш за Каспиското Езеро и со што се одликува тоа?
– Кои реки се влеваат во Каспиското Езеро?
– Опиши го Бајкалското Езеро!
– Што е карактеристично за Аралското Езеро?
– Што е Мртвото Море – езеро или море? Раскажи нешто за Мртвото Море!
– Какви други езера постојат во Азија?
– Со кои природни богатства располага Азија?
– На кои територии во Азија е застапена нафтата?
– Каде има најголеми резерви на земјен гас?
– Каде го има јагленот?
– Каде се застапени железото, калајот и волфрамот?
– Зошто шумите се големо природно богатство?
– Зошто обработливите површини претставуваат природно богатство?
– Каков е хидроенергетскиот потенцијал во Азија?

# СОЦИОГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА АЗИЈА

**НАСЕЛЕНИЕТО НА АЗИЈА**

– ВЕРСКА И ЈАЗИЧНА ПРИПАДНОСТ

– КУЛТУРА И ОБИЧАИ

**РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА АЗИЈА**













# НАСЕЛЕНИЕТО НА АЗИЈА

### РАЗГОВОР

– Колкав е бројот на населението во Азија?
– За кои религии си слушнал/а, освен за христијанството и за исламот?

### ЗАДАЧА

– На карта на Азија пронајди ги низините и во контекст со климатските услови утврди во кои делови населението е најзастапено и најгусто!

## ВЕРСКА И ЈАЗИЧНА ПРИПАДНОСТ

**Азија е најнаселениот континент на Земјата.** На него живее **повеќе од половина од светското население**, меѓутоа поради природните услови (клима, надморски височини, плодност на земјиштето и сл.) населението е мошне **нерамномерно распоредено**. Огромни пространства на тундрите и тајгите на север, пустините во Централна и во Југозападна Азија и високите планини и висорамнини се скоро ненаселени. Спротивно на тоа, **во низинските предели** и во поречните делови на Кина, Индија, Индокинескиот Полуостров и островите на Јапонија, Филипини и Индонезија живее **околу 90% од населението на Азија**. Во овие региони се изградени **голем број милионски градови.** Најпознати се: Бејџинг (Пекинг), Шангхај, Тјанџин, Вухан, Ченгду и други во Кина; То-



кио, Јокохама, Осака, Кобе и други во Јапонија; Сеул во Јужна Кореја; Бангкок во Тајланд; Џакарта во Индонезија;Манила на Филипини; Дака во Бангладеш; Њу Делхи, Мумбај, Колката и други во Индија; Карачи, Лахоре и други во Пакистан итн.

***Религија***

Населението на Азија спаѓа во **индоевропската група народи, карактеристична за Северна, за Југозападна и за Јужна Азија и на малајската група народи** – припадници на жолтата раса, карактеристични за Источна и за Југоисточна Азија.

Многубројното азиско население, иако живее на големи растојанија, според верската припадност е распоредено во **неколку религиозни групи.** Северните делови на Азија, вклучувајќи ги териториите на Русија и Казахстан, исповедаат **христијанска религија со православна вероисповед.** Во Југозападна Азија, вклучувајќи ги и државите од Централна Азија заедно со Авганистан и Пакистан, населението е со **исламска вероисповест**. Оваа религија ја исповеда и населението во Бангладеш, во Индонезија и делумно во Малезија.

Во Јужна Азија, поточно на Индискиот Потконтинент е застапен **хиндуизмот,** кој го исповедаат околу 280 народи.

Во повеќето земји од Југоисточна Азија, во Кина и во Кореја преовладуваат **конфучијанизмот** и **будизмот**, додека во Јапонија 70% од населението истовремено припаѓа на шинтоизмот и на будизмот.

***Јазици***

Огромниот број луѓе во Азија се претставници на **голем број народи**. Типични примери се: Индија со околу 280 народи, Кина со над 50, Русија со околу 30 итн. Голем дел од народите на Азија имаат свои посебни јазици; меѓутоа, според бројот на населението што ги зборува, **најзастапени: се кинескиот јазик** (го зборуваат и пишуваат околу 1,3 милијарди луѓе), хинди во Индија, јапонскиот, бенгалскиот, арапскиот, малајскиот (Индонезија), виетнамскиот, турскиот. Голема групација опфаќ а населението во Јужна Азија, поточно на Индискиот Потконтинент, каде што се зборува на **хинди јазикот**. Од другите јазици во Азија поголеми групации на население зборуваат: **јапонски** во Јапонија, **корејски** во Северна и во Јужна Кореја и **турски** во Турција.





*Верски храмови*

### ПРАШАЊА

– Колкав процент од светското население живее во Азија?
– Како е распоредено населението во Азија?
– Каде претежно живее населението во Азија и во колкав процент?
– Наброј некои од милионските градови во Азија!
– На кои групи народи му припаѓа населението во Азија?
– Кои религии превладуваат во Азија?
– За кој дел од Азија е карактеристичен хиндуизмот?
– Каде се исповеда конфучијанизмот, а каде будизмот?
– Каде се распространети исламот и христијанството?
– Кои јазици се најзастапени според бројот на говорители?

### ЗАПОМНИ

– Во Азија живее повеќе од половина од светското население.
– Населението во Азија е мошне нерамномерно распоредено, околу 90% живее во низините на Јужна, Југоисточна и Источна Азија. Во Азија се оформени голем број милионски градови. Најпознати се Токио, Шангхај, Беијинг (Пекинг), Њу Делхи итн.
– Според верската припадност, најголем дел од населението припаѓа на конфуцијанизмот (Кина), хиндуизмот (Индија), будизмот (Југоисточна Азија) и исламот (Југозападна Азија и Индонезија).
– Најзастапени јазици се: кинескиот, хинди, бенгалскиот, малајскиот, јапонскиот, арапскиот,корејскиот, турскиот.



# НАСЕЛЕНИЕТО НА АЗИЈА

**РАЗГОВОР**

– Што подразбираш под култура и обичаи?



## КУЛТУРА И ОБИЧАИ

Големата територијална разновидност на Азија и многубројното население разместено низ разни природно карактеристични територии условиле да се развијат **голем број култури и обичаи.**

Од древните периоди се познати повеќе култури и цивилизации. Такви се: **асирската, месопотамската, персиската, индиската, кинеската, јапонската, монголската** и други.

Денес **културите на народите во Азија** се различни. Голем дел од нив се **потпираат на традициите од минатото, на начинот на живеење и на религиозните законитости.**

Материјалната култура и достигнувањата во земјите



на Азија најсоодветно се гледа преку **цивилизациските открития** (пронаоѓањето на хартијата, печатарската техника, создавањето на барутот, свилата и порцеланот и др.). Во Кина, а потоа во Индија, се удрени темелите на математиката и на механиката, мерењето на површината и времето, проучувањето на природата на животот на растенијата и на животните, достигнувањата во архитектурата итн. Општо се познати **светските културно-историски градби,** како, Кинескиот ѕид во Кина, мавзолејот Таџ Махал во Индија, хиндуистичкиот храм Ангкор Ват во Камбоџа и др. Меѓутоа, познати се и современи архитектонски градби скоро во сите градови на Азија, особено во Јапонија, Хонг Конг, Сингапур, Малезија итн.

**Духовната култура** се согледува во многубројните достигнувања **во науката, во културата и во обичаите**. Традиционалните облици на културно изразување се гледаат преку **верските обичаи**, како, на пример, целосно покривање на лицето кај жените во муслиманскиот свет, нејадење свинско месо, масовните посети и молитви во светите места, особено церемониите во светите градови. Такви се: Ерусалим – и за муслиманите и за христијаните, светите места Мека и Медина во Саудиска Арабија и др. Шаховската игра е пронајдена во Индија.

Народите на Азија се одликуваат со **карактеристични уметнички вредности**, како што се **танцувањето** (особено интересно во Тајланд), **музиката** и др. Од Источна и од Југоисточна Азија потекнуваат карактеристичните **боречки спортови, самурајски обичаи, сумо-борби** итн.

Во централните делови на Азија, во степските предели е карактеристичен **номадскиот и полуномадски живот**, со многубројни елементи својствени само за ова население.

Во Индија е познат **кастинскиот начин на живеење**, каде што населението е поделено во различни касти што вообичаено не се мешаат едни со други.





### ПРАШАЊА

– Зошто Азија има голем број различни култури и обичаи?
– Кои култури и цивилизации во Азија се познати од древните времиња?
– Кои се најпознати цивилизациски откритија во Кина?
– Со што се истакнуваат индиската култура и цивилизација?
– Кои архитектонски градби се цивилизациски достигнувања во Азија?
– Какви обичаи се среќаваат кај некои од народите во Азија?
– Со кои уметнички и спортски вредности се одликуваат земјите од Азија, особено од Источна Азија?
– Каков е кастинскиот начин на живеење?

### ЗАПОМНИ

– Поради големиот број различни народи кои живеат во различни услови, Азија се одликува со голем број култури и обичаи.
– Од древните времиња во Азија биле развиени асирската, месопотамската, персиската, индиската, кинеската и монголската култура и цивилизација.
– Во Азија, поточно во Кина, се пронајдени хартијата, печатарската техника, барутот, свилата, порцеланот и сл., а во Индија достигнувањата во математиката и во механиката.
– Во Азија има голем број познати архитектонски градби, како што е, на пример, Кинескиот ѕид.
– Во Азија се развиени посебни културно-уметнички и спортски вредности, својствени за соодветен народ. Шахот потекнува од Индија.



# РЕГИОНАЛЕН ПРЕГЛЕД НА АЗИЈА

**РАЗГОВОР**

– Бидејќи Азија е многу голема, како може да се подели на региони и држави?
– Можеш ли да извршиш таква поделба?

**ПРАШАЊА**

– Кои се главните фактори за регионалната поделба на Азија?
– На колку региони најчесто се дели Азија?
– Кои држави припаѓаат во Северна Азија?
– Кои држави припаѓаат во Источна Азија?
– Кои држави припаѓаат во Југоисточна Азија?
– Кои држави припаѓаат во Јужна Азија?
– Кои држави припаѓаат во Средна Азија?
– Кои држави припаѓаат во Југозападна Азија?

## РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА

Големината на територијата, природно-географските просторни целини (низини, планини, сливни територии), социогеографските и економско-географските одлики се главни фактори за регионалната поделба на Азија. Според тоа, како посебни регионални целини се издвојуваат:

– Северна Азија
– Источна Азија
– Југоисточна Азија
– Јужна Азија
– Средна Азија
– Југозападна Азија

***Северна Азија***

Северна Азија главно ги опфаќа териториите што спаѓаат во сливот на Арктичкиот Океан, од планината Урал до Тихиот Океан. Оваа територија во целост се наоѓа во Русија.

***Источна Азија***

Во Источна Азија, главно, се вбројуваат териториите што спаѓаат во тихоокеанското сливно подрачје, односно просторот кој е ограничен со високите планини Хималаи, Памир, Алтај, Јаблановските Планини и реката Амур. Во Источна Азија се наоѓаат териториите на НР Кина (Хонг Конг, Макао), Монголија, Народна Демократска Република Кореја (Северна), Република Кореја (Јужна), Јапонија и Тајван.

| Знаме | Држава | Главен град | Површина км$^2$ | Население (ООН, 2009) |
|---|---|---|---|---|
|  | Кина | Бејџинг (Пекинг) | 9 806 400 | 1 331 115 200 |
|  | Тајван | Тајпеј | 35 870 | 23 027 672 |
|  | Монголија | Улан Батор | 1 564 200 | 2 671 000 |
|  | НДР Кореја | Пјонгјанг | 122 760 | 23 906 000 |
|  | Р. Кореја | Сеул | 99 270 | 48 333 000 |
|  | Јапонија | Токио | 377 800 | 127 580 000 |

*Забелешка*: податоците во табелата се информативни, ученикот не мора да ги учи наизуст.

***Југоисточна Азија***

Југоисточна Азија ја сочинуваат териториите на Индокинескиот Полуостров и голем број острови, од кои најголеми се: Калимантан/Борнео, Јава, Суматра, Сулавеси, Минданао и други. Овде се наоѓаат државите: Мјанмар, Тајланд, Демократска Народна Република Лаос, Камбоџа, Социјалистичка Република Виетнам, Федерација Малезија, Сингапур, Брунеј, Индонезија, Демократска Република Тимор и Филипини.

| Знаме | Држава | Главен град | Површина км$^2$ | Население (ООН, 2009) |
|---|---|---|---|---|
|  | Мјанмар | Јангон | 676 600 | 50 020 000 |
|  | Тајланд | Бангкок | 513 100 | 63 389 730 |
|  | Лаос | Виентијан | 236 800 | 6 320 000 |
|  | Камбоџа | Пном Пен | 181 040 | 13 388 910 |
|  | Виетнам | Ханој | 332 400 | 88 069 000 |
|  | Малезија | Куала Лумпур | 329 760 | 28 200 000 |
|  | Сингапур | Сингапур | 185 | 4 839 400 |
|  | Брунеј | Бандар Сери Бегаван | 5 765 | 400 000 |
|  | Индонезија | Џакарта | 1 904 500 | 230 330 000 |
|  | Источен Тимор | Дили | 14 600 | 1 134 000 |
|  | Филипини | Манила | 300 400 | 92 226  600 |

*Забелешка*: податоците во табелата се информативни, ученикот не мора да ги учи наизуст.

***Јужна Азија***

Јужна Азија ги опфаќа териториите на Индискиот Полуостров, кој на север е ограничен со планинскиот венец Хималаи, на запад со Авганистанските Планини, а на исток со планината Чин. Во Јужна Азија се наоѓаат државите Исламска Република Пакистан, Индија, Непал, Бутан, Народна Република Бангладеш, Демократска Социјалистичка Република Шри Ланка и Малдиви.

**ЗАПОМНИ**

– Обиди се да ги научиш државите според нивната географска локација, а главните градови заради зголемување на твоето образование и култура.



# РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА АЗИЈА

| Знаме | Држава | Главен град | Површина км$^2$ | Население (ООН, 2009) |
|---|---|---|---|---|
| | Пакистан | Исламабад | 796 100 | 166 649 000 |
| | Индија | Њу Делхи | 3 287 600 | 1 165 040 000 |
| | Непал | Катманду | 147 200 | 29 331 000 |
| | Бутан | Тимфу | 46 700 | 697 000 |
| | Бангладеш | Дака | 147 600 | 162 221 000 |
| | Шри Ланка | Коломбо | 65 610 | 20 238 000 |
| | Малдиви | Мале | 298 | 309 000 |

*Забелешка*: податоците во табелата се информативни, ученикот не мора да ги учи наизуст.

### *Средна Азија*

Средна Азија главно се поистоветува со територијата на неистечното подрачје на Каспиското, на Аралското и на другите езера со пустинските територии и Тибетската Висорамнина. Меѓутоа, поради државните граници во Средна Азија се вбројуваат државите: Република Казахстан, Република Туркменистан, Република Узбекистан, Република Киргистан, Република Таџикистан и Авганистан.

| Знаме | Држава | Главен град | Површина км$^2$ | Население (ООН, 2009) |
|---|---|---|---|---|
| | Казахстан | Астана | 2 717 300 | 15 571 506 |
| | Туркменистан | Ашгабат | 488 100 | 5 110 000 |
| | Узбекистан | Ташкент | 447 400 | 27 488 000 |
| | Киргистан | Бишкек | 198 500 | 5 482 000 |
| | Таџикистан | Душанбе | 143 100 | 6 952 000 |
| | Авганистан | Кабул | 662 200 | 28 150 000 |

*Забелешка*: податоците во табелата се информативни, ученикот не мора да ги учи наизуст.

### *Југозападна Азија*

Југозападна Азија се нарекува територијата од Азија што излегува на Средоземното, на Црвеното и на Арабиското Море. На оваа територија се наоѓаат државите: Турција, Грузија, Ерменија, Азербејџан, Кипар, Либан, Сирија, Израел, Јордан, Ирак, Иран, Саудиска Арабија, Кувајт, Бахреин, Катар, Обединетите Арапски Емирати (ОАЕ), Оман и Јемен.

| Знаме | Држава | Главен град | Површина км$^2$ | Население (ООН, 2009) |
|---|---|---|---|---|
| | Турција | Анкара | 780 600 | 71 517 100 |
| | Грузија | Тбилиси | 69 700 | 4 382 100 |
| | Ерменија | Ереван | 29 800 | 3 230 100 |
| | Азербејџан | Баку | 86 600 | 8 629 900 |
| | Кипар | Никозија | 9 251 | 801 600 |
| | Либан | Бејрут | 10 452 | 4 224 000 |
| | Сирија | Дамаск | 185 180 | 21 906 000 |
| | Израел | Ерусалим | 21 000 | 7 411 500 |
| | Јордан | Аман | 89 340 | 6 316 000 |
| | Ирак | Багдад | 438 300 | 30 747 000 |
| | Иран | Техеран | 1 648 000 | 70 517 100 |
| | Саудиска Арабија | Ријад | 2 149 700 | 25 721 000 |
| | Кувајт | Кувајт | 17 820 | 2 985 000 |
| | Бахреин | Манама | 7 109 | 791 000 |
| | Катар | Доха | 11 430 | 1 409 000 |
| | ОАЕ | Абу Даби | 82 900 | 4 579 000 |
| | Оман | Маскат | 212 460 | 2 845 000 |
| | Јемен | Сана | 536 870 | 23 580 000 |

*Забелешка*: податоците во табелата се информативни, ученикот не мора да ги учи наизуст.

## ЗАДАЧА

– Врз основа на табелите со држави во лекцијата, пресметај со колкава површина располага секоја регионална целина и со колку население, а потоа вкупниот број на населението подели го со вкупната површина на регионот и според добиените густини на населеност утврди каква е разместеноста на населението! Податоци за Русија има во делот за Европа.

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ЕМИРАТ** – монархија на чие чело се наоѓа емир, кој има целосна власт и управува со државата.
**ПОТКОНТИНЕНТ** – поголема територија на периферијата на некој континент, како, на пример, Индискиот Полуостров кој често се именува како Индиски Потконтинент.
**СУЛТАНАТ** – монархија на чие чело се наоѓа султан, кој има целосна власт и управува со државата.
**ФЕДЕРАЦИЈА** – облик на уредување на држава составена од повеќе територијални единици. Тие можат да бидат со статус на држави, републики, покраини, области, кантони и слично. Федералните единици имаат посебни права со посебно внатрешно државно уредување. Федерацијата може да обединува историски, географски, административни или народносни целини.

## ПРАШАЊА

– Колкав процент од светското население живее во Азија?
– Како е распоредено населението во Азија?
– Каде претежно живее населението во Азија и во колкав процент?
– Наброј некои од милионските градови во Азија!
– На кои групи народи припаѓа населението во Азија?
– Кои религии превладуваат во Азија?
– За кој дел од Азија е карактеристичен хиндуизмот?
– Каде се исповеда конфуцијанизмот, а каде будизмот?
– Каде се распространети исламот и христијанството?
– Кои јазици се најзастапени според бројот на говорители?
– Зошто Азија има голем број различни култури и обичаи?
– Кои култури и цивилизации во Азија се познати од древните времиња?
– Кои се најпознатите цивилизациски откритија во Кина?
– Со што се истакнуваат индиската култура и цивилизација?
– Кои архитектонски градби се цивилизациски достигнувања во Азија?
– Какви обичаи се среќаваат кај некои од народите во Азија?
– Со кои уметнички и спортски вредности се одликуваат земјите од Азија, особено од Источна Азија?
– Каков е кастинскиот начин на живеење?
– Кои се главните фактори за регионалната поделба на Азија?
– На колку региони најчесто се дели Азија?
– Кои држави припаѓаат во Северна Азија?
– Кои држави припаѓаат во Источна Азија?
– Кои држави припаѓаат во Југоисточна Азија?
– Кои држави припаѓаат во Јужна Азија?
– Кои држави припаѓаат во Средна Азија?
– Кои држави припаѓаат во Југозападна Азија?

# РЕГИОНАЛЕН ПРЕГЛЕД НА АЗИЈА

## ИСТОЧНА АЗИЈА

– ПРИРОДНИ КАТАСТРОФИ
– НАСЕЛЕНИЕТО НА ИСТОЧНА АЗИЈА (ВЕРСКА ПРИПАДНОСТ, ЈАЗИК, КУЛТУРА, ОБИЧАИ)
– УЛОГАТА НА СЕМЕЈСТВОТО, КУЛТУРАТА И ТРАДИЦИЈАТА
– СТОПАНСТВОТО НА ИСТОЧНА АЗИЈА

## ЈУГОИСТОЧНА И ЈУЖНА АЗИЈА

– ХИМАЛАИ – КАРАКТЕРИСТИКИ И ЗНАЧЕЊЕ
– МОНСУНИТЕ И ЖИВОТОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО
– ПРИРОДНИТЕ БОГАТСТВА НА ИНДИЈА
– НАСЕЛЕНИЕТО ВО ИНДИЈА, БОГАТСТВО И ПРОБЛЕМИ

## СРЕДНА АЗИЈА

– НАСЕЛЕНИЕТО И СТОПАНСТВОТО НА СРЕДНА АЗИЈА

## ЈУГОЗАПАДНА АЗИЈА

– НАФТАТА – НАЈГОЛЕМО БОГАТСТВО НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЈУГОЗАПАДНА АЗИЈА



# ИСТОЧНА АЗИЈА

## ПРИРОДНИ КАТАСТРОФИ

**Големите нарушувања на природните и антропогените објекти на Земјината површина под уривачкото дејство на вулканите, земјотресите, морските бранови, поплавите, пожарите, лавините и друго – се нарекуваат природни катастрофи.**

Источна Азија е една од териториите на Земјата штосе одликува со појави на различни природни несреќи. Главна причина се **тектонските движења** и судири што се случуваат меѓу евроазиското копно и тихоокеанската и филипинската литосферна плоча. Таа, источно од Јапонските и Филипинските Острови навлегува под евроазиската копнена плоча, така што долг длабокоморски ров се протега од Камчатка до Малајскиот архипелаг.

Судирот на двете плочи по должината на овој ров предизвикува многубројни **земјотреси и вулкани**. Токму затоа, овој појас се нарекува ’**Огнен појас**‘. Бројот на земјотреси во текот на годината е околу 1 000, но голем дел од нив се слаби и луѓето не ги чувствуваат. Меѓутоа, има и такви штопредизвикуваат големи разурнувања и човечки жртви. Такви се, на пример, земјотресот од 1923 година во близината на Токио, кога загинаа повеќе од 150 000 луѓе и земјотресот од 1995 година во близината на градот Кобе и кога загинаа повеќе од 5 000 луѓе. Земјотресите ги проучува посебна научна дисциплина наречена **сеизмологија**, а се мерат со инструменти наречени **сеизмографи**.

На линијата на ’Огнениот појас‘ се наоѓаат поголем број **живи вулкани**. Дел од нив се наоѓаат на копното, како: Фуџи во Јапонија, Клучевскаја Сопка на Камчатка и др., на дел се случуваат подводно. Вулканската активност во овој појас е главна во обликувањето и создавањето на голем број острови.

**Подводните земјотреси и вулкани** се основните фактори за предизвикување на разорни морски бранови, познати под името **цунами**. Тие на морската површина (над местото на земјотресот или вулканот) се незабележливи, но како повеќ еслојни бранови до бреговите стигнуваат како големи бранови и до 30 метри височина и предизвикуваат огромни материјални штети и човечки жртви. Поради земјотрес, такво цунами се случи во 2004 година, кога загинаа околу 200 000 луѓе во Јужна Азија.

Поради различните воздушни притисоци – над азиското копно од една и над тихоокеанските пространства од друга страна – кон бреговите на Источна Азија, особено во летниот

### РАЗГОВОР

– Што се вбројува во природни катастрофи?
– Дали некој од вас почувствувал земјотрес?

### ПРАШАЊА

– Кои природни несреќи предизвикуваат катастрофи во Азија?
– Како резултат на што се случуваат земјотресите и вулканските ерупции во Азија?
– Каде се протега така-наречениот ’огнен појас‘?
– Што се тоа живи вулкани?
– Што предизвикуваат подводните земјотреси и вулкани?
– Кои силни ветрови дуваат во Источна Азија?
– Кои реки предизвикуваат поплави во Источна Азија?
– Зошто лавините не предизвикуваат многу жртви?
– Кога настанува лизгање на земјиштето и каде се случува најчесто?



*Вулкан*

### ЗАДАЧА

– Имајќи ги предвид различните природни несреќ и, на карта на Источна Азија утврди кои се најзагрозени подрачја!

период од годината, дуваат мошне **силни ветрови наречени тајфуни**. Тие предизвикуваат бранови со разорна моќ. Со себе носат обилни количество врнежи кои, стигнувајќи над низините на Источна Азија (отприлика до териториите на околу 500 м), предизвикува: **излевање на поголемите реки** (особено Хуанг Хе) и поплавуваат огромни територии. Така се предизвикуват големи материјални штети во земјоделството и на имотот на населението.

Поради височината на планинските масиви и присуството на снежни маси често доаѓа до одронување на **лавини**; меѓутоа, тие главно не се опасност за луѓето бидејќи се случуваат во ненаселени области. На индонезиските и на Филипинските Острови поради обилни количество врнежи често се случува **лизгање на земјиштето** и уништување на цели населби.

## ЗАПОМНИ

– Природните катастрофи во Источна Азија ги предизвикуваат тектонските движења поради кои се случуваат земјотреси и вулкани на линијата од Камчатка до Индонезија.
– Активни или живи вулкани има на Камчатка, Јапонските Острови, Филипините и Малајскиот архипелаг.
– Подводните земјотреси и вулкани предизвикуваат големи бранови – цунами, кои удирајќи на копното прават огромни материјални штети.
– Познати силни ветрови со катастрофални дејства во Источна Азија се тајфуните, кои дувајќи од морето кон копното предизвикуваат разорни бранови и имаат уривачко дејство.
– Во Источна Азија големите реки често се излеваат и прават поплави.
– Посебен проблем во Југоисточна Азија, поради големите врнежи, е лизгањето на земјиштето.

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ТАЈФУН** – циклонски ветер со огромна разурнувачка моќ. Тој е огромен воздушен вртеж со пречник 80-300 км. Настанува во тропските предели, во разни краишта на светот. Се образува над морето и обично се движи кон запад, кон копното. Најкарактеристични се тајфуните околу Јапонските Острови, приморјето на Кина и Филипини. Присутни се и во пределите на Мексиканскиот Залив, но таму се нарекуваат урагани.

**ЦУНАМИ** – јапонско име за морските бранови што настануваат под дејство на земјотреси и подморски вулкански ерупции. Најчести се на бреговите на Тихиот Океан. Цунами е голем бран (достигнува 20-30 м височина), има огромна разурнувачка моќ и на бреговите предизвикува големи материјални штети.




*Вулкани во Источна Азија*



# ИСТОЧНА АЗИЈА

**РАЗГОВОР**

– Кои се најбројни народи во Источна Азија?
– Знаеш ли да читаш на кинески?

**ПРАШАЊА**

– Колкав е бројот населението во Источна Азија?
– Кои религии се застапени во Источна Азија?
– Кои јазици се застапени во Источна Азија?
– Какво писмо (азбука) користат Кинезите?
– Кои народи живеат и со каква култура се одликуваат земјите од Источна Азија?
– Зошто се случуваат општествените и културните промени кај населението?

## НАСЕЛЕНИЕТО НА ИСТОЧНА АЗИЈА (ВЕРСКА ПРИПАДНОСТ, ЈАЗИК, КУЛТУРА, ОБИЧАИ)

**Територијата на Источна Азија е една од најнаселените во светот.** Во источните делови на Кина, поточно во Кинеската Низина, во Манџурија, на Корејскиот Полуостров и во Јапонија живеат повеќе од 1,6 милијарди луѓе.

***Верска припадност***

Според верската припадност, населението во Источна Азија, главно, ги исповеда учењата на **конфучијанизмот, на будизмот и на таоизмот.** Така, на пример, на конфучијанизмот во Кина припаѓаат околу 90% од населението, на будистите во Кина припаѓаат околу 5%, во Јужна Кореја околу 50%, во Монголија повеќе од 90%. Во Јапонија околу 80% од населението истовремено се приврзаници на шинтоизмот и будизмот. На островот Тајван преовладуваат приврзаниците и на конфучијанизмот и на будизмот, а околу 20% припаѓаат на таоизмот. Карактеристично е тоа што во Јужна Кореја повеќе од 40% се христијани, претежно со протестантска и со католичка вероисповед, додека пак во Северна Кореја луѓето официјално се нерелигиозни, а неофицијално исповедаат будизам, христијанство и шаманизам.




*Густина на населеност*

***Јазици***

Јазиците што се зборуваат во  Источна Азија спаѓаат во јазичните семејства: **кинеско-тибетско, тунгуско-манџурско и монголско**. Многубројното население на голем број народи зборува различни јазици со многу дијалекти. Во Кина и во Тајван е застапен **кинескиот јазик** со повеќе дијалекти. Се користи кинеско **хиероглифско писмо** (азбука). Во Монголија официјален јазик е **монголскиот** со кирилица од 1945 година, а во најново време е вратено старомонголското писмо кое датира од 13 век. На Корејскиот Полуостров, во двете држави се зборува **корејски** и се користи посебно корејско писмо. Во Јапонија населението користи **јапонски** јазик и посебно јапонско писмо.

***Култура и обичаи***

Народите од Источна Азија, кои во основа се групираат како **Кинези, Јапонци, Корејци и Монголци**, се одликуваат со **посебна култура** која во голема мера се потпира на **долговековната традиција.** Тоа се однесува и на верата, на образованието и во сферата на уметноста и на архитектурата. Ваквите традиции се потпираат на секојдневниот живот и на работата на населението кое сè уште во голем број живее во селска средина. Меѓутоа, со индустрискиот развој населението сè повеќе се населува во големите градови каде што неминовно **започнуваат општествени и културни промени**. Сè поголем е трансферот од номадско-сточарскиот систем на живеење и обичаи кон стационарно земјоделско стопанисување кое многу брзо се преориентира кон секундарните стопански гранки, така што во процесот на т.н. брзо живеење во градовите настануваат промени во обичаите. Доследноста на луѓето е посебна вредност, како, на пример, точноста на движењето на возовите во Јапонија, која се мери со секунди.

ЗАПОМНИ

– Според верската припадност, населението во Источна Азија ги исповеда учењата на конфучијанизмот, на будизмот и на таоизмот.
– Конфуцијанизмот е најзастапен во Кина со околу 90% од населението.
– Во Источна Азија се застапени кинескиот, корејскиот и јапонскиот јазик. Културата и обичаите на населението се традиционални. Со новите развојни текови и со преселувањето во градовите се забележуваат значителни промени во општеството и во културата на живеење кај населението.

ЗАДАЧА

– Проучи како се случило во Тајван и во Јужна Кореја да има голема застапеност на христијанската религија.






*Верски објекти*



# ИСТОЧНА АЗИЈА

**РАЗГОВОР**

– Што е тоа семејство?
– Зошто е важно семејството?

## УЛОГАТА НА СЕМЕЈСТВОТО, КУЛТУРАТА И ТРАДИЦИЈАТА

Источна Азија зафаќа релативно голема територија. На неа се развиле неколку народи кои оформиле свои држави. Такви се Кина, Јапонија и Кореја. Сите држави се со голем број жители, особено Кина, на чија територија се сместени повеќе од 1,6 милијарди луѓе.

**Проблемот на обезбедување храна** за опстанок на населението е основна причина **за карактеристиките на семејството, културата и традицијата** на населението од Југоисточна Азија.

До неодамна, претежно **екстензивниот развој** и начин на живеење на населението, главно разместено во селските средини, во потрага по работна сила, при мошне екстензивниот начин на земјоделско стопанисување се сметало дека излезот е во поголемиот број членови во семејството. Од друга страна, релативно ниското ниво на образование придонесува за **голем природен прираст** на населението во Источна Азија.

Големите проблеми, кои се присутни, можат да се кон-





*Источноазиски семејства*



*Токио*

**ПРАШАЊА**

– Какви се односите во семејството?
– Каква е улогата на жените во семејството во Источна Азија?
– Кои семејни вредности се карактеристични за луѓето од Источна Азија?
– Како се рефлектира домашното воспитување врз општеството и врз културата?
– Зошто се случуваат промени во културата во современите услови на живеење?

тролираат единствено со **цврсти односи во семејството** и со почитување на општеството и културата.

Семејството во Источна Азија се одликува со **поголем број членови**. Многу е **важна улогата на жената** во секојдневниот живот и во секојдневната работа. Токму затоа, таа е мошне почитувана. Сите недостатоци во живеењето се отстрануваат со голем степен на **воздржаност, трудољубивост, трпеливост и упорност** кај секој член на семејството. Овие вредности, како филозофија на живеење, се вредност на семејствата во Источна Азија ,а рефлектираат и во **негувањето на културата и традицијата во општеството.** Типичен пример е доследноста на Јапонците во придржувањето до точноста на времето во транспортот. Како резултат на ваквото воспитување, населението има сè поголем успех во сите сфери на живеење, така што тоа резултира со сè позабрзан стопански развој. Сè почесто **екстензивниот начин на живеење** и на работа во семејството **се заменува** со нови техники и технологии и со **интензивен начин на производство**. Така се остварува сè поголем степен на развој и подобрување на животот во семејството и во општеството во целост.



*Источноазиски симболи*

## ЗАПОМНИ

– Семејството во Источна Азија се одликува со поголем број членови.
– Односите во семејството се цврсти, со приврзаност на членовите еден кон друг.
–Жените во Источна Азија се главен фактор за негувањето на традицијата, културата, обичаите и воспитувањето.
– Населението на Источна Азија се одликува со голема воздржаност, трудољубивост, трпеливост и упорност.
– Со навлегувањето на градскиот начин на живеење сè повеќе настануваат промени во начинот на живеење и во зачувувањето на културата и обичаите.





## ЗАДАЧА

На Интернет пронајди податоци за начинот на живеење, за традициите и за културата на луѓето во Кина, во Јапонија и во Кореја.



# ИСТОЧНА АЗИЈА

### РАЗГОВОР

– Со што се занимава населението во Источна Азија?
– Дали државите се развиени?



*Садење ориз*

### ПРАШАЊА

– Какви се природните и климатските одлики во Источна Азија меѓу северните и јужните области?
– Кои се двете важни работни животни и каде се користат?
– Која земјоделска култура е главна во земјоделското производство?
– Освен за пловидба, за што се користат морињата во Источна Азија?
– Каков е индустрискиот развој?
– Каква земја е Кина според стопанскиот развој?
– Што е карактеристично за стопанството во Јапонија?
– Со што се одликуваат стопанствата на Јужна Кореја и Тајван?
– Какво е стопанството во Северна Кореја?

## СТОПАНСТВОТО НА ИСТОЧНА АЗИЈА

**Природните одлики** на територијата на Источна Азија, регионално гледано, се **мошне различни**. Во северозападните делови на Кина и во Монголија, заобиколени со високи планини, владее **сува клима**, така што се присутни територии под пустини (Такла Макан, Гоби и други), полупустини и степи, каде што населението се занимава со номадско и полуномадско сточарство (претежно овчарство и говедарство). Во **пониските приморски делови** на Источна Азија, кои климатски се поповолни, побогати и густо населени, е развиено земјоделството, а од сточарските гранки особено се развиени свињарството и живинарството. Како **работен добиток** во Источна Азија се важни две карактеристични животни, и тоа: јак – долговлакнесто говедо што се користи на планинските простори во Тибет; бивол – кој се одгледува и користи во низините при земјоделската работа.

Од полјоделството најразвиено е **одгледувањето ориз**. Се одгледува и во низините и терасесто во ридестите простори. Главно е разместен по долините на големите реки, особено Хуанг Хе и Чанг Џијанг. Од другите култури, Кина се јавува и како најголем производител на: пченица, пченка, компир, градинарски култури, соја, чај, тутун итн. За Кина е карактеристично и производството на свила.



Излезот на море на државите од Источна Азија им овозможува **развој на риболовот**, така што овие земји се сметаат за рибарски велесили.

Земјите од Источна Азија во минатото главно биле затворени за стопанскиот развој. Но, по Втората светска војна од скоро целосно уништеното стопанство започна брз и **силен индустриски развој.** Во услови на многубројно население, каде што проблемот со исхраната беше мошне изразен, нешто подоцна, поточно по 1970 година, Кина започна со забрзан индустриски развој. Слична е состојбата и во двете корејски држави. Според тоа, денес **Источна Азија е најразвиен индустриски регион во Азија.** По 1990 година, бидејќи е намалено ограничувањето за мигрирање, преселувањето на населението во градовите е зголемено. Така се формирани **голем број милионски градови** покрај реките Хуанг Хе и Чанг Цијанг и во приморјето. На карта пронајди ги најголемите градови во Кина, во Јапонија и на Корејскиот Полуостров! Во големите градови е развиена разновидна индустрија.

**Кина** се одликува како **индустриско аграрна земја** со големи природни богатства и можности за брз развој. Развиени се црната металургија, машинската индустрија, производството на автомобили, авиони, бродови, вагони и локомотиви, електроиндустријата, хемиската, текстилната, прехранбената индустрија итн. Сè поголема е изградбата на патишта и железници.

**Јапонија** е **високо развиена земја** – посебно индустриско чудо во светот, која опфаќа 12% од светското индустриско производство. Јапонија е земја со најсовремени научни и производни технологии во сферата на информатиката, средствата за врски, роботиката и биотехнологиите. На прво место во светот е со производство на бродови, автомобили, трактори, електроника, роботи и друго. **Сиромашна е со енергија и суровини**, кои ги увезува, така што има силно развиена црна и обоена металургија. Поседува повеќе од 50 атомски централи, има развиени текстилна, прехранбена, хемиска, фармацевтска индустрија и други. Јапонија се одликува со најразвиени сообраќајна мрежа и сообраќајни средства во светот, со развиени трговија и банкарство.

Сличен индустриски развој има **Јужна Кореја** каде што, покрај класичните бродарство, автомобилска и електроиндустрија – се развиени голем број современи индустриски гранки; како што се аерокосмичката индустрија, биотехнологиите, генетското инженерство, ласерите итн.

На **Тајван** се високо развиени производството на компјутери, електронска апаратура, хемиска, машинска, бродарство, текстилна индустрија и други.

Од земјите во Источна Азија нешто помалку заостанува **Северна Кореја**, каде што економијата на државата има затворен карактер, а индустријата е со технички заостаната и ниска продуктивност.

### ЗАПОМНИ

– Условите за развој во Источна Азија се различни поради мошне сувата клима на север и тропско-монсунската клима на југ.
– Главен работен добиток се: јакот – се користи на Тибет, и биволот – се користи при одгледувањето на оризот во низините.
– Главна преокупација во земјоделството е производството на ориз, особено во монсунски влажните региони.



*Оризови полиња*



*Современа фабрика*

### ЗАДАЧА

– Според стопанаките активности во Источна Азија, објасни зошто овој регион се смета за стопански најразвиен!



# ЈУГОИСТОЧНА И ЈУЖНА АЗИЈА

**РАЗГОВОР**

– Кој е највисокиот планински масив во светот?

– Кој е највисокиот врв во светот?

**ПРАШАЊА**

– Што се Хималаите?

– Каде се наоѓаат Хималаите?

– Кои територии се наоѓаат на север, а кои на југ од Хималаите?

– Како влијаат Хималаите врз климатските прилики?

– Наброј ги вертикалните вегетациски појаси на Хималаите, почнувајќи од пониските кон повисоките простори!

– Со што се одликуваат Хималаите над 3 000 м височина?

– Кои животински видови се среќаваат на Хималаите?

– За што се користат Хималаите со нивните релјефни одлики?

– Зошто се случува лизгање на земјиштето?

## ХИМАЛАИ – КАРАКТЕРИСТИКИ И ЗНАЧЕЊЕ

**Хималаите се највисоките планини во светот**. Се протегаат од реката Инд на запад до мјанмарско-кинеската граница на исток – во должина од околу 2 500 км, а во широчина од околу 200-300 км. Од југ се ограничени со Хиндустанската Низина во Индија, а од север со горниот тек на реката Инд и горниот тек на реката Брамапутра. Северно од Хималаите се протегаат паралелен планински венец познат како **Трансхималаи и висорамнината Тибет**. Северозападно од Трансхималаите се протега Каракорум, а на него – во јужниот дел на Памир се протега планинскиот венец Хиндукуш, кој продолжува во Авганистан. Источно од свртувањето на реката Брамапутра, Хималаите и Трансхималаите свртуваат кон југоисток спуштајќи се кон југ во Мјанмар. Така, овој планински венец од Мјанмар до Авганистан остро го одвојува Индискиот Потконтинент од другиот дел на Азија и така ја прави границата на Јужна Азија.

На Хималаите има 14 врвови повисоки од 8 000 м н.в. Највисок е **Монт Еверест (8 850 м)** или **Чомолунгма,** највисок и во светот. Претставуваат **остра климатска граница меѓу монсунската клима во Индија и острата континентална планинска клима на Тибетската Висорамнина**.




*Поширокиот регион на Хималаите*

Хималаите настанале со набирање на слоевите во пространата геосинклинала Тетис во олигоцен, односно истовремено со Алпите во Европа. Имаат сложен геолошки состав од варовници, доломити, гранити, кристалести шкрилци, песочници и друго. Стрмно се спуштаат кон Хиндустанската Низина. Испресечени се со длабоки клисурести речни долини што се протегаат во правец кон југ и југоисток. Реките се многу богати со вода, особено во летниот период. Објасни зошто! Најголеми се реките Инд, Ганг и Брамапутра. Јужните падини на Хималаите се одликуваат со најголеми врнежи кои годишно достигнуваат и до 12 000 мм.

На Хималаите се наоѓаат јасно изразени **вертикални вегетациски појаси**. До околу 1 000-1 200 м н.в. се протегаат постојано зелени **тропски шуми, односно џунгли**. Над нив се протега појас на **суптропски шуми**, потоа продолжува појасот на **листопадни шуми** со дрвенести видови карактеристични за умерените појаси. Овие шуми се простираат на височина од 2 000 до 3 000 м. Повисоко, до околу 3 500 м, се простираат **хималајски зимзелени дрва и сребренести брези**. Над оваа шумска граница, до околу 4 800 м наместа се застапени **тревни заедници,** а повисоко започнува **снежната граница**, па највисоките простори се одликуваат со **голи и стрмни карпи, претежно покриени со постојан снег и мраз**. На вака големите височини на Хималаите се присутни **голем број глечери** што се спуштаат до околу 3 000 м.

Во шумските региони на Хималаите се среќаваат **разни животински видови**, како што се: слонови, носорози, биволи, мајмуни, диви свињи, елени, тигри, диви кокошки, папагали итн. За високопланинските делови се карактеристични дивокозите, планинските овнови, тибетските јакови, волците, хималајските мечки и разни глодачи.

Хималаите се мошне значајни како простори со **голем енергетски потенцијал** каде што се присутни голем број реки со висок водостој и голем речен пад. Потоа, како **извор на вода** од каде што се хранат реките Инд, Ганг и Брамапутра, од кои во сушниот период зависи опстанокот на луѓето во густонаселените Хиндустанска и Бенгалска Низина.

Со своите големи надморски височини Хималаите се **препрека за комуникации кон север**. За време на монсунските дождови и топењето на снегот на Хималаите се случуваат **големи поплави** и чести **лизгања на земјиштето** од стрмните падини на планината.

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ЛИЗГАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО** – процес во кој под дејство на зголемена влажност и поголеми наклони одредени земјишни маси гравитациски се поместуваат надолу.

## ЗАПОМНИ

– Хималаите се највисокот планински систем во светот. Јужно од Хималаите се протега Индоганшката Низина, а северно – висорамнината Тибет. Хималаите претставуваат остра климатска граница меѓу двете целини.
– На Хималаите има вертикален распоред на вегетацијата. Таа започнува со тропски шуми/џунгли над кои се простираат суптропски шуми, листопадни шуми, хималајски зимзелени дрвја и сребренести брези, тревни заедници и снежната граница над 3 000 м со многубројни глечери.
– Хималаите поседуваат голем енергетски потенцијал во стрмните и полноводни реки. Поради големиот наклон и големите количества на врнежи често се случува лизгање на земјиштето.



*Монт Еверест/Чомолунгма*

## ЗАДАЧА

– На карта или сателитски снимки на Интернет добро разгледај каде и како се протегаат Хималаите и пронајди го највисокиот врв Монт Еверест или Чомолунгма!





# ЈУГОИСТОЧНА И ЈУЖНА АЗИЈА

РАЗГОВОР
– Што се монсуни?
– Каде се среќаваат во Азија?

ПРАШАЊА
– Што претставуваат монсуните?
– Какви монсуни има?
– Како дуваат зимските монсуни и какво време носат?
– Како дуваат летните монсуни и какво време носат?
– Како влијаат монсуните врз животот на луѓето?
– Кои драгоцени дрвенести растенија се среќаваат во Југоисточна и во Јужна Азија?
– Зошто доцнењето на монсуните може да биде катастрофално?

## МОНСУНИТЕ И ЖИВОТОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО

**Монсуните се годишни периодични ветрови во Јужна и во Југоисточна Азија** и во северните делови на Индискиот Океан. Монсуните настануваат во подрачја на суптропските појаси поради разликите во температурите и воздушниот притисок, кои владеат над копнените маси на север и океанските пространства на југ. Постојат два периода: **зимски** и **летен**, па затоа се познати како **зимски монсуни** и **летни монсуни**. **Зимските монсуни** се ветрови што од октомври до крајот на април дуваат непрекинато од Хималаите преку континенталните делови на Јужна и на Југоисточна Азија кон Индискиот Океан. Зимските монсуни се со поумерена јачина. Во периодот на нивното присуство преовладува ведро, суво и ладно време и релативно мирно море.

**Летните монсуни** се ветрови што од територијата на Индискиот Океан дуваат од југ кон север и североисток кон копнените територии на Јужна и на Југоисточна Азија. Се одликуваат со топол и влажен воздух кој со поголема јачина се движи кон копното, така што во подрачјето на планинските земји се издигаат во височина и предизвикуваат густи облаци со обилни врнежи. Врнежите се проследени со силни гр-




*Зимски монсуни*




*Летни монсуни*

мотевици и скоро непрекинато траат до два месеца. Притоа, има голема влажност, високи температури и немирно море, особено изразено при западните брегови на Индија, на Малајскиот Полуостров и на индонезиските острови. За време на летните монсуни поблагопријатни се климатските услови на источните брегови на Индија и Шри Ланка.

Најстабилно време се јавува на преминот меѓу летниот и зимскиот период и трае околу две недели.

**Монсунските ветрови** во Јужна и во Југоисточна Азија се од **големо значење за животот на населението**. Летните монсуни се дар од природата кои на густо населените територии во Индија, Бангладеш, Шри Ланка, Мјанмар, Тајланд, Виетнам, Малезија, Индонезија и Филипини (каде што живеат околу две милијарди луѓе) овозможуваат успешно земјоделско стопанисување. **Од нив зависи производството на ориз**, како една од најраспространетите култури во тие простори, неминовни за исхрана на населението.

Вообичаените правци на дување на монсуните се од **големо значење во поморската пловидба** на безброј бродови-едреници кои се користат од милиони луѓе распоредени во приморските делови на полуостровите и на островите. Поради географските широчини и влијанието на монсуните, на територијата на Индискиот и на Индокинескиот Полуостров и островите се развиени густи шуми со присуство на **драгоцени дрвенести растенија**, како што се **тиково, сандалово** и **махагоново дрво.** Тие се од големо значење бидејќи се користат во дрвната индустрија со повеќекратна намена.

**Доцнењето на монсунските дождови** често **може да биде фатално** за земјоделското производство од кое зависи опстанокот на многубројното население.

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**МАХАГОНОВО ДРВО** – дрвенесто растение од фамилијата Meleiaceae, составена од поголем број дрва и грмушки што виреат во тропските и во суптропските региони. Махагоновото дрво е економски важно градежно и столарско дрво.

**САНДАЛОВО ДРВО** – зимзелено полупаразитско дрво. Има повеќе видови. Распространето е во Индија, во Индонезија, во Австралија и Океанија. Тоа е тврдо дрво со жолтеникава, бела и црвеникава боја со специфичен мирис. Се користи за изработка на резбарени предмети и добивање етерични масла.

**ТИКОВО ДРВО** – дрвенесто растение од фамилијата врби. Расте во монсунските предели на Јужна и на Југоисточна Азија. Во сушниот (зимски) период ги губи листовите. Дава мошне квалитетно, скапоцено, градежно дрво со разновидна примена (за мебел, во бродарството и друго).

## ЗАПОМНИ

– Монсуните претставуваат годишни периодични ветрови во Југоисточна и во Јужна Азија.
– Постојат зимски и летни монсуни.
– Зимските монсуни дуваат од Хималаите кон Индискиот Океан и носат суво и студено време.
– Летните монсуни дуваат од Индискиот Океан кон копното и носат влажно и топло време, многу важно за земјоделството и производството на ориз.
– Монсуните помагаат и во пловидбата на многубројните бродови – едреници.



*Џунгла*

## ЗАДАЧА

– На карта на Југоисточна и Јужна Азија обиди се да ги најдеш правците на дување на монсуните. Летните монсуни обележи ги со црвени линии, а зимските со сини.



# ЈУГОИСТОЧНА И ЈУЖНА АЗИЈА

**РАЗГОВОР**

– Каде се наоѓа Индија?
– Дали располага со природни богатства?

**ПРАШАЊА**

– Каде се наоѓа, колкава површина и колку население има Индија?
– Какви природни богатства поседува Индија?
– Зошто се смета за природно богатство должината на морската брегова линија во Индија?
– За што се користат пространите низини во Индија?
– Какво е значењето на реките во Индија?
– Каков е растителниот свет во Индија?
– Со кои видови руди е богата Индија?
– Со кои енергетски суровини располага Индија и каде се тие разместени?

## ПРИРОДНИТЕ БОГАТСТВА НА ИНДИЈА

**Индија е држава во Јужна Азија која зафаќа 3 287 600 км$^2$.** Во неа живеат **1,1 милијарда луѓе**, така што со густина на населеност од околу 345ж/км$^2$ е една од најгусто населените земји во светот. Вака бројното население во Индија се потпира врз **разни природни богатства**, како што се: морските и океанските брегови, пространите низини, големите реки, разновидниот растителен и животински свет, разновидните рудни богатства, богатите енергетски извори, риболовните подрачја, густите шуми итн.

**Морската и океанската брегова линија** на Индија се протега на околу 5 700 км, така што овозможува голем дел од населението да биде разместено покрај морските брегови, да ги користи морските богатства, да учествува во поморската трговија и сл.

Посебно природно богатство на Индија се **пространите низини** во кои се наоѓаат околу 50% плодно и обработливо земјиште во Индија. Особено е важна Хиндустанската Низина (меѓу Хималаите и висорамнината Декан), која е пространа рамница испресечена со реки и пловни канали, добро проодна, мошне плодна и стопански најразвиена област на Индија. Слична е и Бенгалската Низина која ги зафаќа териториите околу делтата на реките Ганг и Брамапутра. Овие низини се **главни земјоделски области и главен извор на храна** за многубројното индиско население. Се одгледуваат култури што успеваат во умерените, тропските и суптропските појаси. Најмногу се произведуваат ориз, пченица, пченка, компир, зеленчук, маслодајна репка, коноп, памук, лен и др.








*Реките во Индија*

**Реките во Индија** се повеќекратно природно богатство, кои освен во земјоделството се користат како природни пловни патишта, надополнети со **каналска пловна мрежа**, и се основна замена за недоволно изградената патна инфраструктура во Индија. Реките, особено оние што извираат на Хималаите, располагаат со богат хидроенергетски потенцијал, поради што се искористени за изградба на поголем број вештачки акумулации и хидроцентрали.

**Растителниот и животинскиот свет** во Индија е мошне разновиден. По долините на реките на висорамнината Декан, во долниот тек на Ганг и Брамапутра и во западните делови на планините Гати се развиени **густи џунгли** со разновидни тревни и дрвенести растенија. На висорамнината Декан се присутни пространи тревни савани со ретки ниски палми и багреми. На Хималаите до 1 000 м н.в. се развиени листопадни шуми што во повисоките делови се сменуваат со зимзелени шуми. Во рамките на богатиот растителен свет се среќаваат особено бараните тиково, сандалово и махагоново дрво, кои се мошне ценети во дрвната индустрија.

Територијата на Индија, составена од стари грамадни планини и котлини и млади венечни планини, располага со **големи рудни богатства**, како што се: железо, манган, хром, волфрам, олово, бакар, злато, сребро и боксит. Најголеми наоѓалишта се наоѓаат во Бихар, во Ориса и во Пенџаб. Од неметалните суровини се произведуваат сол, барит, фелдспат, азбест, графити и др.

Индија располага и со **богати енергетски суровини**: јаглен, нафта и хидроенергетски потенцијал. Најголеми наоѓалишта на јаглен има во Западен Бенгал, во Бихар и во Ориса. Нафтата во големи количества ја има во Асам, во Пенџаб, во Гуџарат и во источните делови на Индија околу Ченај. Индија располага и со богати нуклеарни горива, како, на пример, руди на ториум, уран и други.

Природните богатства на Индија ги надополнуваат и **риболовните подрачја** покрај нејзините брегови.

## ЗАПОМНИ

– Индија има разновидни природни богатства, како што се: нафта, јаглен, железо, боксит, манган, бакар, хром, олово, цинк, волфрам итн.
– Посебно природно богатство на Индија се долгите брегови линии.
– Важни за опстанокот на населението во Индија се низините со обработливите површини и производството на ориз како извор на храна за опстанок на населението.
– Реките во Индија се важни за пловидба, за наводнување и како енергетски потенцијал.
– Богатиот растителен свет, особено сандаловото, тиковото и махагоновото дрво се важни за дрвната индустрија.
– Во Индија е важен и риболовот.



*Садење ориз*

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ДИЈАМАНТ** – минерал, скапоцен камен од чист кристален јаглерод. Во минимални количества може да содржи железо, манган или други елементи кои му даваат црвеникава, зеленикава, сина или жолта боја.
**РУДА** – карпа која содржи метални или неметални состојки што се користат со преработување.

## ЗАДАЧА

– На карта на Индија лоцирај ги регионите на наоѓалиштата на природни богатства.



# ЈУГОИСТОЧНА И ЈУЖНА АЗИЈА

**РАЗГОВОР**

– Освен во Источна Азија, каде уште има густа населеност во Азија?



*Индиец*

## НАСЕЛЕНИЕТО ВО ИНДИЈА, БОГАТСТВО И ПРОБЛЕМИ

Индија е **мозаик од повеќе од 280 разни народи** со различен историски и културен развој, вероисповед и јазик. Причина за тоа е патот на размена на народите од запад и од исток, кој поминува преку Хиндустанската и Бенгалската Низина. Овде се судираат многубројни цивилизации, учења и верувања. Низ историјата на Индија се познати периодите на Стара Индија, муслиманскиот период, британскиот период и периодот на независна Индија по 1947 година.

Етничкиот состав го претставуваат **народи од индоариската група**, која е најзастапена со над 73% и повеќе од 30 народи, потоа **дравидската група, кинеско-тибетската група** итн.

Денес, од 1,1 милијарда жители на Индија: околу 80% се **индуси**, 12% се **муслимани**, 3,5% се **христијани**, другите се **сики**, **будисти**.

**Официјален јазик** е хинди, но секоја од државите има свој официјален јазик, како, на пример: асамски, бенгалски,

**ПРАШАЊА**

– Колку народи има во Индија?
– На која група народи припаѓа населението на Индија?
– Кои религии се застапени во Индија?
– Какви се односите меѓу разновидното и многубројното население во Индија?
– Кој е најголем проблем за многубројното население во Индија?
– Што се случува со селското население?
– Каква е хигиената во градовите?
– Како се одвива транспортот на населението во Индија?



кашмирски, пенџапски, тамилски итн.

Ваквото шаренило од народи, религии и јазици во Индија е вистинско богатство, бидејќи и покрај многубројните разлики **животот** на населението се одликува **со голема меѓусебна толерантност.**

Сепак, населението во Индија се судира со **голем број проблеми.** Посебен проблем е **големата пренаселеност**, особено во одредени области од државата, како што се Хиндустанската и Бенгалската Низина и приморските територии. Со годишен природен прираст од 19 промили бројот на населението во Индија годишно се зголемува за околу 17 милиони жители. Во таков случај сериозно се поставува **проблемот на обезбедување доволни количества храна.** Повеќе од 300 милиони луѓе се под границата на сиромаштијата. Околу 70% од населението живее во селска средина. Во недостиг на услови за живот голем дел од **селското население мигрира кон градовите**, со надеж дека ќе обезбеди работа и услови за живеење. Така, се смета дека во Индија денес постојат **околу 30 милионски градови.** Нивниот број тешко се утврдува бидејќи голем дел од населението живее во сиромашни квартови или се бескуќници.

Големата пренаселеност во градовите предизвикува **огромна загаденост** со купишта цврст отпад, додека во централните градски подрачја поради застарениот возен парк и индустријата има голема загаденост на воздухот.

Транспортот на населението поради недоволно изградената патна инфраструктура е ориентиран кон **железнички превоз**, кој се одликува со застарени пруги и возови кои дневно пренесуваат по околу 15 милиони луѓе во пренатрупани возови со патници.

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ЈАГЛЕН** – природно цврсто гориво кое е важен извор на енергија и суровини. Настанува со јагленисување на растенијата во долг временски (геолошки) период. Се наоѓа во седиментни слоеви и може да има дебелина и по неколку метри.

**НОМАДСКО СТОЧАРСТВО** – одгледување добиток во услови кога сточарите барајќи нови пасишта, заедно со добитокот (овци, коњи, говеда), се преселуваат од едно на друго место. Најзастапено е во степските и пустинските и во областите на тундрите.

**ПРЕНАСЕЛЕНОСТ** – појава на релативно поголема концентрација на население, кое во одредени области и држави при одредени лоши општествено-економски и социјални односи се судира со проблемот на основна егзистенција.

**РАСА** – групација луѓе кои се одликуваат со заеднички антрополошки особини. Во основа, постои класификација според бојата на кожата, но и според бојата и изгледот на косата, влакнатоста на телото, височината.

## ЗАПОМНИ

– Индија е многу густо населена територија.
– Во Индија живеат околу 280 разни народи.
– Народите на Индија припаѓаат на индоариската група со околу 70%, на дравидската група и на кинеско-тибетската група.
– Според религиската припадност, со околу 80% во Индија најзастапен е хиндуизмот. – Официјален јазик е хинди, иако сите индиски држави имаат посебни јазици.
– Главен проблем на Индија е обезбедувањето храна за многубројното население.
– Во потрага по работа се случува миграција на населението кон градовите поради што се создава голем проблем во градските агломерации.



*Индијка*

## ЗАДАЧА

– На Интернет пронајди и други податоци за Индија со цел да ги збогатиш твоето знаење и култура.



# СРЕДНА АЗИЈА

**РАЗГОВОР**

– Која територија ја зафаќа Средна Азија?
– На кое сливно подрачје главно припаѓа територијата на Средна Азија?





## НАСЕЛЕНИЕТО И СТОПАНСТВОТО НА СРЕДНА АЗИЈА

Во Средна Азија се вбројуваат државите: Авганистан, Казахстан, Киргистан, Таџикистан, Туркменистан и Узбекистан. Заедно зафаќаат површина од 4 646 600 км$^2$. На оваа територија живеат околу 85 милиони жители. Се забележува дека **на многу голема површина живее релативно мал број луѓе**. Причина за тоа се релјефните и климатските услови. Тоа е територија која од запад, од југ и од исток е ограничена со планини, а на север е многу оддалечена од морето, така што врнежите во Средна Азија достигнуваат од 200 мм до максимум 500 мм годишно. Во отсуство на доволни количества вода се оформени пространи пустини. Со нешто поголем број население се одликуваат Авганистан и Узбекистан.

**Етничкиот состав на населението** го претставуваат: Казаси, Руси, Туркменци, Узбеци, Киргизи, Таџици и Паштуни. Со исклучок на Авганистан, каде што се зборува пашту и се користи арапско писмо, сите други држави имаат свои јазици и користат **кирилица**. Покрај официјалните јазици се користи и рускиот јазик.

Населението во Средна Азија е со **исламска вероисповед (80%), со христијанска вероисповед** (10%) и други. Исклучок е Казахстан каде што околу 45% од населението се православни христијани.

**ПРАШАЊА**

– Кои држави се вбројуваат во Средна Азија?
– Каква е населеноста во Средна Азија?
– Кои народи го сочинуваат етничкиот состав на населението?
– Какво писмо користат?
– На кои религии припаѓаат народите од Средна Азија?
– Кои земји се индустриско-аграрни, а кои аграрно-индустриски во Средна Азија?
– Која е посебна одлика на земјоделското производство во Средна Азија?
– Што е карактеристично за сточарството?




*Средна Азија*

Од државите на Средна Азија, според развојот на стопанството **Казахстан, Узбекистан и Туркменистан се индустриско-аграрни земји,** а **Авганистан, Таџикистан и Киргистан се слабо развиени аграрно-индустриски земји**. Огромните територии со непрегледни рамници во Казахстан, во Узбекистан и во Туркменистан се основа врз која се потпира земјоделското производство. **Поважни земјоделски култури** се пченицата (која во Казахстан е застапена на повеќе 50% од обработливите површини), јачменот, оризот, пченката, сончогледот, памукот, виновата лоза, компирот. **Посебна одлика е одгледувањето памук и свилена буба**, кои како суровини се основа за извоз и за развој на текстилната индустрија. Недостиг на вода се надоместува со **наводнување**, особено од реките Аму Дарја и Сир-Дарја, кои поради преголема употреба, често не стигнуваат до Аралското Езеро, па тоа постојано се намалува.

Во Средна Азија е застапено и **сточарството**. Главно **се одгледуваат овци и кози**, а од крупниот добиток – говеда, коњи, камили, јакови. Се одгледуваат и животни со ценети крзна и кожи (лисици, куни и сл., на пример во Узбекистан).

Карактеристично за регионот е што поседува **разновидни природни богатства**, како што се: **нафта, земјен гас, железо, јаглен, обоени метали, полиметални руди, волфрам, уран, жива** итн. Особено важно е богатството со нафта и земјен гас околу Каспиското и Аралското Езеро. Богатите наоѓалишта на јаглен, железо и обоени метали, со исклучок на Авганистан (каде што со војните е уништена целата индустрија), овозможиле **развој на црната и обоената металургија, на машинската индустрија, на хемиската и нафтенопреработувачката индустрија**. Врз основа на суровините од земјоделско и од сточарско потекло се развиени гранки на лесната индустрија, како што се текстилната, прехранбената и други.

Поради пустините и планинските територии, транспортните услови во Средна Азија не се доволно развиени.

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**НАФТОНОСЕН ПОЈАС** – територија во која во подземјето се пронајдени наоѓалишта на нафта.
**ОПЕК** – организација на земјите–извозници на нафта. Мултинационална организација која е формирана во 1960 година за да ги координира производството на нафта и извозната политика на нејзините членки: Иран, Ирак, Кувајт, Саудиска Арабија, Венецуела, Катар, Индонезија, Либија, Обединети Арапски Емирати, Алжир и Нигерија.
**РЕЗЕРВИ НА НАФТА** – проценети количества нафта во одредени региони или држави, кои можат да бидат експлоатирани.

## ЗАПОМНИ

– Во Средна Азија се наоѓаат државите Авганистан, Казахстан, Киргистан, Таџикистан, Туркменистан и Узбекистан.
– Густината на населеност во Средна Азија е ретка поради климатските услови во големите територии под пустини и полупустини.
– Етничкиот состав на населението го сочинуваат Паштуни, Казаси, Туркменци, Узбеци, Киргизи, Таџици и Руси. Казахстан, Узбекистан и Туркменистан се индустриско-аграрни земји, а Авганистан, Киргистан и Таџикистан се аграрно-индустриски земји.
– Карактеристично за Средна Азија е производството на памук и свилена буба.
– Средна Азија располага со богати наоѓалишта на нафта, земјен гас, јаглен, обоени метали, железо и други.



*Поле со памук*

## ЗАДАЧА

– На карта на Азија пронајди ги државите од Средна Азија, добро разгледај го просторот и објасни зошто не е многу населен!



# ЈУГОЗАПАДНА АЗИЈА

**РАЗГОВОР**

– За што се користи нафтата?
– Кои територии во светот се сметаат за најбогати со нафта?



*Рафинерија*

## НАФТАТА – НАЈГОЛЕМО БОГАТСТВО НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЈУГОЗАПАДНА АЗИЈА

Нафтата, како течно минерално гориво, особено големо значење има по пронаоѓањето на моторот со внатрешно согорување. Тоа предизвика процес на засилени истражувања и утврдување на наоѓалишта со нафта. Така, покрај другите наоѓалишта во светот, **големи нафтени резерви** се утврдени на територијата на Југозападна Азија.

Во услови на големи територии под пустини и непошумени високи планини, населението во Југозападна Азија долго време беше ориентирано кон сточарско и земјоделско стопанство, мошне зависно од наводнување. Токму затоа во Југозападна Азија се изградени голем број хидросистеми по долините на Тигар и Еуфрат, а денес се развиваат најсовремени системи за наводнување – капка по капка, со кои најмногу се одликува Израел. Поради ваквите состојби, населението беше, главно, разместено во приморските територии, околу езерата, во оазите и по долините на неколкуте поголеми реки. **Со развојот на индустријата** во светот (особено во државите од Европа, Јапонија, кои главно немаа поголеми сопствени нафтени резерви, САД и други) и сè помасовното производство и примена на разни транспортни средства (автомобили, бродови, авиони и сл.) по Втората светска војна, нагло се **зголеми побарувачката на нафта.** Во таа смисла, во отсуство на сопствен капитал, во земјите од Југозападна

**ПРАШАЊА**

– Кога се зголемува интересот за експлоатација на нафтата?
– Со што се занимавало населението од Југозападна Азија пред појавата на потребите за нафтата и нафтените деривати во светот?
– Кога се зголемија потребите за нафта, чии компании почнаа да ја експлоатираат нафтата во Југозападна Азија?
– Како нафтата го смени начинот на живеење во земјите од Југозападна Азија?
– Што се гради и како се транспортира нафтата од Југозападна Азија?



Азија експлоатацијата на нафта по принципот 50:50 (ретко кога 75:25) ја вршат мал број **нафтени компании** од САД, од Велика Британија, од Франција, од Холандија, од Јапонија и од Италија. Тие раководат со околу 90% од нафтеното производство во Југозападна Азија.

Големата побарувачка на нафта и нафтени деривати во светот, и покрај принципите на експлоатација, сепак, во земјите на Југозападна Азија овозможуваат такви **финансиски приходи што го менуваат начинот на живеење** на населението во овие земји. Од номадско и полуномадско сточарење, екстензивно земјоделство и живот во приморските области, долините на реките и оазите, денес во земјите од Југозападна Азија се развиени голем број **современо уредени градови и индустриски центри** во кои е развиена разновидна индустрија.

Во голем дел од државите **од нафтата и гасот се остваруваат повеќе од 90% од бруто-домашниот производ.** Голем број од услугите за населението се бесплатни, но со богатството, главно, располагаат одреден број луѓе – шеици, кои во најголем дел владеат со државите. Типични примери се: Кувајт, Обединети Арапски Емирати, Саудиска Арабија итн.

Во функција на развојот и преработката на нафта се **изградени голем број нафтоводи**, преку кои нафтата се транспортира до преработувачките капацитети и до извозните пристаништа на бреговите на Средоземното Море и Персискиот Залив, од каде што се транспортира во индустриски високоразвиените земји-увознички на нафта, како што се Јапонија, Јужна Кореја, САД и земјите од Европа.



*Дубаи*

## ЗАПОМНИ

– Во Југозападна Азија се наоѓаат големи резерви на нафта.
– Експлоатацијата на нафта во Југозападна Азија главно ја вршат мал број компании од САД, од Велика Британија, Франција, од Холандија и од Јапонија.
– Финансиските приходи од нафтата во земјите од Југозападна Азија се толку големи што го менуваат начинот на живеење.
– Транспортот на нафтата се врши преку голем број нафтоводи и со поморски превоз.



*Пустина*



*Експлоатација на нафта*

## ЗАДАЧА

– На карта на Југозападна Азија добро воочи ги наоѓалиштата на нафта, правците на нафтоводите и правците по кои се транспортира нафтата!

## ПРАШАЊА

– Кои природни несреќи предизвикуваат катастрофи во Азија?
– Како резултат на што се случуваат земјотресите и вулканските ерупции во Азија?
– Каде се протега таканаречениот ’огнен појас‘?
– Што се тоа живи вулкани?
– Што предизвикуваат подводните земјотреси и вулкани?
– Кои силни ветрови дуваат во Источна Азија?
– Кои реки предизвикуваат поплави во Источна Азија?
– Зошто лавините не предизвикуваат многу жртви?
– Кога настанува лизгање на земјиштето и каде се случува најчесто?
– Какви се семејствата во Источна Азија според бројот на членови?
– Какви се односите во семејството?
– Каква е улогата на жените во семејството во Источна Азија?
– Кои семејни вредности се карактеристични за луѓето од Источна Азија?
– Како се рефлектира домашното воспитување врз општеството и врз културата?
– Зошто се случуваат промени во културата во современите услови на живеење?
– Какви се природните и климатските одлики во Источна Азија меѓу северните и јужните области?
– Која земјоделска култура е главна во земјоделското производство?
– Освен за пловидба, за што се користатморињата во Источна Азија?
– Каков е индустрискиот развој?
– Каква земја е Кина според стопанскиот развој?
– Што е карактеристично за стопанството на Јапонија?
– Со што се одликуваат стопанствата на Јужна Кореја и на Тајван?
– Какво е стопанството во Северна Кореја?
– Што се Хималаите?
– Каде се наоѓаат Хималаите?
– Кои територии се наоѓаат на север, а кои на југ од Хималаите?
– Како влијаат Хималаите врз климатските прилики?
– Наброј ги вертикалните вегетациски појаси на Хималаите, почнувајќи од пониските простори!
– Со што се одликуваат Хималаите над 3 000 м височина?
– Кои животински видови се среќаваат на Хималаите?
– За што се користат Хималаите со нивните релјефни одлики?
– Зошто се случува лизгање на земјиштето?
– Што претставуваат монсуните?
– Какви монсуни има?
– Како дуваат зимските монсуни и какво време носат?
– Како дуваат летните монсуни и какво време носат?
– Како влијаат монсуните врз животот на луѓето?
– Кои драгоцени дрвенести растенија се среќаваат во Југоисточна и во Јужна Азија?
– Зошто доцнењето на монсуните може да биде катастрофално?
– Каде се наоѓа, колкава површина зафаќа и колку население има Индија?
– Какви природни богатства поседува Индија?
– Зошто се смета за природно богатство должината на морската брегова линија во Индија?
– За што се користат пространите низини во Индија?
– Какво е значењето на реките во Индија?
– Каков е растителниот свет во Индија?
– Со кои видови руди е богата Индија?
– Со кои енергетски суровини располага Индија и каде се разместени?
– Колку народи има во Индија?
– На која група народи припаѓа населението на Индија?
– Кои религии се застапени во Индија?
– Какви се односите меѓу разновидното и бројното население во Индија?
– Кој е најголем проблем за многубројното население во Индија?
– Што се случува со селското население?
– Каква е хигиената во градовите?

– Како се одвива транспортот на населението во Индија?
– Кои држави се вбројуваат во Средна Азија?
– Каква е населеноста во Средна Азија?
– Кои народи го сочинуваат етничкиот состав на населението?
– Какво писмо користат?
– На кои религии припаѓаат народите од Средна Азија?
– Кои земји се индустриско-аграрни, а кои аграрно-индустриски во Средна Азија?
– Која е посебна одлика на земјоделското производство во Средна Азија?
– Што е карактеристично за сточарството?
– Со кои природни богатства располага Средна Азија?
– Кога се зголемува интересот за експлоатација на нафтата?
– Со што се занимавало населението од Југозападна Азија пред појавата на потребите за нафтата и нафтените деривати во светот?
– Кога се зголемија потребите за нафта, чии компании почнаа да ја експлоатираат нафтата во Југозападна Азија?
– Како нафтата го смени начинот на живеење во земјите од Југозападна Азија?
– Што се гради и како се транспортира нафтата од Југозападна Азија?

# СОДРЖИНА

## ЕВРОПА


### 1. ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЕВРОПА

– Географска положба, граници и големина.........................................6
– Брегова разгранетост на европскиот континент.................................8
– Релјефни карактеристики на Европа...............................................10
– Клима и вегетација
  – Климатски услови.............................................................................12
  – Климатско-вегетациски области.......................................................14
– Хидрографија.........................................................................................16
– Прашања................................................................................................18

### 2. СОЦИОГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА ЕВРОПА

– Населението на Европа
  – Основни карактеристики на населението во Европа
  (број на жители и густина на населеност).............................................20
  – Јазична и верска разновидност во Европа..........................................22
  – Населбите во Европа.............................................................................24
– Регионална поделба на Европа...............................................................26
– Европска унија..........................................................................................28
– Прашања....................................................................................................30

### 3. ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНИТЕ ВО ЕВРОПА

– Јужна Европа
  – Географска положба, држави и главни градови ................................32
  – Основни карактеристики на уредувањето на државите.....................34
  – Карактеристични подрачја изложени на земјотреси
  и вулкани, последиците и влијанието врз животот на луѓето.............36
  – Климата и вегетацијата во Јужна Европа............................................38
  – Средоземното Море – основни природно-географски
  карактеристики и стопанско значење......................................................40
  – Сличности и разлики на населението во Јужна Европа.....................42
  – Стопанството и туризмот во Јужна Европа.........................................44
– Западна Европа
  – Географска положба, држави и главни градови..................................46
  – Основни карактеристики на уредувањето на државите.....................48

– Релјефот и климата во Западна Европа.............................................50
– Влијание на морињата врз животот на луѓето (некогаш и денес).......52
– Населението во Западна Европа............................................................54
– Стопанството на Западна Европа (некогаш и денес)...........................56
– Северна Европа
– Географска положба, држави и главни градови.................................58
– Основни карактеристики на уредувањето на државите.....................60
– Улогата на релјефот и на климата врз животот на луѓето во Северна Европа..........................................................................................62
– Карактеристики на морскиот брег и неговото значење.......................64
– Населението во Северна Европа.........................................................66
– Природните ресурси и стопанството на Северна Европа...................68
– Средна Европа
– Географска положба, држави и главни градови.................................70
– Основни карактеристики на уредувањето на државите.....................72
– Основни карактеристики на релјефот и на климата во Средна Европа............................................................74
– Панонската Низина и нејзиното значење за развојот на стопанството.......................................................................76
– Алпите и нивното значење за земјите од Средна Европа..................78
– Реките и нивното значење за животот на луѓето................................80
– Населението во Средна Европа...........................................................82
– Стопанството на Средна Европа (некогаш и денес)............................84
– Источна Европа
– Географска положба, држави и главни градови.................................86
– Основни карактеристики на уредувањето на државите.....................88
– Релјефот и климата во Источна Европа...............................................90
– Речната мрежа – карактеристики, значење и проблеми....................92
– Сличности и разлики на населението во Источна Европа.................94
– Услови за развој на стопанството во Источна Европа........................96
– Прашања.................................................................................................98

## АЗИЈА

### 4. ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА АЗИЈА

– Географска положба, граници и големина.......................................104
– Брегова разгранетост на Азија.............................................................106
– Релјефни одлики на Азија.....................................................................108
– Клима и вегетација
– Климатски услови..................................................................................110
– Климатско-вегетациски области.........................................................112

– Хидрографијата во Азија
  – Реките и нивното значење.....114
  – Езера со светско значење.....116
– Природни богатства на азискиот континент.....118
– Прашања.....120

## 5. СОЦИОГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА АЗИЈА

– Населението на Азија
  – Верска и јазична припадност.....122
  – Култура и обичаи.....124
– Регионална поделба на Азија.....126
– Прашања.....130

## 6. РЕГИОНАЛЕН ПРЕГЛЕД НА АЗИЈА

– Источна Азија
  – Природни катастрофи.....132
  – Населението на Источна Азија (верска припадност, јазик, култура, обичаи).....134
  – Улогата на семејството, културата и традицијата.....136
  – Стопанството на Источна Азија.....138
– Југоисточна и Јужна Азија
  – Хималаи – карактеристики и значење.....140
  – Монсуните и животот на населението.....142
  – Природните богатства на Индија.....144
  – Населението во Индија, богатство и проблеми.....146
– Средна Азија
  – Населението и стопанството на Средна Азија.....148
– Југозападна Азија
  – Нафтата – најголемо богатство на земјите од Југозападна Азија.....150
– Прашања.....152

**Издавач**

Министерство за образование и наука
на Република Македонија

ꕤ

Проф. д-р Благоја Маркоски

**ГЕОГРАФИЈА**

за VII одделение во основното осумгодишно образование

ꕤ

**Подготовка**

Тримакс Картографија – Скопје

*Главен и одговорен уредник*

Љубе Ристовски

*Техничко-графички уредник*

Дејан Бошков

*Лектура*

Нада Костова

*Компјутерска обработка*

Анита Милевска
Елизабета Ангелова
Томислав Димитровски

ꕤ